**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1255

Скопје, 15 февруари 2022 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

Уредник на Билтенот:
*Илија Богоевски*

Лектор:
*Весна Илиевска-Цветановска*

Техничко уредување:
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет***: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1255 ОД 15 февруари 2022 ГОДИНА


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Андреј Јовановски, Благица Којчева, Кристијан Станковски, Симе Мацески, Стефан Велков, Филип Лекоски, Филип Спасевски**)......................................7

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Организациско однесување** од авторите **проф. д-р Бобек Шуклев, проф. д-р Љубомир Дракулевски** и **проф. д-р Александра Јанеска-Илиев**......................................8-16
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ангела Буровска, Анита Трајчевска, Јасминка Васкова-Ташкова, Наташа Ѓорѓевска, Вуко Мелов, Биљана Стојаноска, Димитар Белчовски, Јана Толеска**)......................................17-18
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Иван Дионисијев, м-р Виктор Стојкоски, м-р Мимоза Арифи Исеини, м-р Албулена Мехмети**)......................................19

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Александар Јанковиќ, Филип Димитровски, Јулијана Богданоска**)......................................20

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на три асистенти по предметите **Фармакологија и Клиничка фармакологија** на Медицинскиот факултет - Скопје (**асистент докторанд д-р Бојан Лабачевски, асистент докторанд д-р Александар Никодиновски, асистент докторанд д-р Емилија Шиколе**)......................................21-30
2. Реферат за избор на еден асистент по предметот **Анестезиологија со реанимација** на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Дарко Анѓушев**)......................................31-37

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Арбитрабилност на споровите од областа на конкурентското право** од **м-р Љубен Коцев**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први – Скопје......................................38-48
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ивана Анѓелкоска, Марија Глигорова, Јана Шахова, Марија Велкоска, Дарко Аврамовски, Коста Бојаџиев, Оливер Маркоски, Наташа Блажовска Крстевска, Валериа Николовска, Стефан Јанески, Радица Малиминова Коцевски**)......................................49-50

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: управување со туристички простор (предмет: **Просторното планирање и туризмот**), економика и организација на туризмот (предмет: **Менаџмент во туризмот**), други специфични подрачја (предмети: **Алтернативни форми на туризмот, Просторно планирање и Урбани системи**) на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Дејан Илиев**)......................................51-66
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Христина Кочоска, Александра Наумоска, Кире Стојановски**)......................................67
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Моника Стојановска Пецова**)......................................68

4. **Исправка** на техничка грешка во рецензијата на ракописот **Збирка решени задачи од алгебарска топологија** од авторот **проф. д-р Мартин Шоптрајанов,** објавена во Билтенот број 1254 од 1.2.2022 година на страница 329..................................................69

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**д-р Анета Ангеловска**)..........................................................................................................70

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хемија, неорганска хемиска технологија (стакло, глина, порцелан, керамика), и погонски материјали (горива и технологија на конверзија на енергија) на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Билјана Анѓушева**)..........................................................................................................71-84
2. Рецензија на ракописот **Токсикологија на храна** од авторите **проф. д-р Зоран Кавраковски** и **проф. д-р Весна Рафајловска**...................................................85-95

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (**вонр. проф. д-р Деан Јанкулоски**)..........................................................................................................96-114

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Рецензија на учебникот/учебното помагало **Македонска драма и театар – современи рефлексии, е-издание**, од авторката **проф. д-р Ана Стојаноска**, од Факултетот за драмски уметности – Скопје..........................................................................115-119
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Кристина Леловац**)..........................................................................................................120

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање – вонреден професор по предметите од наставно-научната област 20300-електроенергетски мрежи и системи на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (**доц. д-р Јорданчо Ангелов**)..........................................................................................121-146
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Евица Смилкоска, Маријана Симуноска, Благој Христов, Станислава Секирарска Стојковска, Сандра Костова, Дарко Ристески, Амед Абдураманов, Ина Андреевска, Драган Карамачоски, Емил Георгиев, Кристина Јаневска, Мартина Попоска, Мими Јовановска, Мартина Каранфиловска, Македонка Костеска Ивановска, Даме Ивановски, Атанас Гоцоски, Ангела Богдановска, Фросина Максимоска, Ема Силјаноска, Димитар Димитров**)....................................................................147-151

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје (**вонр. проф. д-р Соња Гиевска**)...................................................................152-170

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): видови инструменти (дувачки – тромбон) (60910), без засновање работен однос, на Факултетот за музичка уметност – Скопје (**м-р Димче Белчовски**)..........................................................................................................171-177

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**
1. Рецензија на ракописот **Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот** од авторката **Даниела Шукова Стојмановска**........................................178-187

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Компаративна студија на системите за заштита на децата жртви на полов напад во Република Северна Македонија и Република Словенија** од **м-р Наташа Димеска**, пријавена на Филозофскиот факултет – Скопје.........................................................................................................188-197

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Трајанка Аврамовска, Беса Дрндар, Изабела Целевска, Деа Крстевска, Марија Марковска, Христина Марковска, Исра Ќаили, Марија Атанасова, Константин Стојановски, Василија Миовска, Ерен Малик, Наталија Тоневска-Каровска, Марија Кулеска**)........................................................................................................198-199

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**
1. Реферат за избор на наставник во звање – насловен доцент/насловен вонреден професор во наставно-научната област човекови права и слободи на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје (**д-р Јелена Ристиќ**)...200-220
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на организациската структура и организациската култура врз перформансите на вработените во производствениот сектор** од **м-р Јасна Пајковска**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје.....................................221-230

**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО**
1. Исправка на реферат-корегиран реферат за избор на 1 (едно) лице во сите научни звања во научната област сточарство и млекарство (технологија на млеко и млечни производи) на Институтот за сточарство – Скопје (**виш. науч. сор. д-р Наташа Матева**)..........................................................................................................231-246
2. Реферат за избор на асистент истражувач во научната област рибарство (409) во Институтот за сточарство – Скопје (**м-р Ирина Маневска**)...................................247-255

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Весникот „Албанија“ како извор за приликите во Македонија и Албанија 1897 – 1909 година** од **м-р Албнора Муса**, пријавена на Институтот за национална историја – Скопје.................................256-258

ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје, УКИМ - 511. СЕДНИЦА НА ННС ОД 09.02.2022

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Андреј Јовановски, дипл. град. инж | Споредбени анализи на системи за јавен превоз во урбана средина | Comparative analyses of public urban transport systems | проф. д-р Слободан Огњеновиќ, Градежен факултет | 10.02.2022 0202/92-6 |
| 2 | Благица Којчева, дипл. геод. инж. | Администрирања во националниот катастарски систем поддржани со платформата еКАТ шалтер | ADMINISTRATING OF THE NATIONAL CADASTRE SYSTEM SUPPORTED BY eCAT FRONT DESk PLATFORM | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет | 10.02.2022 0202/92-5 |
| 3 | Кристијан Станковски, дипл. геод. инж | Улога на катастарскиот систем во администрирање на недвижности во постапка на извршување на ризични кредитни пласмани | Role of the cadastral system in real estate administration in the procedure of execution of risky credit placements | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет | 10.02.2022 0202/92-4 |
| 4 | Симе Мацески, дипл. геод. инж. | Класифицирани пристапи за утврдување вредност на недвижност за земјиште како наменска искористеност | CIASSIFIED APPROACHES FOR ESTABLISHMENT 0F THE VALUE 0F A REAL ESTATE FOR LAND AS EARMARkED UTILIZATlON | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет | 10.02.2022 0202/92-3 |
| 5 | Стефан Велков, дипл. град. инж. | Споредбена анализа на аголен далекуводен столб според македонски и европски стандарди | COMPARATIVE ANALYSIS OF ANGLE TRANSMISSION TOWER ACCORDING TO MACEDONIAN AND EUROPEAN STANDARDS | доц. д-р Миле Партиков, Градежен факултет | 10.02.2022 0202/92-2 |
| 6 | Филип Лекоски, дипл. геод. инж | Стандарди за проценка на вредност на земјиште при откуп за јавни потреби во САД | STANDARDS FOR ASSESSMENT OF LAND VALUE WHEN PURCHASING FOR PUBLIC NEEDS IN USA | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет | 10.02.2022 0202/92-7 |
| 7 | Филип Спасевски, дипл. град. инж | Анализа на челична конструкција на далекуводен столб во согласност со Еврокод | STEEL STRUCTURE ANALYSIS 0F TRANSMISSION TOWER IN ACCORDANCE WITH EUROCODE | проф. д-р Денис Поповски, Градежен факултет | 10.02.2022 0202/92-1 |

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ОРГАНИЗАЦИСКО ОДНЕСУВАЊЕ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БОБЕК ШУКЛЕВ, ПРОФ. Д-Р ЉУБОМИР ДРАКУЛЕВСКИ И ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА ЈАНЕСКА-ИЛИЕВ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седница одржана на 30.11.2021, бр. 02-2210/3, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Организациско однесување“ од авторите: проф. д-р Бобек Шуклев, проф. д-р Љубомир Дракулевски и проф. д-р Александра Јанеска-Илиев, наменет за студентите на Економскиот факултет во Скопје, за предметот Организациско однесување, избрани се: проф. д-р Леонид Наков и проф. д-р Стојан Дебарлиев.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Организациско однесување |
| **Назив на предметната програма:** | Организациско однесување |
| **Назив на студиската програма:** | Менаџмент |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | 60+30 = 90 |
| Предметот Организациско однесување на Економскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 60+30, број на ЕКТС-кредити 8 и се слуша во втор (летен) семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание. |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 310 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 глави (фусноти кон главите) и содржи 62 слики и 37 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**
**Проф. д-р Стојан Дебарлиев, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Леонид Наков

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот под наслов „Организациско однесување“, од проф. д-р Бобек Шуклев, проф. д-р Љубомир Дракулевски и проф. д-р Александра Јанеска Илиев, претставува современ учебник кој третира актуелни теми од областа на организациското однесување. Поставеноста и содржината на овој универзитетски учебник се во согласност со стандардите на она што се користи во наставно-образовниот процес во рамките на високорангираните универзитети во светот. Дискусиите се поставени на еден логичен и кохерентен начин, фокусирајќи се на три базични нивоа: поединец, група и организација. Намерата на авторите е да обезбедат соодветно разбирање на организацискиот контекст, кое треба да обезбеди основа за остварување на организациска ефективност и ефикасност во работењето. Корисниците на овој учебник имаат можност да ги совладаат различните концепти, теории и техники поврзани со организациското однесување, како од теоретска, така и од практична димензија, со цел да се креира повисоко ниво на свесност за организациските дилеми и како тие да се разрешуваат. Текстот на овој универзитетски учебник опфаќа шест глави.<br><br>Првата глава, „Природата на организациското однесување“, ги дефинира предметот на истражување, основите на анализата на организацијата како отворен систем и анализата на организациското однесување како научна област. Потоа се анализира односот на организациското однесување и бихејвиористичките науки (психологија, социологија, социјална психологија, антропологија и политички науки), за потоа да се анализира односот со сродните научни дисциплини од областа на организациските науки. Посебно внимание се посветува на односот меѓу организациското однесување и менаџментот, како и на можните приоди кон организациското однесување. Поради улогата и значењето на менаџерите во процесите на водење на претпријатијата се анализираат менаџерите, нивните улоги и способности што треба да ги поседуваат. Последниот дел од оваа глава е посветен на развојот на мислата за улогата и однесувањето на човекот во организацијата (структурните, бихејвиористичките и интегративните приоди).<br><br>Втората глава, „Поединецот и организацијата“, навлегува во анализа на ефективноста на |

| | |
|---|---|
| | поединецот. За таа цел се анализираат детерминантите кои влијаат на неговото однесување. Во оваа насока се разработуваат: вредностите и ставовите на поединецот, неговата личност, перцепцијата и како луѓето ги гледаат работите, како поединецот учи и кои способности треба да ги поседува.<br><br>Третата глава, „Мотивација“, ја разработува мотивацијата на поединецот. Најпрвин се објаснува природата на мотивацијата, за потоа да се разработат теориите на мотивација (содржински, процесни и други теории). Врз основа на тоа се анализира улогата на менаџерот во процесот на мотивирањето на вработените за да се даде акцент на примената на теориите на мотивација при обликувањето на работните задачи на вработените кои би биле мотивирачки. На крај се разработува моделот на карактеристики на работата и факторите кои делуваат.<br><br>Четвртата глава, „Групи и тимови“, навлегува во анализа на ефективноста на групата преку разбирање на групната динамика. Се објаснува групата како отворен систем, се анализираат предностите и слабостите на групното одлучување, се согледуваат факторите кои влијаат на формирањето на групите, фазите во развој на групите, нивните карактеристики и видовите групи. Посебно внимание се дава на конфликтите и управувањето со нив во насока на подобро извршување на работата. Вториот дел од оваа глава е посветен на тимовите и тимското работење, во што се разликува од работењето во група, какви видови на тимови се применуваат, виртуелните и самоуправувани тимови во денешново дигитално време и др.<br><br>Петата глава, „Лидерство“, навлегува во односите на лидерот и следбеникот. Се анализира природата на лидерството, односот на лидерството и менаџментот, кои се лидери, а кои менаџери. Потоа се разработуваат теориите за лидерство, почнувајќи од теоријата на карактерни црти, бихејвиористичките теории, ситуационите теории кон лидерството за посебно внимание да се даде на современите пристапи на харизматично и трансформационо лидерство. За подобро разбирање на лидерството, на крај се објаснува зошто понекогаш лидерството е ирелевантно, но и се даваат насоки за развој на суперлидерство.<br><br>Шестата глава, „Организациски процеси“, ја анализира ефективноста на организациските |

| | |
|---|---|
| | процеси. Во таа насока се анализираат влијанието, авторитетот и моќта, за преку организациските политики да се навлезе во суштината на управувањето со влијанието и моќта во организацијата. Посебно внимание се посветува на анализирање на културата во организацијата и нејзиниот придонес кон ефективноста на организацијата. На крајот се завршува со процесот на промени во организацијата и организацискиот развој.<br>На крајот од секоја глава наведени се вкупно 260 референци кои опфаќаат статии, учебници, книги и интернет-страници соодветно распоредени, од кои најголемиот број се од англиското говорно подрачје. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Предложениот текст за учебник во целост е усогласен со акредитирана предметна програма по предметот Организациско однесување на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Минимални технички подобрувања на текстот. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот за учебник под наслов „Организациско однесување“, од авторите проф. д-р Бобек Шуклев, проф. д-р Љубомир Дракулевски и проф. д-р Александра Јанеска Илиев, покрива исклучително значајна област од организациските науки, која обезбедува силна насока за разбирање и проучување на дополнителни тематски единици. Авторите успеале оваа сложена материја целосно да ја компримираат во текст целосно приспособен за студентите од прва студиска година, кој е лесно читлив и разбирлив, при што се испочитувани сите академски стандарди за изработка на учебник.<br>Направена е селекција на теоретските и апликативните содржини, а соодветно е посветено е и внимание на актуелни прашања кои допрва ќе бидат предмет од интерес на поширок аудиториум. Оттука, поднесеното дело е интересно не само за студентите, туку и за пошироката академска јавност што е дел од заедницата која се занимава со прашањата на ефективноста на организациите. Текстот е изработен според најсовремените стандарди, а како дополнување, дадени се бројни примери, слики и табели кои се во насока на подобро восприемање на текстот.<br>Придонесот на предложениот учебник дополнително се засилува со фактот што ваков тип на печатено издание или форма на учебник недостасува во пошироки рамки. Текстот се соодветно технички обработен, а јазикот е лесен и разбирлив. |
| **Категоризација:** | универзитетски учебник |

| | |
|---|---|
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 310 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 глави (фусноти кон главите) и содржи 62 слики и 37 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Организациско однесување, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет.

Во Скопје, 11.2.2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р СТОЈАН ДЕБАРЛИЕВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот насловен „Организациско однесување“, од авторите проф. д-р Бобек Шуклев, проф. д-р Љубомир Дракулевски и проф. д-р Александра Јанеска Илиев, е учебник кој покрива современи теми од областа на организациското однесување. Може да се истакне дека овој ракопис е работен согласно со програмата на овој предмет што се предава на Економскиот факултет во Скопје, а е усогласен со учебниците кои се користат на најреномираните универзитети на истоимениот предмет. Материјата што е предмет на анализа ја разработува ефективноста на работењето на организацијата од аспект на анализа на индивидуалните процеси, анализа на процесите во групите и анализа на процесите на ниво на организацијата. Бихејвиористичките науки имаат интенција да им помогнат на луѓето да го разберат сопственото однесување, како и однесувањето на останатите во организацијата. Луѓето се центарот на секоја организација и без луѓето не би постоеле организациите, па затоа е потребно да се разберат односите кои ги градат поединечно, групно и на организациско ниво. Комплексноста на овие односи е адресирана во рамките на овој учебник низ различни теоретски и апликативни концепти кои обезбедуваат можност подобро да се разберат сите појави во организацискиот контекст.<br><br>Во рамките на првата глава со наслов: „Природата на организациското однесување“, најпрво се дефинира предметот на истражување, основите на анализата на организацијата како отворен систем и анализа на организациското однесување како научна област. Потоа анализата продолжува во делот на организациското однесување и бихејвиористичките науки како што се: психологија, социологија, социјална психологија, антропологија и политички науки, а и со останатите сродни научни дисциплини од областа на организациските науки. Односот на организациското однесување и менаџментот е засебна дискусија, заедно со можните приоди кон организациското однесување. Во таа насока, улогата и значењето на менаџерите во процесите на водење на претпријатијата се посебно истакнати, како и способностите што треба да ги поседуваат менаџерите во нивните улоги. Оваа глава се заокружува со развојот на мислата за улогата и однесувањето на човекот во организацијата (структурни приоди, бихејвиористички приоди и интегративни приоди). |

| | |
|---|---|
| | Во втората глава, со наслов: „Поединецот и организацијата“, централна тема е ефективноста на поединецот. Во тој контекст се определуваат основните детерминанти на однесувањето на поединецот. Логично тематски се разработуваат: вредностите и ставовите на поединецот, неговата личноста, перцепцијата и како луѓето ги гледаат работите, како поединецот учи и кои способности треба да ги поседува. Тоа обезбедува една целосна анализа со цел подобро да се разбере однесувањето на поединците во организацијата.<br><br>Во рамките на третата глава со наслов: „Мотивација“, се анализира мотивацијата како една од најзначајните димензии поврзани со поединецот во организациски контекст. Па така, вклучена е дискусија поврзана со природата на мотивацијата, а потоа се разработени теориите на мотивација (содржински, процесни и други теории на мотивацијата). Од посебен интерес е односот на менаџерот со процесите на мотивација. Во таа насока логично се наметнува фокус на примената на теориите на мотивација при обликувањето на работните задачи на вработените. Моделот на карактеристики на работата е последната тематска единица која се истакнува засебно вклучувајќи доста детален пристап и дискусија за инструментите вклучени во овој модел.<br><br>Во рамките на четвртата глава, „Групи и тимови“, централна дискусија е ефективноста на групата и идејата е таа да се разбере полесно преку групната динамика. Групата како отворен систем е иницијална, за дополнително да се анализираат предностите и слабостите на групното одлучување. Потоа се анализира процесот на формирањето на групите, фазите во развој на групите, нивните карактеристики и видовите групи. Конфликтите и управувањето со нив во насока на подобро извршување на работата се посебно разграничени, а сепак елементарни за да се разбере групната дискусија. На крај, тимовите и тимското работење заслужува посебен фокус и во таа смисла се прави дистинкција од работењето во група, утврдувајќи ги видовите на виртуелните и самоуправувани тимови кои сè повеќе се наметнуваат во сите теоретски и апликативни анализи.<br><br>Во рамките на петата глава, со наслов: „Лидерство“ е поставена анализа за односите помеѓу лидерството и следбеништвото. Иницијално се истакнува приро-дата на лидерството, односот на лидерството и менаџментот, кои се лидери, а кои менаџери. Се разбира, не може да бидат |

| | |
|---|---|
| | заобиколени основните теоретски рамки врзани за лидерството, почнувајќи од теоријата на карактерни црти, бихејвиористич-ките теории, ситуациониот пристап кон лидерството, а посебно внимание е дадено и на современите пристапи на харизматично и трансформационо лидерство. Оваа глава секако вклучува и дел од современите концепти врзани за лидерството, како што се супститутите на лидерството и суперлидерството, кои даваат сосем различен пристап кон лидерството, дури градејќи основа дека лидерството не е потребно во таа традиционална смисла како што досега е претставено.<br><br>Во рамките на шестата глава насловена „Организациски процеси“, централна дискусија е ефективноста на организациските процеси. Па во тој контекст, како централни теми се вклучени влијанието, авторитетот и моќта, за преку организациските политики да се навлезе во суштината на управувањето со влијанието и моќта во организацијата. Културата во организацијата и нејзиниот придонес кон ефективноста на организацијата е посебна дискусија која заслужува внимание и станува сè поактуелна тема. Природно следува анализата на процесот на промени во организацијата и организацискиот развој.<br>На крајот од секоја глава наведени се вкупно 260 референци кои опфаќаат статии, учебници, книги и интернет-страници соодветно распоредени, од кои најголемиот број се од англиското говорно подрачје. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Предложениот текст за учебник во целост е усогласен со акредитирана предметна програма по предметот Организациско однесување на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ. |
| **Предлози за потребни корекции:** | технички интервенции. |
| **Оцена на ракописот:** | Предлогот материјал по однос на учебникот насловен „Организациско однесување“, од авторите проф. д-р Бобек Шуклев, проф. д-р Љубомир Дракулевски и проф. д-р Александра Јанеска Илиев, обезбедува широка дискусија поврзана со делот на организациските науки. Поставеноста на темата е целосно во согласност со стандардите за еден универзитетски учебник. Текстот е соодветно технички обработен, а јазикот е лесен и разбирлив. Дискусијата и анализата во рамките на ракописот се логични и конзистентни, што ги прави особено погодни за студентите од прва година кои иницијално ќе се сретнат со оваа тема. Интересот на ваквиот учебник ќе биде истовремено предизвикан |

| | |
|---|---|
| | кај сите оние што се дел и од академската заедница од едноставна причина што покрива и теоретски и апликативни елементи кои истовремено се поврзани со теми кои допрва ќе добијат на актуелност. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 310 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 (шест) глави (фусноти кон главите) и содржи 62 слики и 37 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Организациско однесување, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет.

Во Скопје, 11.2.2022 година

**Рецензент**
**Проф. д-р Стојан Дебарлиев, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ангела Буровска | „Евалуација на ефектите од управувањето со готовинските текови врз финансиските перформанси на компаниите – анализа на примерок од индустриски компании котирани на Македонската Берза“ | „Evaluation of the effect of cash flow management activities on financial performance – analysis of companies from the industrial sector listed on the Macedonian Stock Exchange“ | проф. д-р Александар Наумоски | 1.2.2022 02-84/13 |
| 2. | Анита Трајчевска | „Зголемување на транспарентноста на јавните набавки преку воведување на Електронски систем за јавни набавки” | “Increasing the transparency of public procurement through the introduction of an Electronic Public Procurement System” | проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска | 1.2.2022 02-25/2 |
| 3. | Јасминка Васкова-Ташкова | „Флексибилните начини на работење како предизвик за современиот менаџмент на човечките ресурси“ | „Flexible working arrangements: a challenge for the contemporary human resource management“ | проф. д-р Љупчо Ефтимов | 1.2.2022 02-84/15 |
| 4. | Наташа Ѓорѓевска | „Брендирање на работодавецот во странските компании во Република Северна Македонија“ | „Employer Branding in Foreign Companies in the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Стојан Дебарлиев | 1.2.2022 02-98/2 |
| 5. | Вуко Мелов | „Прогресивното оданочување и доходната нееднаквост“ | „Progressive taxation and income inequality“ | проф. д-р Сузана Макрешанска Младеновска | 1.2.2022 02-48/2 |
| 6. | Биљана Стојаноска | „Ефектите од фискалната децентрализација врз образованието во Република С.Македонија | „Effects of fiscal decentralization on education in the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Сузана Макрешанска Младеновска | 1.2.2022 01-84/12 |
| 7. | Димитар Белчовски | „Монетарен пристап во анализа на билансот на плаќање – случајот на Република Северна Македонија и одбрани земји” | „Monetary approach to the Balance of Payments – the case of the Republic of North Macedonia and selected economies“ | проф. д-р Ѓорѓи Гоцков | 1.2.2022 02-90/2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Јана Толеска | „Стратегии и методологии во ревизијата за идентификување на можни измами вофинансиските извештаи”, | „Auditing strategies and methodologies for identifying possible fraud in the Financial Statements“ | проф. д-р Атанаско Атанасовски | 1.2.2022 02-84/14 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

| Ред Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Иван Дионисијев | „Врховната ревизорска институција во Република Северна Македонија - еволуција, предизвици и перспективи“ | "The supreme audit institution in the republic of North Macedonia - evolution, challenges and perspectives " | проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска | 1.2.2022 година Бр. 02-104/3 |
| | М-р Виктор Стојкоски | „Улогата на неергодичноста во вреднувањето на финансиски средства, динамиката на доход и динамиката на богатсвата: Теоретски резултати и емпириски примери„ | „The role of non-ergodicity in asset pricing, income dynamics and wealth dynamics: Theoretical results and empirical applications„ | Проф.д-р Драган Тевдовски | 1.2.2022 година Бр.02-84/19 |
| | М-р Мимоза Арифи Исени | ,,Креирање на конкурентската предност за малите и средните претпријатија во Република Северна Македонија со користење на технологиите на четвртата индустриска револуција: Делфи пристап’’ | "Creating competitive advantage of small and medium enterprises in the Republic of North Macedonia by using the technologies of the fourth industrial revolution:Delphi Approach" | Проф.д-р Виолета Цветкоска | 1.2.2022 година Бр. 02-84/18 |
| | М-р Албулена Мехмети | „Фактори кои влијаат на имплементацијата на управувањето на ризикот во претпријатијата и неговото влијание врз перформансите на фирмите“ | “Factors affecting implementation of Enterprise Risk Management (ERM) and its impact on firms' performance” | Проф.д-р Александар Наумоски | 1.2.2022 година Бр. 02-84/17 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на теми за изработка на магистерски труд прифатени од**
**Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје**
на седницата одржана преку видеоконференциска платформа на 27 јануари 2022 година

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Александар Јанковиќ | Развој на методологија за изготвување на прилагодлив дизајн на ентериер на автономно возило наменето за лица со попречености | Methodology Development for Generating Adaptive Interior Design of Autonomous Vehicle for People with Disabilities | Вон. проф. д-р Ташко Ризов | 02-90/2 27.01.2022 год. |
| 2. | Филип Димитровски | Споредбена анализа на PID и “Deep RL“ при управување на безпилотно летало со вертикално полетување и слетување | Comparative Analysis between PID and Deep RL Control Algorithms in VTOL Aircraft | Проф. д-р Златко Петрески | 02-72/2 27.01.2022 год. |
| 3. | Јулијана Богданоска | Техно-економска анализа и избор на типот на цевки при изградба на дистрибутивна гасоводна мрежа | Techno-Economic Analysis and Selection of Pipe Type for Gas Distribution Pipeline Network Construction | Проф. д-р Зоран Марков | 02-65/2 27.01.2022 год. |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ТРИ АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ФАРМАКОЛОГИЈА И КЛИНИЧКА ФАРМАКОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на 3.12.2021 година, за избор на три асистенти по предметите: Фармакологија и Клиничка фармакологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, бр. 02-5523/41, донесена на 21.12.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Димче Зафиров, проф. д-р Јасмина Тројачанец и проф. д-р Круме Јаќовски.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на три асистенти по предметите: Фармакологија и Клиничка фармакологија, во предвидениот рок се пријавија: асистент докторанд д-р Бојан Лабачевски, асистент докторанд д-р Александар Никодиновски и асистент докторанд д-р Емилија Шиколе.

### 1. АСИСТЕНТ ДОКТОРАНД Д-Р БОЈАН ЛАБАЧЕВСКИ

**Биографски податоци и образование**

Кандидатот д-р Бојан Лабачевски е роден во Скопје, на 31.1.1985 година. Основно образование завршил во Основното училиште „Димитар Миладинов” во Скопје со одличен успех, а средно образование завршил во средното училиште ,,Никола Карев”, исто така со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во 2004 година, а дипломирал на 15.12.2010 година со просечна оценка 9,41. Во 2010 година се вработил во АЛКАЛОИД АД – Скопје и работел како медицински претставник. Од декември 2012 до 1.1.2015 г. бил вработен на Институтот за патологија при Медицинскиот факултет во Скопје, а од 1.1.2015 г. е вработен на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијата по клиничка фармакологија ја започнал на 1.6.2015 година, а се здобил со звањето доктор специјалист по клиничка фармакологија на 4.3.2020 година.

Активно го владее англискиот јазик, што го потврдува со соодветен сертификат за положен испит бр. 03-1901/2 од 19.11.2021 година, издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески” при УКИМ – Скопје (Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)).

**Стручна активност**

Кандидатот д-р Бојан Лабачевски е активно вклучен во редовните работни активности на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје и учествува на стручните состаноци на Институтот, како и во изведувањето на клинички студии и практична настава по фармакологија за студентите по медицина и стоматологија.

Во текот на студиите бил активен во организацијата на студентите по медицина, и тоа од 2004 до 2006 г., како делегат во собранието на Сојузот на студенти.

Во декември 2015 г. го завршил курсот за обука за кардиопулмонална и церебрална реанимација на Медицинскиот факултет во Скопје, како и курсот за обнова за обнова на знаењата во 2019 година.

Има завршено повеќе тренинзи за GCP (Добра клиничка пракса), вклучувајќи и тренинзи за одит и мониторинг во клинички испитувања. Во последните 7 години учествува на сите едукативни и собири за обнова на знаењата кои се организирани од страна на стручниот колегиум на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

1. Rubens Jovanovic, Aleksandar Eftimov, Svetozar Antovic, Ognen Kostovski, **Bojan Labachevski**, Aleksandar Nikodinovski, Gordana Petrusevska, Institute of Pathology, Faculti of Medicine, Skopje, Republic of Macedonia; University Clinic of Digestiv Surgery, Faculty of Medicine, Skopje, Republic of Macedonia; Institute of Preclinical and Clinical Pharmacology with Toxicology, Faculty of Medicine, Skopje, Republic of Macedonia, Inflammotory Pseudotumor/Unflammatory Myofibroblastic Tumor of Spleen – A Case Report, Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences.2020 Apr 25;8(C):66-70.

2. Dimce Zafirov, Jasmina Trojacanec, Dragica Zendelovska, Nikola Kolovcevski, Bojan Labacevski: Comparative single-dose bioavailability study of two 10 mg Zolpidem tablet formulations in healthy volunteers. Macedonian pharmaceutical bulletin 65 (1):11-17, 2019.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** *Бојан Никола Лабачевски*
(име, татково име и презиме)

**Институција:** *Институт за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје*
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** *Фармакологија*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,41. | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1.Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение Б2<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески”, УКИМ, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 19.11.2021 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Димче Зафиров, с.р.**
**Проф. д-р Јасмина Тројачанец, с.р.**
**Проф. д-р Круме Јаќовски, с.р.**

1. **АСИСТЕНТ ДОКТОРАНД Д-Р АЛЕКСАНДАР НИКОДИНОВСКИ**

**Биографски податоци и образование**

Кандидатот д-р Александар Никодиновски е роден во Скопје, на 2.10.1988 година. Основно образование завршил во Основното училиште „Братство” во Скопје со одличен успех, а средно образование завршил во средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов”, исто така со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во 2007 година, а дипломирал на 28.5.2013 година со просечна оценка 9,54. Стручниот испит за лекари во Лекарската комора на Република Македонија го положил на 29.11.2013 г. Од 26.9.2014 година е вработен на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијата по клиничка фармакологија ја започнал на 1.6.2015 година, а се здобил со звањето доктор специјалист по клиничка фармакологија на 9.3.2021 година.

Активно го владее англискиот јазик, што го потврдува со соодветен сертификат за положен испит (Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)).

**Стручна активност**

Кандидатот д-р Александар Никодиновски е активно вклучен во редовните работни активности на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје и учествува на стручните состаноци на Институтот, како и во изведувањето на клинички студии и практична настава по фармакологија за студентите по медицина и стоматологија.

Во текот на студиите бил активен во организацијата на студентите по медицина, и тоа од 2010 до 2012 г., како делегат во собранието на Сојузот на студенти.

Успешно го завршил курсот за обука за Internal auditor and quality manager in medical laboratories според стандардот EN ISO 19011: 2011-EN ISO 15189-2011, што се одржал во Скопје, 3 – 5 јуни 2015 г., во организација на Inter Project Ltd од Софија.

На 12 јуни 2015 г. учествувал на стручниот состанок на тема: „Оправданост на медицинската употреба на Cannabis Sativa”, одржан на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Во декември 2015 г. го завршил курсот за обука за кардиопулмонална и церебрална реанимација на Медицинскиот факултет во Скопје, како и курсот за обнова на знаењата во 2019 година.

Во периодот 15 – 16.9.2016 г., учествувал на Вториот симпозиум на Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Македонија со наслов: „Легализација на канабисот за употреба во медицински цели во Република Македонија”.

**Научноистражувачка дејност**

1. Mimoza Stamekovska, Nikola Nadzi-Petrushev, **Aleksandar Nikodinovski**, Hristov Gagov, Natalija Atanasova-Panchevska, Vadim Mitrokhin, Andre Kamkin & Mitko Mladenov (2021) Application of curcumine and its derivatives in the treatment of cardiovascular diseases: a review, Intrnational Journal of Food Properties, 24:1, 1510-1528, DOI: 10.1080/10942912.2021.1977655.

2. Rubens Jovanovic, Aleksandar Eftimov, Svetozar Antovic, Ognen Kostovski, Bojan Labachevski, **Aleksandar Nikodinovski**, Gordana Petrusevska, Institute of Pathology, Faculti of Medicine, Skopje, Republic of Macedonia; University Clinic of Digestiv Surgery, Faculty of Medicine, Skopje, Republic of Macedonia; Institute of Preclinical and Clinical Pharmacology with Toxicology, Faculty of Medicine, Skopje, Republic of Macedonia, Inflammotory Pseudotumor/Unflammatory Myofibroblastic Tumor of Spleen – A Case Report, Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences.2020 Apr 25;8(C):66-70.

3. Kostovski O, Spasevska L, Kostovska I, **Nikodinovski A**, Jankulovski N, University Clinic for Digestiv Surgery, Skopje, Institute of Pathology, Medical Faculty, Skopje, Institute of Medical and Experimental Biochemistry, Medical Faculty, Skopje, Department fo Preclinical and Clinical Pharmacology, Medical Faculty, Skopje. MOLECULAR CHARACTERISTICS OF COLORECTAL CARCINOGENESIS – COMPARED ANALYSES OF NORMAL CARCINOGENESIS AND CANCER STEM CELL MODEL. MEDICUS Suplement I (1), 2017, ISSN 1409-6366 UDC 61.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** *Александар Љупчо Никодиновски*
(име, татково име и презиме)
**Институција**: *Институт за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија*
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** *ФАРМАКОЛОГИЈА СО ТОКСИКОЛОГИЈА*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,54 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение Б2<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 19.11.2021 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Димче Зафиров, с.р.**
**Проф. д-р Јасмина Тројачанец, с.р.**
**Проф. д-р Круме Јаќовски, с.р.**

**2. АСИСТЕНТ ДОКТОРАНД Д-Р ЕМИЛИЈА ШИКОЛЕ**

**Биографски податоци и образование**

Емилија Шиколе е родена во Скопје, на 22.12.1988 г. Основно училиште завршила во ОУ „Петар Поп Арсов”, Скопје, со одличен успех. Средно училиште завршила во гимназијата ДСУ „Никола Карев” во Скопје, исто така со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 2007 г. и го завршила во 2013 г. со среден просек 9,45. Стручниот испит за лекари го положила во февруари 2014 г. во Лекарската комора на Република Северна Македонија.

Во текот на школувањето активно го изучувала англискиот јазик и се здобила со повеќе сертификати. Комплетирајќи го 9. курс по англиски јазик (FCE), го добила завршниот сертификат. Во 2002 г. завршила интензивен курс по англиски јазик во гимназијата “NOVA”. Емилија Шиколе активно зборува, чита и пишува на англиски јазик. Во 2010 г. завршила курс по германски јазик Б1-ниво.

Емилија Шиколе поседува уверение за познавање на компјутерските програми: MS Windows, MS Word, MS Exel, MS Powerpoint, MS Outlook Express и Photoshop.

Од 26.9.2014 година е вработена на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Активно е вклучена во наставата по Фармакологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Специјализацијата по клиничка фармакологија ја започнала на 1.6.2015 година, а специјалистичкиот испит и го положила и се здобила со звањето доктор специјалист по клиничка фармакологија на 30.6.2020 година.

**Стручна активност**

Кандидатката д-р Емилија Шиколе е активно вклучена во редовните работни активности на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија при Медицинскиот факултет во Скопје и учествува на стручните состаноци на Институтот, како и во изведувањето на клинички студии и практична настава по фармакологија за студентите по медицина и стоматологија.

Во текот на студиите учествувала во работата на 34. Меѓународен медицински научен конгрес на студентите по медицина и младите доктори, што се одржал од 12 до 15 мај 2011 г. во Охрид, со презентација на труд. Во април 2012 г. учествувала во работата на Националната научна и едукативна работилница под наслов: „Анемија и исхранетост кај бремени жени и деца до 5 години”, одржана под покровителство на Министерството за здравство на Република Македонија и UNICEF.

На 12 јуни 2015 г. учествувала на стручниот состанок на тема: ,,Оправданост на медицинската употреба на Cannabis Sativa”, одржан на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Во декември 2015 г. го завршила курсот за обука за кардиопулмонална и церебрална реанимација на Медицинскиот факултет во Скопје, како и курсот за обнова за обнова на знаењата во 2019 година.

**Научноистражувачка дејност**

1. Chibishev A., Zdravkovska M., Smokovski I., Miletic M., Glasnovic M., **Shikole E.**:Post- corrosive complications in different age intervals. Sylwan 2013, 159(3): 358-373.
2. Chibishev A., Perevska Z., Simonovska N., Petkovska L., Miletic M., Shikole E.: Sever mushroom poisoning in one Macedonian family. Int J Artif Organs 2015, Sep 18; 38(8): 425-32
3. Avramovski P., Avramovska M., Arsovska-Nalbanti M., Nikolovski P., Shikole E.,:Do patients with rheumatoid arthritis have aorta stiffer than general population?. The Egyptian Journal of Medicine 2018, 30:145-153.

4. Avramovski P, Avramovska M, Sikole E (2017) Improved detection of metastases by color Doppler ultrasonography. Res Rev Insights1: DOI: 10.15761/RRI.1000102
5. Chibishev A., Davceva N., Shikole E., Bozinovska C.,: Acute Corrosive poisonings-Frequent cause for fatal outcome. February, 2018 The American journal of emergency medicine 36(10).
6. Chibishev A., Petkovska L., Tozija L., Shikole E.,: The Role of Hemodialysis in Treatment of Acute Acetic Acid Poisonings. May 2017, The international journal of artificial organs 40(5).
7. Chibishev A., Markoski V., Smokovski I., Shikole E., Stevcevska A.,: Nutritional Therapy in the Treatment of Acute Corrosive Intoxication in Adults. February 2016, Materia Socio Medica 28(1):66.
8. Avramovski P., Mladenovska M., Avramovska M., Siljanovski Simeon., Gjurovska T., Nikleski Z., Sikole E.,: Pulmonary Stasis or Metastases Spreading in Patients with Cognitive Heart Failure. 2019.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** *Емилија Александар Шиколе*
(име, татково име и презиме)

**Институција**: *Институт за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија*
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** *ФАРМАКОЛОГИЈА СО ТОКСИКОЛОГИЈА*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,45 | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски и германски<br>2. Назив на документот: Уверение за англиски јазик од British Council, ниво C<br>3. Издавач на документот: BRITISH COUNCIL<br>4. Датум на издавање на документот: 4.11.2021 година | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Димче Зафиров, с.р.**
**Проф. д-р Јасмина Тројачанец, с.р.**
**Проф. д-р Круме Јаќовски, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на асистент докторанд д-р Бојан Лабачевски, асистент докторанд д-р Александар Никодиновски и асистент докторанд д-р Емилија Шиколе.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека асистент докторанд д-р Бојан Лабачевски, асистент докторанд д-р Александар Никодиновски и асистент докторанд д-р Емилија Шиколе поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент во научната област фармакологија и клиничка фармакологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, асистент докторанд д-р Бојан Лабачевски, асистент докторанд д-р Александар Никодиновски и асистент докторанд д-р Емилија Шиколе да бидат избрани во звањето асистент по предметите: Фармакологија и Клиничка фармакологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Димче Зафиров, с.р.**
**Проф. д-р Јасмина Тројачанец, с.р.**
**Проф. д-р Круме Јаќовски, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА СО РЕАНИМАЦИЈА**
**НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 28.10.2021 година, за избор на еден асистент по предметот Анестезиологија со реанимација, и врз основа на Одлуката број 02-4905/18, донесена на XXXVII редовна седница одржана на 16.11.2021 година, се формира Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Јасминка Нанчева, проф. д-р Атанас Сивевски и н. сов. д-р Билјана Ширгоска.

Како членови на Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурсот за избор на еден асистент по предметот Анестезиологија со реанимација, во предвидениот рок се пријави д-р Дарко Анѓушев.

**Биографски податоци**

Кандидатот д-р Дарко Анѓушев е роден на 6.5.1978 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1996/1997 година, а го завршил во септември 2002 година со просечна оценка **9,35**. Во текот на студирањето бил активен член на Сојузот на студенти при Медицинскиот факултет во Скопје и учествувал со научни трудови на два конгреса на студенти по медицина во Р Македонија и на еден Конгрес за студенти по медицина во Србија.

Во 2000 година, во рамките на програмата за размена на студенти при Сојузот на студенти по медицина на Р Македонија, реализирал студиски престој во времетраење од еден месец на Клиниката за ортопедски болести во рамките на Клиничкиот центар „Браче Бранчета” во Риека, Р Хрватска. Од март 2003 година, на доброволна база, а во определен период (од 2006 година) и со договор за дело за волонтирање, работи на УК КАРИЛ при Клиничкиот центар во Скопје. Се вработил на УК КАРИЛ во 2008 година. На специјализација по анестезиологија, реанимација и интензивно лекување се запишал во октомври 2005 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Во ноември 2009 година го положил специјалистичкиот испит и се стекнал со звањето специјалист по анестезиологија и интензивно лекување. На 15.12.2009 година се стекнал со специјалистичка лиценца за работа како специјалист по анестезија и интензивно лекување. Од 2011 година е распределен на работното место раководител на отсек за итни состојби во Единицата за интензивно лекување. Во текот на специјалистичкиот стаж има работено на сите работни места во рамките на Клиниката.

Во 2004 година се запишал на втор циклус студии при Медицинскиот факултет во Скопје. На 12.6.2018 година го одбранил својот магистерски труд со наслов: „Компаративна анализа помеѓу стандарден режим на администрирање на течности и целно насочен режим на давање на мали волумени на течности во однос на исходот кај колоректални операции” и се стекнал со звањето магистер на медицински науки.

Во септември 2018 година се запишал на трет циклус – докторски студии при Медицинскиот факултет во Скопје. Кандидатот е активен член на: Здружението на анестезиолозите на Р Македонија (MSA – Macedonian Society of Anesthesiologist), Здружението на критично болни, Здружението на анестезиолози и интензивисти на Кувајт (Kuwait Society of Anesthesiology and Critical care), Македонската лекарска комора и Македонското лекарско друштво.

Кандидатот активно ги владее англискиот јазик (Ц1-ниво – Филолошки факултет „Блаже Конески” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје), германскиот јазик (А2-ниво) и италијанскиот јазик (ниво А1), како и почетни два курса по албански јазик (соодветните сертификати се приложени во прилог).

На 23.3.2018 година, кандидатот д-р Дарко Анѓушев учествувал во работата на комисијата – работна група од Министерството за здравство на Р Македонија со задача: проценка на критериумите и условите за работа во однос на простор, опрема и кадар за непречено работење на здравствена дејност ( ЈЗУ Клиничка болница – Штип, ЈЗУ Клиничка болница – Битола и ЈЗУ Клиничка болница – Тетово).

**Наставно-образовна дејност.** Кандидатот е редовен и активен учесник на стручните состаноци и конгреси организирани од страна на Здружението на анестезиолози на Р Македонија (ЗЛАРИЛ) и на други стручни здруженија. Има одржано едно предавање на секциски состанок на MSA со наслов: „Антиедематозна терапија кај неврохируршки болни” (предавањето е приложено во прилог). Д-р Дарко Анѓушев е на листата едукатори на Медицинскиот факултет во Скопје и активно учествува во секојдневната едукација на специјализантите по анестезија, реанимација и интензивно лекување. Во моментов е коментор на специјализацијата на еден специјализант по анестезија, реанимација и интензивно лекување.

Организатор и учесник е на работилницата под наслов: Low flow anesthesia, во 2012 година, под покровителство на ЗЛАРИЛ, во соработка со д-р Пол Зилберман од Универзитетот Бер Гурион, Бер Шева, Израел.

Кандидатот е учесник на стручни состаноци и конгреси и надвор од Р Македонија. Во 2018 година е учесник на ARUD 2018 Balkan States Anesthesia Days, организиран во Газиантеп, Р Турција, каде што имал усна и постерска презентација на научен труд.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Дарко Анѓушев кон овој конкурс ги приложува следниве авторски трудови:

1) **Angjushev D.**, Kotevska-Angjushev M, Lazarevski M A Giant Eustachian Valve Protruding Into the Right Ventricle: A Case Report. Arch Cardiovascular Imaging. 2014 August; 2(3):e18786.

2) **Angjushev D.** et all. Novel indication for Atorvastatin: Chronic subdural hematoma. MJA (Macedonian Journal of Anesthesia) December 2018.

3) **Angjushev D.** et all. The predictive value of serum lactate on the outcome after major abdominal surgery. MJA (Macedonian Journal of Anaesthesia) December 2018.
4) **Angjushev D.**, Kotevska-Angjushev M, Jovanovski Srceva M, Kartalov A. The Value of Different Electrocardiographic Patterns at Hospital Admission in Predicting Clinical Outcome in Pulmonary Embolism. Arch Med Vol.13 No.7:31(2021).

Покрај авторските, кандидатот приложува и коавторски трудови:

1. Gavrilovska-Brzanov A., Nikolova Z., Jankulovski N., Shosholcheva M., Taleska G., Mojsova-Mijovska M., Jovanovski-Srceva M., **Angjushev D,** Sazdov D, Brzanov N. Evaluation of the Effects of Elevated Intra- abdominal Pressure on the Respiratory Mechanics in Mechanically Ventilated Patients. Maced J Med Sci. 2013 Sept 15;6(3):261-265. http://dx.doi.org/10.3889/MJMS.1857-5773.2013.0306.4.

2. Gavrilovska Brzanov A, **Angjushev D.** et all Awareness during general anesthesia in patient with β-blocker therapy: a case report. Мак. мед. преглед 2013: 67(1):56-58.

3. Kondov B. **Angjushev D.** et all. Primary hyperparathyroidism in pregnancy MJA (Macedonian Journal of Anesthesiology) Number 4 May 2018.

Апстракти од меѓународни конгреси:

1. **Angjushev D.** Tracheostomy as a safe airway management during thyroid surgery in a severely obese man: a case report. ARUD 2018 Balkan states anesthesia days – 5 May 2018 Gaziantep, Turkey.
2. **Angjushev D.**, Kartalov A, Srceva M, Kokareva A, Kotevska-Angjsuhev M. Ogilvie syndrome after after vascular surgery in elderly patient (a case report). ARUD (2021) 7-th Anesthesiology and Reanimation Specialists Society *Congress* Turkey.
3. **Angjushev D.**, Kartalov A, Stojanovska T, Kotevska-Angjushev M. A case of posterior reversible encephalophaty syndrome associated with late pregnancy. ARUD (2021) 7-th Anesthesiology and Reanimation Specialists Society *Congress* Turkey .
4. **Angjushev D.**, Kartalov A, Srceva M**,** Kokareva A, Kotevska -Angjusheva M.Non-intubated thoracoscopic foreign body removal under intercostall nerve block and sedation. A Case reports. VI Macedonian congress of Anestesiology,Reanimation and Intensive Care. 24-27.10. 2019 Ohrid, Macedonia. AbstractBook p.167.
5. Jovanovski Srceva M, Mojsova M, Arsova A, **Angjushev D.** Hemodynamic response to induction in normo and hypertensive patients. Book of Abstracts 4th Congress of Macedonian anesthesiologist September 2010.
6. Мојсова Миовска М., Јовановски Срцева М., **Анѓушев Д**. Анестезиолошки пристап при уролошки крварења. 1. Конференција за алтернативи во трансфузијата кај критично болни пациенти, 2012 (Македонско здружение за критично болни и ЗЛАРИЛ).
7. Trposka A. **Angjushev D.** et all. Post splenectomy severe sepsis due to mycoplasma pneumonia: a case report 13th Congress of Anesthesiologist and Intensivists November 2018 Belgrade Serbia.
8. Kuzmanovska B, **Angjushev D.** et all. Transdermal fentanyl in the treatment of chronic malignant pain. 3rd Congress of the Macedonian Anesthesiologists September 2005 Ohrid Macedonia.
9. Spirovska T, **Angjushev D.** et all. Post operational analgetic effect of Ketamine Intraoperatively applied. 3rd Congress of the Macedonian Anesthesiologists September 2005 Ohrid Macedonia.

10. Kokareva A, Srceva Jovanovski M, **Angjushev D**. ICU admissions, mechanical ventilation and mortality rate ARUD and MSA 2016 $3^{rd}$ Balkan states anesthesia days May 2016 Skopje Macedonia.
11. Jovanovski Srceva M, **Angjushev D.** et all. Three month profile of patients in the intensive care unit. ARUD and MSA 2016 $3^{rd}$ Balkan states anesthesia days May 2016 Skopje Macedonia.
12. Gavrilovska Brzanov A, **Angjushev D.** et all. Evaluation of tracheal intubation using AIRTRAQ and Macintosh blade laryngoscopes in patients undergoing coronary artery bypass grafting surgery (CAGB) $5^{th}$ Congress of Macedonian Anesthesiologists October 2014 Ohrid Macedonia.
13. Temenugova I, Kokareva A, Stevic M, **Angjushev D.**, Kuzmanovska B, Kartalov A, Businovska J, vela I, Kondov B, Jakupi N, Jovanosvki-Srceva M. Anesthetic management in a patient with Steven Johnson Sy undergoing thyroid surgery.VI Macedonian congress of Anestesiology, Reanimation and Intensive Care. 24-27.10. 2019 Ohrid, Macedonia.Abstract Book p.170.
14. Kokareva A, Businovska J, **Angjushev D.**, Vela I, Stevic M, Stojanoski S, Temenugova I, Kuzmanovska B, Hristova -Kimovska M, Jankovska A Jovanovski-Srceva M. Anesthetic consideration in patients with steven - Johnson Syndrome. VI Macedonian congress of Anestesiology, Reanimation and Intensive Care. 24-27.10. 2019 Ohrid, Macedonia.Abstract Book p.180-181.
15. Jovanovski-Srceva M**,** Muminovic A, Kokareva A, Stavridis S, **Angjushev D**, Dzoleva R, Stevic M, Kuzmanovska B, Kartalov A. Three-month profile of patients in intensive care unit. Congress of Turkish ARUD andMacedonian MSA, Orthopedic Anesthesia and Intensive Care. Skopje, 18-21 May 2016. Abstract book 277/8.

**Стручно-применувачка дејност**

Во мај 2010 година, во Белград, Р Србија, ја посетувал и со полагање на завршниот тест ја завршил Интернационалната школа по детска анестезија на УК за детска анестезија при Медицинскиот факултет во Белград, Р Србија (сертификатот приложен во прилог).

Во март 2012 година, кандидатот во рамките на Симпозиум организиран од страна на Македонското здружение на кардиолози, има посетувано Работилница за базична ехокардиографија (сертификатот во прилог).

Кандидатот д-р Дарко Анѓушев, во ноември 2013 во Темишвар, Романија, и во мај 2015 година во Мехелен, Белгија, ги посетувал и ги завршил двата “Teach the teachers“ курса за стекнување на презентациски вештини, научни и наставни вештини во анестезија, организирани за специјалисти анестезиолози од страна на ESA (European society of anesthesiologist) (сертификати од успешно завршените курсеви и положени завршни тестови се во прилог).

На 9.4.2013 година има добиено БЛАГОДАРНИЦА од МЛД (Македонско лекарско друштво) за активно учество во извршувањето на целите и задачите на Македонското лекарско друштво (во прилог).

Во декември 2013 година, д-р Дарко Анѓушев има посетувано и завршено работилница на тема: „Антикоагуланти, хирургија и анестезија”, во организација на Клиниката за торакална и васкуларна хирургија (сертификат во прилог).

Од 2014 година, па сè до денес, д-р Дарко Анѓушев активно е вклучен во студиите за биоеквиваленција кои ги организира Институтот за фармакологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Во 2014 година, кандидатот реализирал стручно-научен престој во Институтот за кардиоваскуларни болести Дедиње при Клиничкиот центар „Драгиша Мишович” во Белград, Р Србија, во период од еден месец. Во рамките на стручниот престој завршил едукација и активно бил вклучен во работата на Институтот од областа на:

1) примена на нефармаколошки хемостатици (концентрат на протромбински комплекс – октаплекс, транексамична киселина и дезмопресин);

2) употреба на апарат за интраоперативно спасување на крв и еритроцити (Cell saver);

3) мониторинг на хемостазата и коагулацијата по методата Point of care (POC), со методите на ротационата тромбоеластографија (ROTEM) и агрегометрија со електрична импеданца и мултиплејт (Multiplate), (сертификатот во прилог).

Кандидатот д-р Дарко Анѓушев има реализирано работно-стручен престој во Кувајт, каде што бил дел од анестезиолошкиот тим при Одделот за анестезиологија и интензивно лекување во Универзитетската болница Al Farwania hospital Kuwait. Стручниот престој го остварил во два наврата, во период од по три месеци, и тоа: октомври 2014 – февруари 2015 година и мај – август 2017 година. За време на работниот престој во Кувајт, кандидатот станал член на Лекарската комора на Кувајт и член на Здружението на анестезиолози на Кувајт. Работниот стручен престој во Кувајт го реализирал на работното место специјалист по анестезија и интензивно лекување. По завршувањето на работните обврски во Кувајт од страна на проф. д-р Абхаи Патвари, раководителот на Одделот во болницата Al Farwania hospital Kuwait, добил благодарница за успешната соработка и препорака за следен стручен ангажман (препораката е приложена во прилог).

Кандидатот е активен учесник на настани организирани од страна на Комисијата за спортски активности на ЛКМ. На 3.6.2018 година има учествувано на Годишните спортски игри за доктори, во организација на Лекарската комора на Македонија како претставник на УК -ТОАРИЛУЦ, каде што го освоил второто место во натпреварувањето по кошарка, за што има добиено соодветна диплома (дипломата е приложена во прилог).

Во рамките на истиот конгрес на АРУД 2018, има посетувано и успешно завршено курс насловен „Ултразвучно водени периферни нервни блокови”, т.е. “Ultrasound guided peripheral nerve blocks – Workshop”, за кој има добиено сертификат за успешно завршен курс (сертификатот е во прилог).

# О Б Р А З Е Ц 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Дарко Лазар Анѓушев**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **ЈЗУ ТОАРИЛУЦ - КАРИЛ, Медицински факултет, УКИМ – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **анестезиологија со интензивно лекување**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1. | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2. | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер на медицински науки. | ДА |
| 3. | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,35.<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,66. | ДА |
| 4. | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение Ц1<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 2.11.2021 година | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јасминка Нанчева, с.р.**
**Проф. д-р Атанас Сивевски, с.р.**
**Н. сов. д-р Билјана Ширгоска, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Дарко Анѓушев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Дарко Анѓушев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент по предметот Анестезиологија со реанимација.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Дарко Анѓушев да биде избран во звањето АСИСТЕНТ по предметот Анестезиологија со реанимација.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јасминка Нанчева, с.р.**
**Проф. д-р Атанас Сивевски, с.р.**
**Н. сов. д-р Билјана Ширгоска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АРБИТРАБИЛНОСТ НА СПОРОВИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КОНКУРЕНТСКОТО ПРАВО“ ОД М-Р ЉУБЕН КОЦЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 24.12.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Љубен Коцев со наслов „Арбитрабилност на споровите од областа на конкурентското право“, во состав: проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска (претседател), проф. д-р Тони Дескоски (ментор), проф. д-р Горан Коевски (член), проф. д-р Татјана Зороска Камиловска (член) и проф. д-р Ненад Гавриловиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Љубен Коцев, со наслов „Арбитрабилност на споровите од областа на конкурентското право“, содржи 474 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 1073 фусноти, 452 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во апстракт, 6 дела во кои се содржани вкупно 24 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека конкурентското право и арбитражата претставуваат незаменливи делови од системот во кој функционира трговијата, и во кој делуваат трговците како пазарни учесници. Сепак, иако се составни делови на овој систем, низ историјата овие две правни области биле третирани како некомпатибилни. Излагањата продолжуваат со истакнување на фактот дека арбитражата претставува рефлексија на експресијата на слободната волја кај трговците, додека конкурентското право е во потполна спротивност – тоа претставува израз на потребата на државата да воспостави императивни норми со кои се поставуваат границите на допуштено однесување на трговците како пазарни учесници. Исто така, во воведот од дисертацијата, кандидатот ги поставува основите и рамката на предметното истражување.

**Првиот дел** од докторската дисертација е насловен „Основни напомени за конкурентското право“. Во неа се анализирани прашањата поврзани со општествениот контекст и изворите на конкурентското право. Најпрво, кандидатот истакнува дека конкурентското право има за цел да овозможи оптимално функционирање на слободната пазарната економија преку спречување на рестриктивни дејства од страна на пазарните учесници. Како правна гранка, конкурентското право претставува сет на норми и правила преку кои треба да се отстранат недостатоците и да се санкционираат повредите кои настануваат на слободниот пазар во рамките на една територија. Од ова произлегува дека конкурентското право не претставува цел само по себе, туку средство за постигнување на повисоки цели – оптимални услови во кои ќе функционира пазарната економија. Врз основа на увидот во богатата литература, кандидатот потенцира дека централен концепт во рамките на моделот на пазарна економија е конкуренцијата. Па така, конкуренцијата ја дефинира како *процес на ривалство помеѓу компании, кои се борат за придобивање на потрошувачите со текот на времето*. Од тие причини, главна цел на секоја компанија е да го продаде својот производ на колку е можно поголем број на купувачи, да оствари профит и да го задржи или зголеми своето учество на пазарот. Преку анализа на историската генеза на темелите на концептот на пазарната економија, кандидатот наведува тие се воспоставени уште во осумнаесеттиот век од страна на Адам Смит (Adam Smith) во неговото дело

„Богатството на народите”. Излагањата во оваа глава продолжуваат со длабинска анализа на изворите на конкурентското право на САД, како држава со најбогата историја во поглед на оваа дисциплина, потоа, изворите на конкурентското право на ЕУ, како успешен пример за хармонизација на конкурентското право во рамки на супранационална организација, и изворите на конкурентското право во рамките на Република Северна Македонија, како држава која има аспирации за приклучок кон ЕУ, и држава во која конкурентското право сѐ уште се наоѓа во рана фаза од својот развој. За секој анализиран извор, кандидатот дава соодветен критички осврт.

**Вториот дел** ги анализира видовите спорови од областа на конкурентското право. Во три глави, кандидатот дава детален преглед на забранети договори, одлуки и усогласено дејствување, злоупотребата на доминантна позиција и недозволени концентрации. Во овој дел од дисертацијата, кандидатот дава детален осврт на видовите спорови од областа на конкурентското право. При тоа ги анализира сите форми во кои може да дојде до нарушување на начелото на слободна пазарна конкуренција, почнувајќи од најопштата поделба на забранети договори, одлуки и усогласени однесувања, злоупотреба на доминантна позиција, и недозволени концентрации. Според кандидатот, целта на ваквото категоризирање е при утврдувањето на начините на кои може да дојде до повреда на конкурентското право, да се процени каде има можност за користење на алтернативен метод за решавање на евентуално спорови, односно кои видови на спорови од областа на конкурентското право можат да бидат решени по пат на арбитража. Излагањата продолжуваат со појаснување на кандидатот зошто во својата дисертација не ја анализира државната помош како начин на кој може да дојде до повреда на конкурентското право. Па така, кандидатот наведува дека државната помош е изоставена поради неколку фактори. Најпрво, за разлика од останатите начини на повреда на конкурентското право, каде алтернативниот начин на решавање на споровите би можел да се предвиди врз основа на постоење на некаков договор помеѓу страните, кај овој вид на постапки не може да постои договор помеѓу државата и примателот на помош бидејќи државната помош се доделува преку акт на Владата на државата, органи на државна управа, единици на локална самоуправа или било кој друг орган кој е надлежен да планира или доделува државна помош донесени врз основ на барање поднесено од страна на некое претпријатие. Дополнително, во постапката за државна помош државата истапува од позиција на моќ (*ius imperii*), за разлика останатите начини за повреда на конкурентското право каде повредата произлегува од некаков комерцијален однос помеѓу трговци. Оттука, кандидатот правилно заклучува дека не може да стане збор за арбитрабилност на спорови кои произлегуваат од повреда на конкурентското право врз основ на доделена државна помош. Елаборациите продолжуваат со категоризација на видовите спорови. Повторно, врз основа на увидот во богатата литература, се истакнува дека најширока категорија на дејства преку кои може да се изврши повреда на конкурентското право е категоријата забранети договори, одлуки и усогласено дејствување. На овој начин кандидатот врши класификација на начините преку кои се нарушува начелото на слободна конкуренција. Оваа класификација е извршена со цел подоцна да се анализира прашањето за арбитрабилност на споровите кои можат да настанат преку овие дејства. Како класични дејства со кои се нарушува начелото на слободна конкуренција, идентификувани се следниве: картели, хоризонтални договори и вертикални договори. За секој од наведените дејства, анализата се врши преку давање на податоци за концептот, дефиницијата и нивниот историски контекст. Компаративната анализа се врши преку елаборирање на правното регулирање на забранетите договори, одлуки и усогласено дејствување во САД, ЕУ и Северна Македонија. На овој начин, кандидатот ги анализира и прашањата поврзани со злоупотреба на доминантната позиција и недозволените концентрации.

„Начини на правна заштита на правото на конкуренција“ е наслов на **третиот дел** од докторската дисертација. Најпрво, се истакнува дека постоењето на правила од материјално – правна природа со кои се врши оцена на пазарните дејства би било залудно доколку не постои ефикасен механизам за примена на тие правила. Системот на конкурентското право го формираат како правилата за оцена на дејствата на пазарните учесници, така и правилата за детекција и санкција на антиконкурентското однесување. Обезбедување на правила за примена и заштита на конкурентското право е основен предуслов за обезбедување на ефикасност во функционирањето на пазарните механизми. Оттука, воспоставување на институционален систем кој ќе обезбеди примена на одредбите за заштита на правото на конкуренција е императив за секој правен систем. Излагањата продолжуваат со анализа на системите на заштита на конкурентското право. Па така,

системите на заштита на конкурентското право, според кандидатот, се градат на два темели: т.н. „јавна заштита” (public enforcement) и „приватна заштита” (private enforcement) пред државни органи и судови. Во овој дел, посебно се анализирани прашањата поврзани со заштита на право на конкуренција пред државни органи и судови и заштита на право на конкуренција преку алтернативен начин за решавање на спорови. Елаборациите во овој дел од дисертацијата продолжуваат со анализа на заштита на правото на конкуренција во управна постапка и заштита на правото на конкуренција во граѓанско-судска постапка. Во однос на заштитата на правото на конкуренција во управна постапка, се истакнува истото претставува традиционален начин на заштита на начелото на слободната конкуренција. Независно од појавната форма, државата им ја доверува надлежноста и заштитата на конкуренцијата на управни органи. Затоа, управната постапка е основниот начин за заштита на конкуренцијата. Таканаречената “јавна примена” (public enforcement) на конкурентското право се врши преку заштитата на конкурентското право во управна постапка. Ова е така бидејќи постапките пред националните агенции за заштита на конкуренцијата се постапки од управно-правен карактер. Кандидатот, преку анализа на Законот за заштита на конкуренцијата, дава детален преглед на заштитата на правото на конкуренција во управна постапка во Република Северна Македонија, при што, се анализира правната положба на надлежниот орган. Па така, во Република Северна Македонија како орган за заштита на начелото на слободна конкуренција е Комисија за заштита на конкуренцијата. Се истакнува дека Комисијата е самостоен државен орган кој е независен во своето работење, кој за разлика од повеќето од останатите регулаторни тела, кои буџетите ги финансираат од разни надоместоци, буџетот за нејзина работа се обезбедува директно од буџетот на државата. За ова законодавно решение, кандидатот дава своја оправдана критика. Во однос на заштитата на правото на конкуренција во граѓанско-судска постапка пред националните судови, што претставува метод за остварување на т.н. приватна заштита на конкурентското право, се елаборира дека претставува дополнување на традиционалниот начин на заштита на конкурентското право и треба да служи како коректив во делот каде традиционалниот метод покажува слабости. Заштитата на правото на конкуренција во граѓанска парнична постапка најчесто се реализира во постапките за обесштетување на жртвите на антикомпетитивни дејства или, пак, во постапките во кои една од договорните страни бара ништовност на договорот поради негово косење со начелата на конкурентското право. Преку анализа на судската практика, кандидатот наведува дека методот на заштита на конкурентското право преку приватна примена е сè уште во рана фаза на развој во континентална Европа и во последната декада се прават напори за поширока употреба, додека во земјите од англосаксонскиот правен систем овој метод е незаменлив дел од системот на заштита на конкурентското право. Во овој дел од дисертацијата, вниманието, исто така, се насочува и кон анализа на употребата алтернативните методи за решавање на споровите како средство за заштита на конкурентското право. Посебно анализирани се преговорите, концилацијата (мирењето), медијацијата и арбитражата.

**Четвртиот дел** од дисертацијата е насловен „Концептот на арбитрабилност на споровите од областа на конкурентското право“. Анализата во овој дел е насочена кон изворите на правото за арбитрабилност на споровите од областа на конкурентското право, теоретските концепции за арбитрабилноста, институтот kompetenz-kompetenz (comptentence-comptenence), концептот на арбитрабилност како излез (gateway) во теоријата на арбитражното право, меродавно право за арбитрабилноста на споровите, влијанието на седиштето каде се одвива арбитражната постапка врз арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право и значењето на субјективната и објективната арбитрабилност во однос на споровите на конкурентското право. Кандидатот, најпрво истакнува дека прашањето за арбитрабилноста има централна улога во поглед на арбитражата како метод за решавање на споровите. За разлика од останатите алтернативни начини за решавање на споровите, каде може, но и не мора да се постигне спогодба помеѓу учесниците и спорот да биде конечно решен, арбитражната постапка е адјукативна (праворaздавачка) по својата природа и завршува со носење на арбитражна одлука со која се одлучува мериторно за спорот и која има правно обврзувачко дејство за страните. Оттука, арбитражната одлука по својата правна сила е изедначена со судска пресуда, а арбитрите *de facto* добиваат овластувања како и судиите во националните судови. Со изборот на арбитража како метод за решавање на спорот, страните се откажуваат од правото истиот да го поднесат на решавање пред националните судови. Како појдовна основа на арбитражата, идентификувана е

арбитражната спогодба која претставува правно-изразно средство на согласноста на волјата на страните. Границите на арбитражата, односно, границите на споровите кои можат да се решаваат по пат на арбитража се дефинираат преку концептот на арбитрабилност. Преку анализа на правната теорија, кандидатот потенцира дека концептот на арбитрабилност се состои од два дела: субјективна арбитрабилност – која се однесува на способноста на лицата да склучуваат арбитражна спогодба и да бидат страни во арбитражна постапка (*ratione personae*) и објективна арбитрабилност – која се однесува на тоа дали предметот на спорот може да биде решен по пат на арбитража (*ratione materiae*). Централно место во докторската дисертација е посветено на детална анализа на објективната арбитрабилност. При анализа на изворите на правото за арбитрабилност на споровите од областа на конкурентското право, дадена е компаративен преглед на решенијата кои се прифатени во меѓународните извори (Конвенцијата за признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки од Њујорк, од 1958 година, Европската конвенција за меѓународната трговска арбитража од Женева, од 1961 година, Конвенцијата за решавање на инвестиционите спорови помеѓу државите и државјаните на другите држави од Вашингтон, од 1965 година и Модел-законот за меѓународна трговска арбитража на УНЦИТРАЛ од 1985 година со измени од 2006 година) и националните извори. Во однос на националните извори во Република Северна Македонија, анализирани се Законот за парнична постапка, Законот за меѓународна трговска арбитража и Законот за меѓународно приватно право. излагањата во овој дел продолжуваат со анализа договорната, јурисдикционата, мешовитата и автономната теорија за правната природа на меѓународната трговска арбитража. Исто така, се анализира и односот помеѓу арбитрабилноста и јавниот поредок. Се потенцира дека со цел да се утврди арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право, неопходно е да се анализираат и разграничат овие два концепти. Потребата од ова се наметнува и поради фактот што двата концепти во суштина се многу блиски, и во одредени аспекти се надополнуваат. И двата концепти се предвидуваат како основи за поништување на арбитражна одлука или нејзино одбивање за признавање и извршување. Имено, Њујоршката конвенција од 1958 година предвидува дека може да се одбие признавање и извршување на арбитражната одлука доколку спорот не е подобен да биде решен по пат на арбитража во државата во која се бара нејзино признавање и извршување или доколку признавањето или извршувањето на одлуката би било спротивно на јавниот поредок на таа земја. На идентичен начин и УНИЦТРАЛ Модел – законот ги предвидува овие две основи за поништување на арбитражната одлука во државата во која е донесена. На постоењето на овие две основи, судовите внимаваат по службена должност. Во однос на јавниот поредок, се наведува дека тој претставува рефлексија на основните економски, морални, политички, религиозни и социјални стандарди на секоја држава. Сепак, во практика, поимот на јавен поредок многу често е нејасен, и е тешко да се утврди кои вредности се, а кои не се составен дел од истиот. Тоа е така затоа што најпрво не постои универзална дефиниција на јавниот поредок во ниту еден меѓународен извор на арбитражното право. Понатаму, на сличен начин како арбитрабилноста и јавниот поредок се разликува од една држава до друга во зависност од вредностите на кои се темели општеството. Конечно, исто како и арбитрабилноста и јавниот поредок е категорија која се менува и еволуира со текот на времето. Она што е суштински за јавниот поредок е дека содржи норми кои имаат за цел да ги зачуваат фундаменталните општествени вредности, па оттука претпоставката е дека истите мораат да се применуваат и не смеат да бидат повредени. Врз основа на увидот во литературата, кандидатот, разликува национален, меѓународен и транснационален јавен поредок. Кандидатот заклучува дека јавниот поредок претставува многу поширока категорија која во себе ги опфаќа и (не)арбитрабилноста и нормите со непосредна примена. Всушност, двата концепти се различни страна на една иста монета. Па така, преку јавниот поредок се штити или преку давање на ексклузивитет на националните судови за одредени прашања, или преку воспоставување на одредени норми кои мора да се почитуваат без разлика на форумот пред кој се решава спорот и без разлика на меродавното право. Излагањата продолжуваа со анализа на теоретската мисла мисла ја низ призмата на конкурентското право при што се изведува следниов заклучок– зачувувањето на начелото на слободна конкуренција неминовно претставува дел од економските основи на кои се темели една држава. Оттука, одредбите за заштита на конкуренцијата, односно конкурентското право би требало да бидат составен дел од јавниот поредок на било која земја која се темели на принципот на отворена пазарна економија. Сепак, кандидатот поставува и дилема – од која

страна на монетата се наоѓа конкурентското право - дали е област која е во исклучива надлежност на националните судови, или пак е област регулирана со норми со непосредна примена и арбитрите се всушност должни да го применуваат конкурентското право на засегнатите држави без разлика на изборот на меродавното право? Според кандидатот, за заштита на конкуренцијата треба да се карактеризираат најмалку како императивни норми кои се дел од јавниот поредок на државите кои се потпираат на начелото на слободна пазарна конкуренција, и оттука арбитрите имаат должност да го штитат ова начело преку примена на одредбите од конкурентското право кога истите ќе бидат покренати од некоја од страните. Ваквата генерализација не треба да се зема како апсолутна, бидејќи постојат разлики во видовите на спорови кои имаат импликација врз слободната конкуренција. Посебно внимание во овој дел од дисертацијата кандидатот посветува на *American Safety* доктрината и *Second look* доктрината. Во однос на *American Safety* доктрината се елаборира дека е воспоставена од страна на Апелациониот суд на САД за вториот округ, и називот го добила по една од страните во спорот за кој судот одлучувал.  Во 1963 American Safety Equipment Corporation (ASE) и Hickok Mfg. склучиле договор за лиценца според кој Hickok и дал ексклузивна лиценца на ASE за користење на трговската марка "*Hickok*" за сигурносни уреди кои компанијата ги произведувала, додека ASE се обврзала да плаќа тантиеми за правото на користење. Договорот за лиценца содржел арбитражна клаузула во случај на спор помеѓу страните која предвидувала: *сите недоразбирања, спорови и побарувања од каква било природа и што произлегуваат или се однесуваат на овој Договор и неговото извршување или повреда, ќе се решат по пат на арбитража*. Во однос на доктрината *second look,* наведено е дека е воспоставена од страна на Врховниот суд во 1985 година во случајот *Mitsubishi Motors Corp. v. Soler Chrysler-Plymouth, Inc.,* кој до денес претставува еден од монументалните случаи во поглед на арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право.  Во 1979 година Soler Chrysler-Plymouth, компанија со седиште во Порто Рико, и Mitsubishi Motors, јапонска корпорација, склучиле договор за дистрибуција на возила кој содржел арбитражна клаузула која предвидувала споровите да бидат решени по пат на арбитража во Јапонија, пред Јапонската трговска арбитражна асоцијација (Japan Commercial Arbitration Association – JCAA). Кога станува збор за разграничување на надлежностите помеѓу националните судови и арбитражните трибунали, анализирана е т.н. „теорија на портал” (*gateway theory*). При анализата на наведената теорија се истакнува дека за одреден сет на прашања (т.н. *gateway issues*) може да одлучуваат националните судови со цел да се обезбеди легитимитет на арбитражната постапка, односно да се утврди дека навистина има согласност помеѓу инволвираните страни. Претставена на графички начин, теоријата ги поставува судовите и прашањата за кои тие можат да одлучуваат како портал низ кој страните треба да поминат за да можат да дојдат до арбитражата. Порталот може се отвори и да дозволи странките спорот да го изнесат пред арбитража доколку се исполнети условите, но може и да се затвори доколку се утврди дека не постои полноважна арбитражна спогодба со што ќе им се оневозможи на страните пристап до арбитража, и ќе бидат упатени спорот да го изнесат пред друг соодветен форум. На крајот од овој дел, кандидатот врши анализа на значењето на субјективната и објективната арбитрабилност во однос на споровите од областа на конкурентското право.

„За потребата од арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право“ е предмет на анализа на **петтиот дел** од докторската дисертација. Во овој дел од дисертацијата се даваат аргументи во полза на арбитражата како соодветен форум за решавање на определени видови на спорови од областа на конкурентското право. Излагањата започнуваат со анализа на подобноста на арбитражата за остварување заштита на правото на конкуренција. Прашања кои детално се анализирани се соодносот на арбитражата и начелото на слободна конкуренција, компатибилноста на арбитражата со останатите механизми за заштита на правото на конкуренција и ефикасност и ефективност на арбитражата како механизам за заштита на правото на конкуренција. Излагањата продолжуваат со елаборации на границите на арбитрабилноста. Па така, се потенцира дека со цел да се воспостават границите на арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право, неопходно е да се изврши квалификација на споровите кои можат да имаат поврзаност со конкурентското право, што беше во фокусот во вториот дел од дисертацијата. Се потенцира дека ваквата квалификација е потребна поради фактот што еден спор може да има импликации врз повеќе гранки и области во правото – договор за дистрибуција покрај тоа што создава права и обврски помеѓу договорните страни, може да има импликации и

врз останати пазарни учесници или потенцијални пазарни учесници доколку со таквиот договор се повредува начелото на слободна конкуренција. Па така, врз овој однос, покрај одредбите од облигационото право кои се однесуваат на договори, ќе се применуваат и одредбите од конкурентското право за заштита на начелото на слободна конкуренција на пазарите, како и одредбите од облигационото право кои се однесуваат на деликти доколку од овој однос биде предизвикана штета. Со вршење на кривично дело, покрај повреда на јавниот поредок на една држава, се нанесува и конкретна штета на жртвите од тоа дело. Од овие причини, покрај примената на казненото право, ќе се применуваат и одредбите од облигационото право за надомест на штета. Со цел да се постави граница на арбитрабилноста, се врши поделба на спорови со кои се бара утврдување на повреда на конкурентското право и спорови во кои се бара надомест на штета како резултат на повреда на конкурентското право. Кандидатот, исто така, врши и детална анализа на таканаречените “hardcore” повреди, или “hardcore” рестрикции. Се потенцира дека тие претставуваат ограничувања на начелото на слободна конкуренција кои поради својата сериозност се санкционираат во најголемиот дел од законодавствата кои имаат имплементирано некаков систем на конкурентско право. Ваквите договори водат до намалување на конкуренцијата како на хоризонтално ниво (помеѓу конкуренти на пазарот), така и на вертикално ниво (помеѓу учесници во синџирот на снабдување), и истите несомнено нанесуваат штета на потрошувачите и на националните економии на државите. Излагањата во овој дел продолжуваат со анализа на опсег на арбитражната спогодба како значајно прашање за решавање на споровите од областа на конкурентското право, улогата на националните агенции за заштита на конкуренцијата во рамки на арбитражните постапки при спорови од областа на конкурентското право, како и контрола над арбитражните одлуки кај споровите од областа на конкурентското право.

Последниот, **шести дел**, е насловен „Правни последици од арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право“. Во овој дел се анализираат правните последици од арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право, односно се анализираат постапките во различните фази од арбитражната постапка доколку се прифати хипотезата дека споровите од областа на конкурентското право можат да бидат решени по пат на арбитража. Најпрво, се анализира каков е односот на арбитражната спогодба со споровите од областа на конкурентското право, или поконкретно како да постапат страните во поглед на составувањето на арбитражната спогодба која помеѓу останатото би предвидувала и решавање и на споровите од областа на конкурентското право. Потоа, се анализираат последиците од арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право врз надлежноста на арбитражниот трибунал, односно како треба да постапи трибуналот во ситуација кога е соочен со спор од областа на конкурентското право. Односно, се анализира на кој начин треба трибуналот да цени дали има надлежност за конкретниот спор и како да одлучи. На крајот од делот се анализираат ефектите од арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право во однос на евентуална постапка за поништување на одлуката и во постапките за нивно признавање и извршување. Целиот напор во поглед на одлучувањето на арбитрите би бил залуден доколку арбитражната одлука не ги оствари потенцијалните ефекти. Кандидатот наведува дека иако не постои правна обврска на арбитрите да донесат одлука која ќе биде потоа признаена и извршена во други држави, сепак, арбитрите треба да водат сметка за крајната судбина на одлуката која ќе ја донесат.

Во заклучните согледувања, кандидатот потенцира дека конкурентското право и арбитражата претставуваат незаменливи делови од системот во кој функционира трговијата, и во кој делуваат трговците како пазарни учесници. Сепак, иако се составни делови на овој систем, низ историјата овие две правни области биле третирани како некомпатибилни. Арбитражата претставува рефлексија на експресијата на слободната волја кај трговците, додека конкурентското право е во потполна спротивност – тоа претставува израз на потребата на државата да воспостави императивни норми со кои се поставуваат границите на допуштено однесување на трговците како пазарни учесници. Во дисертацијата се врши обид да се најдат заеднички точки на овие две правни области, укажувајќи на тоа дека како засебни делови на системот на трговија можат да функционираат во симбиоза од која ќе произлезе корист за сите инволвирани страни. Конкурентското право претставува систем на норми и прописи кои имаат за цел да детектираат, санкционираат и превенираат недозволени дејствија, договори и постапки со кои се врши повреда на начелото на слободната пазарна конкуренција. Се заклучува дека конкурентското право ги регулира односите на сите субјекти кои се јавуваат на пазарот и ги поставува границите во кои тие

можат да дејствуваат. Од историски аспект, пролиферацијата на конкурентското право, како и зголемувањето на неговото значење е резултат на порастот на бројот на држави кои го прифаќаат моделот на слободна пазарна економија. Со оглед на фактот дека економското уредување е составен дел на општествениот поредок на една држава, конкурентското право претставува моќен инструмент за постигнување на економски, социјални и политички цели. На крајот, кандидатот заклучува дека трендот на прифаќање на арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право е во нагорна линија и се повеќе се јавуваат спорови од овој вид. Но, почитувањето на границите на арбитрабилноста е од клучно значење затоа што признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки е моќно средство кое им стои на располагање на државите.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување на докторската дисертација е можноста за решавање на спорови од областа на конкурентското право по пат на меѓународна трговска арбитража. Основната цел е да се утврди дали, и до кој степен се арбитрабилни споровите од областа на конкурентското право. Се наведува дека во современите деловни односи, арбитражата претставува моќно средство за решавање на споровите кои настануваат помеѓу деловните субјекти. Важноста на арбитражата уште повеќе доаѓа до израз во меѓународната трговија, каде трговците ја преферираат поради неутралноста во споредба со националните судови. Арбитражата е еден од методите за решавање на споровите каде државата се откажува од империумот за исклучива судска заштита, и им дозволува на странките креирање на сопствен "квази-судски" механизам за разрешување на меѓусебните спорови. Во меѓународен контекст, државите имаат поголем мотив да отстапат од "ексклузивното право" на сопствените судови, но сепак, со цел да се зачуваат општествени вредности кои се од најголема важност, постојат определен вид на спорови за кои е резервирана исклучиво судската заштита. Денес, општоприфатен е ставот дека најголемиот дел од споровите од областа на трговското право се погодни за решавање по пат на арбитража (како што се на пример спорови кои произлегуваат од договори за продажба, дистрибуција, услуги, и сл.). За разлика од овие спорови, општо прифатен е и ставот дека спорови од областа на кривичното право, не се погодни за решавање по пат на арбитража. Помеѓу овие две крајности постои широк дијапазон области за кои сеуште не постои едногласен став дали можат или пак не можат да бидат решени по пат на арбитража. На овој начин, кандидатот го поставува клучното прашање во делот на меѓународното арбитражно право, односно прашањето на арбитрабилноста. Фокусот на дисертацијата е да се истражи можноста за решавање на спорови од областа на конкурентското право по пат на трговска арбитража. Целта е да се направи преглед на државите во кои постои тенденција споровите од областа на конкурентското право да се сметаат како арбитрабилни и преку компаративна анализа да се истакнат толкувањата што постојат во тие јурисдикции во однос на предметот на спорот што може да се реши по пат на арбитража. Притоа, мотивот е да се да истражи дали решенијата и ставовите прифатени во овие законодавства во поглед на арбитрабилноста можат да се рефлектираат и во нашето законодавство. Дополнително, предмет на истражување на оваа дисертација е колку арбитражата како алтернативен начин на решавање на споровите може да доведе до поефикасна примена и заштита на одредбите од конкурентското право. При одлучување за трговските спорови во чии рамки може да се јави и прашањето за постоење повреда на конкурентското право, арбитрите можат на директен начин да влијаат на процесот за санкционирање на дејствија со кои се нарушува начелото на слободната конкуренција. Доколку се прифати тврдењето дека арбитражата е поефикасен и поповолен начин за решавање на спорови, тогаш преку овозможување и проширување на дијапазонот на спорови од областа на конкурентското право кои можат да се решат по пат на арбитража, ќе се потврди хипотезата дека ќе се обезбеди повисоко ниво на заштита и поефикасна примена на конкурентското право. Во оваа насока во дисертацијата е опфатено и прашањето за арбитрабилност на спорови за надомест на штета поради повреда на конкурентското право.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Во системот на пазарна економија ефикасното и ефективното алоцирање на ресурсите е основен предуслов за економска благосостојба. На макроекономско ниво, ефикасно функционирање на пазарот е основен предуслов за постигнување на економски раст и развој. На микроекономско ниво, постоење на ефикасен механизам за заштита на пазарната економија и промовирање на слободна конкуренција е главен предуслов за успешното работење на компаниите и остварување профит. Обезбедувањето на слободна пазарна конкуренција поттикнува иновација, на начин што ги мотивира и им овозможува на учесниците на пазарот слобода да ги имплементираат своите идеи, на тој начин создавајќи нови продукти и нови услуги што ќе ги задоволат пазарните потреби. Токму поради ова, во денешната политичка, економска и социјална поставеност, заштитата на начелото на слободна конкуренција се смета за еден од најзначајните приоритети и гаранции кои државите треба да ги обезбедат. Во рамките на Европската Унија, начелото на слободна конкуренција е издигнато на највисоко ниво, втемелено уште во основачките договори. Во Република Северна Македонија, начелото на слободна конкуренција е инкорпорирано и во Уставот како највисокиот правен акт каде се гарантираат слободата на пазарот и претприемништвото, како едни од фундаменталните права на кои се темели општествената поставеност. Па така, член 55 од Уставот ја обврзува државата да обезбеди еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот, и да презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Сепак, значајно е да се напомене дека сè уште недостасува дискусија во поглед на тоа колку ваква заштитата може да се обезбеди преку некој од алтернативните начини за решавање на спорови. Од овие причини, кандидатот укажува на арбитражата која по својот карактер е најблиску до процесот на правораздавање. Арбитражата сè повеќе се актуализира како метод за разрешување на трговските спорови, а во рамки на меѓународната трговија веќе има доминантно присуство, полека преземајќи го приматот од националните судови. Како алтернативен метод за решавање на споровите, арбитражата произлегува од волјата на страните одредени спорови, наместо во судска постапка, да бидат решени по арбитражен пат. Договорниот карактер на арбитражата долги години се сметаше како пречка за решавање на одредени видови на спорови. Договорниот карактер на арбитражата и императивниот карактер на одредбите за заштита на конкурентското право, на прв поглед ја прават арбитражата несоодветна за решавање на спорови од областа на конкурентското право. Но во суштина, иако на прв поглед арбитражата и конкурентското право личат како некомпатибилни поради нивниот карактер, целите кои треба да ги постигнат во голем дел се идентични. Токму затоа, докторската дисертација има за цел посеопфатно да ја истражи можноста за решавање на спорови од областа на конкурентско право по пат на арбитража, и да утврди колку ваквиот начин на решавање на спорови може да придонесе кон поефикасна заштита на начелото на слободна конкуренција. Во моментов, не постои детално истражување на прашањето за арбитрабилност на споровите од областа на конкурентското право.

**Краток опис на применетите методи**

Доминантниот метод кој се користи при изработката на дисертацијата е компаративниот и дескриптивниот метод. Ваквиот пристап е наложен од повеќе фактори. Најпрво, прашањето на арбитрабилноста е нераскинливо поврзано со националното право на една држава. Па оттука неопходно е да се направи компаративен осврт и анализа на прифатените национални решенија. Од друга страна иако и конкурентското право постои во рамките на една национална територија, во многу случаи штетните дејствија преземени на еден пазар можат да се ефектуираат и на други пазари, па оттука конкурентското право добива и наднационална компонента. Покрај доминантната употреба на споредбениот метод, при анализите што се вршат во докторската дисертација се користат и други методи. Во насока на расветлување на развојните етапи на прашањето за арбитрабилноста неопходно е да се користи историскиот метод. Анализата на позитивните е негативните страни за екстензивно толкување на концептот на арбитрабилност, пак, се базира на социолошки пристап. Анализите на правните прописи и правни извори за регулирање на арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право се вршат со примена на аналитичко-синтетичкиот метод. Практичните аспекти опфатени во главната хипотеза на дисертацијата, како и решавањето на споровите се подржани преку анализа на судски случаи, како и националната и меѓународна арбитражна практика. Методот на споредба ќе овозможи анализа и споредба на досегашните искуства и ставови на различни реномирани

теоретичари, селектирајќи ги нивните трудови кои соодветствуваат со конкретната проблематика на истражувањето. Методот на компилација, воедно претпоставува и „конфронтирање” на различни видувања, теории и постулати на поединечни автори кои ќе придонесат кон градење на автентични и оригинални ставови во креирањето на финалните заклучоци. Методите на индукција и дедукција, ќе доминираат во поставувањето на хипотезите и основните контури на дисертацијата. Тие ќе имаат и централно значење при донесувањето на заклучоците и констатациите за научниот придонес кој ќе го понуди ова истражување. Конечно, сумирањето на резултатите на целокупното истражување и научната анализа се врши со помош на дијалектичкиот метод.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Преку направеното истражување се дава придонес на арбитражата како метод за заштита на правото на конкуренција. Од спроведеното истражување произлегува дека за ефикасна примена на конкурентското право неопходно да се создаде поефикасен механизам кој би обезбедил соодветна заштита, а потоа да се подигне (создаде) свеста кај учесниците на пазарот за начините за заштитата на правата кои ги имаат. Понатаму, за создавање на нов вид на правни правила наменети конкретно за овие спорови, потребно е да се создадат и други правни предуслови. Исто така, значајно е да се напомене дека регулирањето на одредена правна категорија de novo бара измена и приспособување на веќе постојните правни норми кои регулираат делови од овие односи во рамките на конкурентското право, меѓународното приватно право, процесното до одреден степен правото на интелектуална сопственост, вклучувајќи ја овде и меѓународната трговска арбитража.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Љубен Коцев, со наслов „Арбитрабилност на споровите од облата на конкуренското право“, претставува истражување во правото на интелектуалната сопственост (авторско и пронајдувачко право). Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да промовира полноправен придонес на арбитражата како метод за заштита на правото на конкуренција. Субјектите кои би биле оштетени од антикомпетитивните дејствија предизвикани од останатите пазарни субјекти би можеле да ги имаат бенефит од предностите кои ги нуди арбитражата како алтернативен начин на решавање на спорови. Меѓу другото, главни придобивки од користењето на арбитражата се: навремена компензација за претрпена штета; правни лекови при ништовност на договорните односи; квалификувани арбитри кои имаат продлабочени познавања од областа на конкурентското право; можност за надомест на адвокатските трошоци настанати во постапката; избегнување на административна дискреција од страна на националните органи; казнена надомест на штета за прекршителите како и правила за прибавување на докази во посед на спротивната страна. Преку истражувањето спроведено за целите на докторската дисертација за прв пат во Северна Македонија се добива текст кој го обработува прашањето за арбитрабилноста на споровите од областа на конкурентското право.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Љубен Коцев, со наслов ,,Арбитрабилност на споровите од областа на конкурентското право“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Kocev Ljuben: „ Grounds for Contract Avoidance Under the United Nations Convention on Contracts for the International Sale of Goods (1980) “, објавен: Annual of the Faculty of Economics. Vol. 55, 2020, стр.107-122;

[2]. Kocev Ljuben: „ Actions for Damages for Breach of EU Competition Law - Efficient Market Protection Trough Private Enforcement - With Emphasis on North Macedonia“ објавен во EU and Comparative Law Issues and Challenges Series (ECLIC). Josip Juraj Strossmayer University of Osijek, Faculty of Law Osijek. ISSUE 4, 2020.

[3]. Deskoski Toni, Dokovski Vangel Kocev Ljuben (2019) „The Birth and Rise of International Commercial Courts in Paris - Boosting Litigation or Alternative to Arbitration“ објавен во Iustinianus Primus Law Review. Vol. 10 Issue 2.
[4]. Kocev Ljuben: @Arbitrability of Competition Law Disputes. Iustinianus Primus Law Review – Special Issue” објавен во :Proceedings from the Annual International Conference – 30 years after the fall of the Berlin Wall, November, 2019.
[5]. Kocev Ljuben, Kierkova Irena, Toshevska Trpchevska Katerina, Makrevska Disoska Elena: „Enhancing regional cooperation througn custom digitalization in CEFTA – 2006“, објавен во *Proceedings of FEB Zagreb 10th International Odyssey Conference on Economics and Business*. Faculty of Economics & Business University of Zagreb.Croatia, 2019
[6]. Kocev Ljuben: „The New International Chambers of the Paris Courts - Innovative Way for Resolution of Commercial Disputes“, објавен во Knowledge International Journal, 28(1), 241-246, 2019.
[7]. Kocev Ljuben: „Determining the Applicable Law on Privileges in International Commercial Arbitration“, објавен во Iustinianus Primus Law Review Vol 17, 2018.
[8]. Kocev Ljuben: „Scope of Application of the "United Nations Convention on Contracts for the International Sale of Goods (CISG)" објавен во the international Trade. Annual of the Faculty of Economics. Vol. 53, 187-201, 2018.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Со оглед на наведеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Љубен Коцев** со наслов: **Арбитрабилност на споровите од областа на конкурентското право.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Тони Дескоски, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Горан Коевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Зороска Камиловска, член, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Гавриловиќ, член, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од**
**28-01-2022 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| Ивана Анѓелкоска | Отварање на стечајна постапка и основните правни последици од отварањето на стечајната постапка (Commencement and Legal Consequences of Insolvency Proceeding) | проф.д-р Димитар Гелев | 28.01 2022 | 02-96 / |
| Марија Глигорова | Банкарски договор за кредит (Bank’s Credit Agreements) | проф.д-р Биљана Петревска | 28.01 2022 | 02-96 / |
| Јана Шахова | Акционерско друштво – поим и системи на управување (Shareholding Companies – Notion and Governance Systems)“ од кандидатката Јана Шахова, студентка на втор циклус студии – деловно право | проф.д-р Димитар Гелев | 28.01 2022 | 02-96 / |
| Марија Велкоска | Анализа на криптовалутите (Analysis of Crypto Currencies) | проф. д-р Биљана Петревска | 28.01 2022 | 02-96 / |
| Дарко Аврамовски | Незаконити банкарски трансакции (Illegal Banking Transactions) | проф. д-р Димитар Гелев | 28.01 2022 | 02-96 / |
| Коста Бојаџиев | Инвестициски фондови (Investment Funds) | проф. д-р Биљана Петревска | 28.01 2022 | 02-96 / |
| Оливер Маркоски | Психичко вознемирување на работното место - Мобинг (Psychological harassment at the workplace-mobbing) | проф. д-р Александар Ристовски | 28.01 2022 | 02-96 / |
| Наташа Блажовска Крстевска | Правно уредување на банкарскиот договор за кредит и заштитата на потрошувачите (Legal | проф. д-р Димитар Гелев | 28.01 2022 | 02-96 / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Regulation of Credit Agreements and Consumer Protection) | | | |
| Валериа Николовска | Поведување и правни последици од отварање на стечајната постапка (Opening and Legal Consequences of Insolvency) | проф. д-р Димитар Гелев. | 28.01 2022 | 02-96 / |
| Стефан Јанески | Сузбивање на тероризмот – појавни облици и меѓународна соработка (Fight Against Terrorism – Types of Terrorism and International Cooperation) | проф. д-р Гордана Лажетиќ | 28.01 2022 | 02-96 / |
| Радица Малиминова Коцевски | Криминолошки аспекти на трговијата со луѓе и криумчарење мигранти (Criminological Aspects of Trafficking in Human Beings and Smuggling Migrants) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 28.01 2022 | 02-96 / |

Д Е К А Н,
Проф.д-р Сашо Георгиевски

Изработил : Хамди Весели
Советник за студентски прашање

***Прилог бр. 2***

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР (ПРЕДМЕТ: ПРОСТОРНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ТУРИЗМОТ), ЕКОНОМИКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТУРИЗМОТ (ПРЕДМЕТ: МЕНАЏМЕНТ ВО ТУРИЗМОТ), ДРУГИ СПЕЦИФИЧНИ ПОДРАЧЈА (ПРЕДМЕТИ: АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗМОТ, ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И УРБАНИ СИСТЕМИ), НА ИНСТИТУТОТ ЗА ГЕОГРАФИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и Коха“ од 21.12.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: *управување со туристички простор* (предмет: Просторното планирање и туризмот), *економика и организација на туризмот* (предмет: Менаџмент во туризмот), *други специфични подрачја* (предмети: Алтернативни форми на туризмот, Просторно планирање и Урбани системи), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, бр. 02-2600/3 од 2.2.2022 година, донесена на 27.1.2022 година на седницата одржана со средства за електронска комуникација, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Никола Панов, редовен професор (во пензија) на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Благоја Маркоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Билјана Апостоловска Тошевска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: *управување со туристички простор* (предмет: Просторното планирање и туризмот), *економика и организација на туризмот* (предмет: Менаџмент во туризмот), *други специфични подрачја* (предмети: Алтернативни форми на туризмот, Просторно планирање и Урбани системи), во предвидениот рок се пријави д-р Дејан Илиев, вонреден професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот вонр. проф. д-р Дејан Илиев е роден на 4.9.1981 година, во Скопје. Средно образование завршил во учебната 1999/2000 година во ДСУ „Коста Сусинов“ во Радовиш, со одличен успех. Со високо образование се стекнал на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, во академската 2003/2004 година. Дипломирал на 14.10.2004 година, со просечен успех 9,35, и се здобил со звањето дипломиран професор по географија.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2004/2005 се запишал на втор циклус (магистерски) студии по просторно планирање на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во академската 2006/2007 година, со просечен успех 9,75. На 21.11.2007 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Проценка на просторниот капацитет на Струмичко-радовишката Котлина за одржлив развој на стопанските активности“, под менторство на проф. д-р Михаило Зиков, и се стекнал со академски степен магистер на географски науки од областа на просторното планирање.

Докторска дисертација пријавил во 2008 година на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Туризмот во функција на интегралниот развој на Република Македонија“, под менторство на проф. д-р Михаило Зиков, ја одбранил на 7.7.2010 година. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на географски науки.

Во 2011 година е избран во звањето асистент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (во областа економска географија), каде што засновува и

редовен работен однос. Во 2012 година е избран во звањето доцент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје по група предмети од областа на туризмот.

Во моментот е вонреден професор на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, по наставно-научните области: управување со туристички простор (предмет: Просторното планирање и туризмот), економика и организација на туризмот (предмет: Менаџмент во туризмот), други специфични подрачја (предмети: Алтернативни форми на туризмот, Просторно планирање и Урбани системи). Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1147 од 1.6.2017 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1016 од 3.10.2011 година и Билтен бр. 1037 од 31.8.2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор (Билтен бр. 1147 од 1.6.2017 година) до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, Институт за географија, кандидатот д-р Дејан Илиев, како вонреден професор, изведува настава на прв циклус студии на студиските програми: Туризам (предмети: Алтернативни форми на туризмот, Менаџмент во туризмот, Просторното планирање и туризмот, Стратегија за развој на туризмот), Наставна географија (предмет: Просторно планирање), Демографија (предмети: Просторно планирање, Урбани системи и други, наведени во Образец 2) и Географски информациски системи (предмети: Просторно планирање и други, наведени во Образец 2), настава на втор циклус студии на студиската програма Туризам (предмет: Алтернативни форми за развој на туризмот), како и настава на трет циклус студии по Географија (предмет: Просторното планирање и туризмот).

Во изборниот период, кандидатот бил ментор на 39 дипломски, а учествувал и како член во комисија за оцена/или одбрана на 95 дипломски и на 2 докторски дисертации.

Од последниот избор до денот на пријавата, кандидатот бил автор на еден рецензиран универзитетски учебник под наслов „Алтернативен туризам: концепт, облици и современи трендови“, објавен во 2021 година.

Сите конкретни активности од наставно-образовната дејност во изборниот период се наведени во Образецот кон Извештајот за избор (Анекс 2).

**Научноистражувачка дејност**

Од последниот избор до денот на пријавата, д-р Дејан Илиев има објавено вкупно 14 научни трудови од областа на туризмот, географијата и просторното планирање, од кои 3 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 4 труда во меѓународни научни списанија, 1 труд во меѓународна научна публикација и 6 труда во зборници од научни собири.

Д-р Дејан Илиев учествувал како член во 1 научен проект. Рецензент е на 13 научни трудови кои се објавени во научни списанија и зборници, од кои 8 се во меѓународни реномирани списанија со импакт-фактор кои се вклучени во Web of Science базата на списанија. Д-р Дејан Илиев учествувал на 3 меѓународни академски собири, каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.

Сите конкретни активности од научноистражувачката дејност во изборниот период се наведени во Образецот кон Извештајот за избор (Анекс 2).

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Дејан Илиев активно е вклучен во стручно-применувачката дејност на Институтот за географија и дејностите од поширок интерес.

Кандидатот д-р Дејан Илиев бил координатор во подготовката на 3 елаборати за нови студиски програми на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во

Скопје. Исто така, раководител е и на постдипломските студии по Туризам на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Кандидатот д-р Дејан Илиев активно учествувал во работата на повеќе факултетски комисии, како и во промотивните активности на Институтот за географија и Природно-математичкиот факултет. Како член на Надзорниот одбор на Македонското географско друштво, кандидатот активно учествувал и во комисиите за спроведување на државните натпревари по географија. За својот посебен придонес во развојот на географијата, во 2019 година Македонското географско друштво му доделува благодарница.

Кандидатот д-р Дејан Илиев бил член на организационен одбор на меѓународен научен собир. Во изборниот период бил член на 2 рецензентски комисии за избор на лица во соработничко и наставно-научно звање.

Сите конкретни активности од стручно-применувачката дејност во изборниот период се наведени во Образецот кон Извештајот за избор (Анекс 2).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Дејан Илиев има добиено позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Дејан Илиев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Дејан Илиев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **редовен професор** во наставно-научните области: *управување со туристички простор* (предмет: Просторното планирање и туризмот), *економика и организација на туризмот* (предмет: Менаџмент во туризмот), *други специфични подрачја* (предмети: Алтернативни форми на туризмот, Просторно планирање и Урбани системи).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Дејан Илиев да биде избран во звањето **редовен професор** во наставно-научните области: *управување со туристички простор* (предмет: Просторното планирање и туризмот), *економика и организација на туризмот* (предмет: Менаџмент во туризмот), *други специфични подрачја* (предмети: Алтернативни форми на туризмот, Просторно планирање и Урбани системи).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Панов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Благоја Маркоски, член, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Дејан Славчо Илиев
**Институција:** Природно-математички факултет – Скопје, Институт за географија
**Научна област:** *управување со туристички простор* (предмет: Просторното планирање и туризмот), *економика и организација на туризмот* (предмет: Менаџмент во туризмот), *други специфични подрачја* (предмети: Алтернативни форми на туризмот, Просторно планирање и Урбани системи).

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус*<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,35.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,75. | Да |
| 2. | Научен степен – доктор на географски науки;<br>Назив на научната област: управување со туристички простор, економика и организација на туризмот, други специфични подрачја | Да |
| 3. | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. | Да |
| 3.1.1 | 1. Назив на научното списание: Transylvanian Review of Administrative Sciences<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus, EBSCO и др.<br>3. Наслов на трудот: Urban Regeneration and Changes Driven by Tourism and the ‘Skopje 2014’ Project<br>4. Година на објава: 2021 | Да |
| 3.1.2 | 1. Назив на научното списание: Tourism Geographies: An International Journal of Tourism Space, Place and Environment<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus, EBSCO, SCImago Journal Ranking и др. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Consumption, motivation and experience in dark tourism: a conceptual and critical analysis<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.1.3 | 1. Назив на научното списание: Journal of Hospitality and Tourism Management<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus и др.<br>3. Наслов на трудот: The evolution of religious tourism: Concept, segmentation and development of new identities<br>4. Година на објава: 2020 | Да |
| 3.1.4 | 1. Назив на научното списание: Journal of Geography, Politics and Society<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO Political Science Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) и др.<br>3. Наслов на трудот: Evolution and changes of tourism in Macedonia in the post-socialist period (1991–2018)<br>4. Година на објава: 2019 | Да |
| 3.1.5 | 1. Назив на научното списание: AUC Geographica<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus, EBSCO и др.<br>3. Наслов на трудот: Interregional inequalities at NUTS level 3 in Macedonia<br>4. Година на објава: 2018 | Да |
| 3.1.6 | 1. Назив на научното списание: Anatolia: An International Journal of Tourism and Hospitality Research<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus, EBSCO и др.<br>3. Наслов на трудот: Regional inequalities and contemporary problems in regional tourism development: a case of Macedonia<br>4. Година на објава: 2018 | Да |
| 4. | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира***<br><br>1. Наслов на учебникот: Алтернативен туризам: концепт, облици и современи трендови<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2021 година | Да |
| 5. | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1.6.2017 година, бр. 1147 | Да |
| 6. | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Панов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Благоја Маркоски, член, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Апостоловска Тошевска, член, с.р.**

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Дејан Славчо Илиев
**Институција:** Природно-математички факултет – Скопје, Институт за географија
**Научна област:** *управување со туристички простор* (предмет: Просторното планирање и туризмот), *економика и организација на туризмот* (предмет: Менаџмент во туризмот), *други специфични подрачја* (предмети: Алтернативни форми на туризмот, Просторно планирање и Урбани системи).

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување настава – прв циклус студии** | **62,56** |
| | **2017 година (летен семестар)**<br><br>*Редовни студенти* (9*15*0,04=5,4)<br><br>Менаџмент во туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Управување со човечки ресурси (2 часа неделен фонд)<br>Медицинска географија (2 часа неделен фонд)<br>Демографско стареење (2 часа неделен фонд)<br><br>*Вонредни студенти* (5*1*0,04=0,2)<br><br>Менаџмент во туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Демографско стареење (2 часа неделен фонд)<br><br>**2017/2018 година (зимски семестар)**<br><br>*Редовни студенти* (12*15*0,04=7,2)<br><br>Алтернативни форми на туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторното планирање и туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторно планирање (4 часа неделен фонд)<br>Урбани системи (2 часа неделен фонд)<br><br>*Вонредни студенти* (12*1*0,04=0,48)<br><br>Алтернативни форми на туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторното планирање и туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторно планирање (4 часа неделен фонд)<br>Урбани системи (2 часа неделен фонд)<br><br>**2017/2018 година (летен семестар)**<br><br>*Редовни студенти* (10*15*0,04=6)<br><br>Менаџмент во туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Туризмот и сообраќајната географија (3 часа неделен фонд)<br>Сообраќајна со туристичка географија (2 часа неделен фонд)<br>Управување со човечки ресурси (2 часа неделен фонд) | |

| | | |
|---|---|---|
| | *Вонредни студенти* (6*1*0,04=0,24)<br><br>Менаџмент во туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Туризмот и сообраќајната географија (3 часа неделен фонд)<br><br>**2018/2019 година (зимски семестар)**<br><br>*Редовни студенти* (12*15*0,04=7,2)<br><br>Алтернативни форми на туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторното планирање и туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторно планирање (4 часа неделен фонд)<br>Урбани системи (2 часа неделен фонд)<br><br>*Вонредни студенти* (7*1*0,04=0,28)<br><br>Просторното планирање и туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторно планирање (4 часа неделен фонд)<br><br>**2018/2019 година (летен семестар)**<br><br>*Редовни студенти* (9*15*0,04=5,4)<br><br>Менаџмент во туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Сообраќајна со туристичка географија (2 часа неделен фонд)<br>Урбани системи (2 часа неделен фонд)<br>Управување со човечки ресурси (2 часа неделен фонд)<br><br>*Вонредни студенти* (3*1*0,04=0,12)<br><br>Менаџмент во туризмот (3 часа неделен фонд)<br><br>**2019/2020 година (зимски семестар)**<br><br>*Редовни студенти* (11*15*0,04=6,6)<br><br>Алтернативни форми на туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторното планирање и туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторно планирање (2 часа неделен фонд)<br>Стратегија за развој на туризмот (3 часа неделен фонд)<br><br>*Вонредни студенти* (8*1*0,04=0,32)<br><br>Алтернативни форми на туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторното планирање и туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторно планирање (2 часа неделен фонд)<br><br>**2019/2020 година (летен семестар)**<br><br>*Редовни студенти* (7*15*0,04=4,2)<br><br>Менаџмент во туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Сообраќајна со туристичка географија (2 часа неделен фонд)<br>Урбани системи (2 часа неделен фонд) | |

| | | |
|---|---|---|
| | *Вонредни студенти* (3*1*0,04=0,12)<br><br>Менаџмент во туризмот (3 часа неделен фонд)<br><br>**2020/2021 година (зимски семестар)**<br><br>*Редовни студенти* (11*15*0,04=6,6)<br><br>Алтернативни форми на туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторното планирање и туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторно планирање (2 часа неделен фонд)<br>Стратегија за развој на туризмот (3 часа неделен фонд)<br><br>*Вонредни студенти* (8*1*0,04=0,32)<br><br>Алтернативни форми на туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторното планирање и туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторно планирање (2 часа неделен фонд)<br><br>**2020/2021 година (летен семестар)**<br><br>*Редовни студенти* (7*15*0,04=4,2)<br><br>Менаџмент во туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Сообраќајна со туристичка географија (2 часа неделен фонд)<br>Урбани системи (2 часа неделен фонд)<br><br>*Вонредни студенти* (6*1*0,04=0,24)<br><br>Менаџмент во туризмот (6 часа неделен фонд)<br><br>**2021/2022 година (зимски семестар)**<br><br>*Редовни студенти* (11*15*0,04=6,6)<br><br>Алтернативни форми на туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторното планирање и туризмот (3 часа неделен фонд)<br>Просторно планирање (2 часа неделен фонд)<br>Стратегија за развој на туризмот (3 часа неделен фонд)<br><br>*Вонредни студенти* (21*1*0,04=0,84)<br><br>Алтернативни форми на туризмот (6 часа неделен фонд)<br>Просторното планирање и туризмот (6 часа неделен фонд)<br>Просторно планирање (4 часа неделен фонд)<br>Стратегија за развој на туризмот (5 часа неделен фонд) | |
| | **Одржување настава – втор циклус студии – туризам** | **3** |
| | **2017 година (летен семестар)**<br><br>Алтернативни форми за развој на туризмот (4 часа неделен фонд)<br><br>(4*15*0,05=3) | |
| | **Одржување настава – трет циклус студии – географија** | **2,7** |

| | | |
|---|---|---|
| | **2017 година (летен семестар)**<br><br>Просторното планирање и туризмот (3 часа неделен фонд)<br><br>(3*15*0,06=2,7) | |
| **2.** | **Настава во школи и работилници** | **3** |
| | Учесник (експерт) во работилницата: „Просторен план на иднината“, поддржана од UNDP и организирана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на 3.11.2020 година преку платформата ZOOM.<br><br>Учесник во работилницата: „Заштитата на геодиверзитетот во Северна Македонија“, организирана од страна на Македонското географско друштво на 26.2.2021 година преку платформата Microsoft Teams.<br><br>Учесник во „iLearn Работилница“, организирана од Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на 19.4.2021 година, преку платформата Microsoft Teams. | 1<br><br>1<br><br>1 |
| **3.** | **Одржување теренска настава** | **3,6** |
| | **2019/2020 година (зимски семестар)**<br><br>Настава за студенска пракса (3*15*0,04=1,8)<br><br>**2019/2020 година (летен семестар)**<br><br>Настава за студенска пракса (3*15*0,04=1,8) | |
| **4.** | **Подготовка на нов предмет – предавања** | **6** |
| | Управување со човечки ресурси<br>Демографско стареење<br>Урбани системи<br>Туризмот и сообраќајната географија<br>Сообраќајна со туристичка географија<br>Стратегија за развој на туризмот (6*1=6) | |
| **5.** | **Консултации со студенти** | **1,832** |
| | 2017 година (летен семестар) (83*0,002=0,166)<br>2017/2018 година (зимски семестар) (167*0,002=0,334)<br>2017/2018 година (летен семестар) (101*0,002=0,202)<br>2018/2019 година (зимски семестар) (124*0,002=0,248)<br>2018/2019 година (летен семестар) (73*0,002=0,146)<br>2019/2020 година (зимски семестар) (99*0,002=0,198)<br>2019/2020 година (летен семестар) (60*0,002=0,12)<br>2020/2021 година (зимски семестар) (98*0,002=0,196)<br>2020/2021 година (летен семестар) (39*0,002=0,078)<br>2021/2022 година (зимски семестар) (72*0,002=0,144) | |
| **6.** | **Ментор на дипломска работа** | **7,8** |
| | Ментор на вкупно 39 дипломски работи (39*0,2=7,8) | |
| **7.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд** | **1,4** |

| | | |
|---|---|---|
| | Член во комисија за оцена и одбрана на 2 докторски труда (2*0,7=1,4) | |
| **8.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | **9,5** |
| | Член во комисија за одбрана на вкупно 95 дипломски работи (95*0,1=9,5) | |
| **9.** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | **8** |
| | Автор на универзитетскиот учебник: Алтернативен туризам: концепт, облици и современи трендови, објавен во 2021 година. (1*8=8) | |
| **10** | **Интерна скрипта од предавања** | **4** |
| | Алтернативни форми на туризмот (1*4=4) | |
| **11.** | **Пакет материјали од одреден предмет** | **4** |
| | Стратегија за развој на туризмот<br>Урбани системи<br>Управување со човечки ресурси<br>Демографско стареење (4*1=4) | |
| **12.** | **ВКУПНО** | **117,4** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Реден број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во национален научен проект** | **3** |
| | Носител: Институт за географија – ПМФ<br>Наслов: Трансформација на руралните средини Азот и Хас<br>Издавач/година: Институт за географија – ПМФ, 2017 година. | |
| **2.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал „Математика“ или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.** | **15** |
| | Iliev, D. (2019). Evolution and changes of tourism in Macedonia in the post-socialist period (1991–2018). *Journal of Geography, Politics and Society,* 9(3), 23-32. https://doi.org/10.26881/jpgs.2019.3.04<br><br>Iliev, D. (2018). Interregional inequalities at NUTS level 3 in Macedonia. *AUC Geographica,* 53(2), 183-192. https://doi.org/10.14712/23361980.2018.18 | 5<br><br>5<br><br>5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Iliev, D. (2018). Regional inequalities and contemporary problems in regional tourism development: a case of Macedonia. *Anatolia: An International Journal of Tourism and Hospitality Research,* 29(3), 368-378. https://doi.org/10.1080/13032917.2017.1422770 | |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование.** | **37,341** |
| | Iliev, D. (2021). Consumption, motivation and experience in dark tourism: a conceptual and critical analysis. *Tourism Geographies: An International Journal of Tourism Space, Place and Environment,* 23(5-6), 963-984. https://doi.org/10.1080/14616688.2020.1722215<br><br>Iliev, D. (2021). Urban Regeneration and Changes Driven by Tourism and the ‘Skopje 2014’ Project. Transylvanian Review of Administrative Sciences, 62 E, 94-114. DOI: 10.24193/tras.62E.6<br><br>Iliev, D. (2020). The evolution of religious tourism: Concept, segmentation and development of new identities. *Journal of Hospitality and Tourism Management,* 45, 131-140. https://doi.org/10.1016/j.jhtm.2020.07.012 | 8 + 6.640 (IF)=14,640<br><br><br><br>8 + 0,742 (IF)=8,742<br><br><br>8 + 5.959 (IF)=13,959 |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.** | **5** |
| | Iliev, D. (2019). Regional disparities of socio-economic development in North Macedonia. *Geographical Reviews,* 52, 147-156. https://doi.org/10.37658/GR19520147i | |
| **5.** | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД.** | **6** |
| | Ivanišević, M., Marjanović, M., & **Iliev, D.** (2021). Spatial Planning and Territorial Governance in North Macedonia: From Socialist Yugoslavia to European Integration. In E. Berisha, G. Cotella, & A. Solly (Eds.), *Governing Territorial Development in the Western Balkans. Advances in Spatial Science (The Regional Science Series).* (pp. 107-129). Cham: Springer. https://doi.org/10.1007/978-3-030-72124-4_6 | |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде** | **27** |

| | | |
|---|---|---|
| | **што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.** | |
| **Назив на предметната програма** | **Трет циклус студии:**<br>1. Токсикологија на храна<br>2. Безбедност на храната и анализа на ризик<br><br>**Втор циклус студии:**<br>1. Адитиви во храната<br>2. Амбалажни материјали и системи за пакување<br>3. Влијание на прехранбената индустрија врз животната средина<br><br>**Прв циклус студии:**<br>1. Хемија на храната<br>2. Храна и исхрана<br>3. Технологија на пакување |
| **Назив на студиската програма** | **Трет циклус студии:**<br>1. Технологија (ТЕХ)<br><br>**Втор циклус студии**<br>1. Прехранбена технологија и биотехнологија, модул: прехранбена технологија (ПТ) и модул: биотехнологија (Б)<br>2. Управување со квалитет и безбедноста на храната (УКБХ)<br>3. Инженерство на животна средина (ИЖС)<br><br>**Прв циклус студии** |

| | |
|---|---|
| | 1. Прехранбена технологија и биотехнологија, модул: прехранбена технологија (ПТ) |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** | **Трет циклус студии:**<br>2. Токсикологија на храната, изборен, 7,5 ЕКТС, ТЕХ, I и II семестар<br>3. Безбедност на храната и анализа на ризик, изборен, 7,5 ЕКТС, ТЕХ, I и II семестар<br><br>**Втор циклус студии:**<br>1. Адитиви во храната, изборен, 5 ЕКТС, ПТ, II семестар<br>2. Влијание на прехранбената индустрија врз животната средина, 5 ЕКТС, ИЖС, I семестар<br>3. Амбалажни материјали и системи за пакување, изборен, 5 ЕКТС, ПТ и УКБХ, I семестар<br><br>**Прв циклус студии:**<br>1. Хемија на храната, задолжителен, 5 ЕКТС, ПТ, V семестар<br>2. Храна и исхрана, 5 ЕКТС, задолжителен, ПТ, V семестар<br>3. Технологија на пакување, задолжителен, 5 ЕКТС, ПТ, VII семестар |

1. Предметот Токсикологија на храната, на студиската програма Технологија (ТЕХ), на трет циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет, е изборен предмет со број на ЕКТС-кредити 7,5 и се слуша во I и II семестар.
2. Предметот Безбедност на храната и анализа на ризик, на студиската програма Технологија (ТЕХ), на трет циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет, е изборен предмет со број на ЕКТС-кредити 7,5 и се слуша во I и II семестар.
3. Предметот Адитиви во храната, на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија, модул: прехранбена технологија (ПТ), на втор циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет, е изборен предмет со број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во II семестар.
4. Предметот Влијание на прехранбената индустрија врз животната средина, на студиската програма Инженерство на животна средина (ИЖС), на втор циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет, е изборен предмет со број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во I семестар.
5. Предметот Амбалажни материјали и системи за пакување, на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија, модул: прехранбена технологија (ПТ), и студиската програма Управување со квалитет и безбедноста на храната (УКБХ), на втор циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет, е изборен предмет со број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во I семестар.
6. Предметот Хемија на храната, на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија, модул: прехранбена технологија (ПТ), на прв циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет, е задолжителен предмет со број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во V семестар.
7. Предметот Храна и исхрана, на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија, модул: прехранбена технологија (ПТ), на прв циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет, е задолжителен предмет со број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во V семестар.

| | |
|---|---|
| 8. Предметот Технологија на пакување, на студиската програма Прехранбена технологија и биотехнологија, модул: прехранбена технологија (ПТ), на прв циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет, е задолжителен предмет со број на ЕКТС-кредити 4 и се слуша во VII семестар. | |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | 100 студенти |
| **Реден број на изданието** | второ издание |
| **Општи податоци за ракописот** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 371 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 19 поглавја (вклучувајќи ја литературата и индексот на поими) и содржи 145 слики и 8 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Кристина Младеновска, редовен професор, с.р.**

**2. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЕЛЕОНОРА ВИНКЕЛХАУЗЕН**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Ракописот „Токсикологија на храна“ е поделен во 19 поглавја, вклучувајќи ги литературата и индексот на поими.<br><br>**Поглавје 1. Основни поими во токсикологија.** Претставени се основните поими во токсикологијата: хемикалии, опасни хемикалии, токсикант или отров, токсикози, токсини, токсични инфекции, веноми и ксенобиотици. Поделбата на токсикологијата е направена врз основа на проучувањето на предметот, полето, целниот орган, механизмот или областа на истражувањето.<br>**Поглавје 2. Историја на токсикологија.** На прегледен начин, хронолошки е претставен развојот на токсикологијата и примената на хемикалиите низ вековите до денес.<br>**Поглавје 3. Идентификација и класификација на хемикалиите.** Регистарот на CAS-броеви за идентификување на хемикалиите, како и основите според кои хемикалиите се класифицираат во токсикологијата се претставени во ова поглавје.<br>**Поглавје 4. Токсичност, доза, одговор.** Објаснети се поимите токсичност (акутна, субакутна, субхронична и хронична токсичност), доза (летална доза 50, прифатливо ниво на изложеност), одговор-ефект во организмот, биорасположивост, токсикодинамика на хемикалиите (примарна реакциска фаза, биохемиски ефект и физиолошки манифестации).<br>**Поглавје 5. Изложеност и начин на внес на хемикалиите во организмот.** Претставени се начините за внес на хемикалиите во организмот, и тоа: перорално, со консумирање на контаминирана храна или вода, со инхалација, преку респираторниот систем или дермално. Исто така, објаснети се факторите кои делуваат врз процесот на биотрансформацијата на хемикалиите, односно факторите кои се поврзани со организмот и/или со хемикалијата.<br>**Поглавје 6. Механизми на токсично дејство и ефекти на хемикалиите во организмот.** Објаснети се механизмите на токсичното дејство на хемикалиите во организмот, и тоа со: директна хемиска реакција, нарушување или оштетување на клеточната структура, инхибиција на активноста на ензимите, појава на секундарно токсично дејство, формирање слободни радикали и нарушување на ендокрината функција во организмот. Исто така, објаснети се и ефектите на хемикалиите (толеранција, адитивност, синергизам, потенцирање и антагонизам). |

| | |
|---|---|
| | **Поглавје 7. Физиолошка класификација на токсичен одговор/ефект.** Во ова поглавје, хемикалиите се класифицирани според физиолошкиот токсичен ефект врз определени системи во организмот, и тоа: хемотоксичност, кардиотоксичност, гастроинтестинална токсичност, пулмотоксичност, хепатотоксичност, нефро-токсичност, невротоксичност, дермотоксичност, репродуктивна токсичност, ендокринотоксичност и имунотоксичност.<br>**Поглавје 8. Хемиска изложеност и биомаркери.** Процесот на изложеност на организмот при непосредниот контакт со контаминентите, најчесто хемикалиите или контаминираниот медиум, детално е претставен. Дефиниран е поимот биомаркер или биолошки маркер како одговор на интеракцијата меѓу биолошките системи и потенцијална опасност. Истовремено, претставена е и поделбата на биомаркерите во три меѓусебно поврзани групи, и тоа: биомаркери на изложеност, биомаркери на одговор/ефект и биомаркери на чувствителност.<br>**Поглавје 9. Инструментални методи за детекција, идентификација и квантификаци- ја на хемикалиите во храната.** Претставени се методите кои се користат за детекција, идентификација и квантификација на хемикалиите во храната. Објаснети се хемиските методи, физичките и физичко-хемиските методи, биолошките, биохемиските и имунолошките методи, како и органолептичките методи.<br>**Поглавје 10. Проценка на ризик при изложеност на хемикалии од храна.** Објаснет е поимот проценка на ризик, кој претставува логичен и научно утврден процес со кој се дефинира веројатноста за појава на можни несакани ефекти при изложеност на организмот на хемикалии. Разгледани се четирите основни фази преку кои се изведува проценката на ризикот, и тоа: идентификација на опасноста, карактеризација на опасноста, проценка на изложеност и карактеризација на ризикот.<br>**Поглавје 11. Ендогени токсични хемикалии од растително и животинско потекло.** Во ова поглавје се објаснети ендогените токсични хемикалии од растително потекло (алкалоиди, ензимски инхибитори, глукозинолати, кумарини, лектини, цијаногени гликозиди, фитоестрогени, фуранокумарини, токсични аминокиселински деривати, токсични липиди, оксалати, флуороацетати, птеридиум токсини, сапонини, грејанотоксини и токсини од габи). Од ендогените токсични хемикалии од животинско потекло, претставени се лактозата, фитанската киселина, |

| | |
|---|---|
| | авидинот протеин од белката на јајцето и токсините од водните животни.<br>**Поглавје 12. Контаминенти од животната средина.** Во ова поглавје претставени се контаминетите на храната од животната средина, т.е. хемикалиите кои се емитуваат во најразлични облици од индустријата, земјоделството, моторните возила, природните катастрофи и хавариите. Детално се објаснети токсиколошките ефекти на металите, анјоните, диоксини, фураните, бифенилите и полицикличните ароматични јаглеводороди.<br>**Поглавје 13. Микотоксини - природни контаминенти во храна.** Претставени се природните контаминенти во храната – микотоксините. Според дејството во организмот и болестите што ги предизвикуваат, микотоксините се класифицирани на хепатоксини, невротоксини, нефротоксини, естрогени токсини, цитотоксини, имунотоксини, респираторни и гастроинтестинални токсини.<br>**Поглавје 14. Пестициди во храна.** Детално се објаснети механизмот на дејствување, токсиколошките ефекти и здравствените ризици на претставници од најчесто користените пестицидите во продукцијата на храната (органохлорни и органофосфорни пестициди, карбаматни пестициди, синтетички пиретроиди, хербициди, бипиридили, фунгициди, родентициди, неоникотиноиди и фипронил).<br>**Поглавје 15. Контаминенти кои се формираат ненамерно во процесите на преработка и чување на храната.** Претставени се карактеристиките и здравствениот ризик на токсичните супстанции кои се формираат во храната при нејзината преработка и при складирањето, како што се: ацеталдехидот, етил карбаматот, бензопиренот, бактериските ендо- и егзотоксини, биогени амините, *N*-нитрозоамините, акриламидот хлорпропанолите, хетероцикличните ароматични амини, полинезаситените и трансмасните киселини.<br>**Поглавје 16. Токсични супстанции во материјалот за пакување храна.** Претставени се карактеристиките на полимерните материјали како најчесто применувани во пакувањето на храната. Особен акцент е ставен на здравствените ризици и токсиколошките ефекти на супстанциите од полимерните материјали кои мигрираат во храната.<br>**Поглавје 17. Адитиви во храната.** Карактеристиките и ризикот од употребата на најчесто користените адитиви (бои, конзерванси, антиоксиданси, засладувачи, засилувачи на вкус, |

| | |
|---|---|
| | стабилизатори, емулгатори, и секвестранти), претставени се во ова поглавје.<br>**Поглавје 18. Витамини.** Дадени се главните карактеристики на витамините, вредностите за потребниот дневен внес и можните промени во организмот при изложеност на зголемени дози на витамините растворливи во маснотии (A, D, E и K), како и на водорастворливите витамини (C и витамините од групата B).<br>**Поглавје 19. Литература.** Во ова поглавје е претставена литературата која е користена во подготвувањето на ракописот, и тоа: вкупно 148 библиографски единици и 17 интернет-бази на податоци. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма** | Ракописот е целосно усогласен со предметот Токсикологија на храната.<br>Некои поглавја, според својата содржина, се усогласени со дел од други наставни предмети, така што ракописот може да биде полезен и за оние што ги слушаат предметите: Безбедност на храната и анализа на ризик, Адитиви во храната, Амбалажни материјали и системи за пакување, Влијание на прехранбената индустрија врз животната средина, Хемија на храната, Храна и исхрана и Технологија на пакување. |
| **Оцена на учебникот** | Ракописот „Токсикологијата на храна“ е стручно подготвен и претставува конструктивна целина со логичен редослед на изложување на материјата која се обработува.<br>Авторите на концизен и соодветен начин ги разработуваат посебните поглавја од ракописот со што им овозможуваат на студентите да се стекнат со нови знаења од оваа област. Ракописот е, исто така, значаен и за понатамошен развој и обука во струката. |
| **Категоризација** | учебник |
| **Предлози за потребни корекции** | Предлозите за корекции и забелешките се доставени до авторите и тие се земени предвид при конечното оформување на ракописот. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување** | Ракописот кој е предаден за објавување содржи 371 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 19 поглавја (вклучувајќи ја литературата и индексот на поими) и содржи 145 слики и 8 табели.<br>Врз основа на изнесенетите податоци за ракописот, тој може да се користи како учебник за предметот Токсикологија на храната, но може да е полезен и за сродни предмети. Него може да го користат и студенти од други факултети, инженери и сите оние што имаат интерес за оваа област. |

| | |
|---|---|
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Ракописот не содржи дискриминаторски содржини. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | Во второто издание споредено со првото издание, процентот на промените и дополнувањата изнесува 36 %. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како **учебник** по **предметот Токсикологија на храната, второ издание**, примарно наменет за студентите на **Технолошко-металуршкиот факултет** при УКИМ во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Д-р Елеонора Винкелхаузен, редовен професор во пензија, Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје, с.р.**

### 3. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Кристина Младеновска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Ракописот „Токсикологија на храна“, содржински и функционално е поделен во 19 поглавја, вклучувајќи ја литературата и индексот на поими.<br>Ракописот е извонреден референтен извор на ажуриран материјал претставен на едноставен и лесно прифатлив начин, со експлицитно објаснување на оваа хетерогена и комплексна проблематика. Многу нови сознанија и информации се инкорпорирани во основната содржина.<br>Редоследот на поглавјата во ракописот е логичен. Обработени се основните поими во токсикологијата (Поглавје 1) и хронолошки е претставен историскиот развој (Поглавје 2). Исто така, претставени и објаснети се:<br>• начините за идентификација и класификација на хемикалиите (Поглавје 3);<br>• поимите за токсичност, доза и одговор на организмот (Поглавје 4);<br>• начините за изложеност и внес на хемикалиите во организмот (Поглавје 5);<br>• механизмите на токсичното дејство и ефектите на хемикалиите во организмот (Поглавје 6);<br>• физиолошката класификација на хемикалиите според токсичен ефект врз определени системи во организмот (Поглавје 7);<br>• процесот на изложеност на организмот при непосредниот контакт со хемикалиите и поделбата на биомаркерите (Поглавје 8);<br>• инструменталните методи за детекција, идентификација и квантификација на хемикалиите во храната (Поглавје 9);<br>• проценка на ризикот при изложеност на хемикалиите од храната (Поглавје 10);<br>• карактеристиките и здравствениот ризик на ендогените токсични хемикалии со потекло од растенијата и животните (Поглавје 11);<br>• карактеристиките и токсиколошките ефекти на контаминентите на храната од животната средина (Поглавје 12);<br>• микотоксини – природни контаминенти во храната (Поглавје 13);<br>• токсиколошките ефекти и здравствените ризици од пестицидите кои се употребуваат во производството и складирањето на храната (Поглавје 14);<br>• карактеристиките и здравствениот ризик на контаминентите – токсичните супстанции кои се формираат ненамерно во процесите на преработката и чувањето на храната (Поглавје 15); |

| | |
|---|---|
| | • токсичните супстанции од материјалите за пакување, со посебен акцент на полимерните амбалажни материјали (Поглавје 16);<br>• карактеристиките и здравствениот ризик на адитивите кои се употребуваат во прозводството на храната (Поглавје 17);<br>• карактеристиките на липосолубилните и хидросолубилните витамини, како и здравствените ризици при при изложеност со витамини (Поглавје 18).<br>Во поглавјето 19, Литература, претставени се библиографски единици (148) и интернет-бази на податоци (17). |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма** | Содржината на ракописот „Токсикологија на храна“ во целост е усогласен со предметната програма Токсикологија на храна.<br>Исто така, ракописот е усогласен и со одредени поглавја од содржината на предметните програми на студиските програми од областа на храната и технологијата на прв, втор и трет циклус студии на Технолошко-металуршкиот факултет при УКИМ во Скопје. |
| **Оцена на учебникот** | Ракописот „Токсикологија на храна“ е напишан на високо стручен, едноставен и истовремено разбирлив начин.<br>По концепција, структура, обем и сеопфатност, ракописот во целост го презентира проблемот што е предмет на обработка.<br>Стилот на пишување е прикладен како за студентите, така и за секој заинтересиран за ова подрачје од токсикологијата, пред сѐ за стручњаците кои професионално се занимаваат со истражување на проблемот со токсикологијата на храната. |
| **Категоризација** | учебник |
| **Предлози за потребни корекции** | Забелешките се коригирани. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 371 страница (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 19 поглавја (вклучувајќи ја литературата и индекс на поими) и содржи 145 слики и 8 табели. |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот не содржи дискриминаторски содржини. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | Процентот на промените е повеќе од 25 %. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како **учебник** по **предметот Токсикологија на храна, второ издание,** примарно наменет за студентите на **Технолошко-металуршкиот факултет** при УКИМ во Скопје. Учебникот „Токсикологија на храна“ е особено корисен и за студентите на Фармацевтскиот факултет во Скопје, како и за студентите на другите факултети кои во рамките на наставната програма ги обработуваат содржините од областа на токсикологијата, безбедноста и квалитетот на храната, или нутриционизмот. Исто така, тој може да биде користен и од експертите и од сите други кои во професионалната или научноистражувачката работа на каков било начин се вклучени во производството на храната, безбедноста на храната и во превентивните основи за заштита на животот и здравјето на луѓето.

**Рецензент**

**Д-р Кристина Младеновска, редовен професор,**
**Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје, с.р.**

***<u>Прилог бр. 2</u>***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИГИЕНА И ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРОИЗВОДИ И СУРОВИНИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ број 2421 и „Коха“ број 4410 од 4-5 декември 2021 година, за избор на еден наставник во сите наставно научни звања во наставно-научната област 40728-хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 0202-1817/3 донесена на 24.12.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Павле Секуловски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Андреј Кирбиш, редовен професор на Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Љубљана, Република Словенија и д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, во предвидениот рок се пријави д-р Деан Јанкулоски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот доц. д-р Деан Јанкулоски е роден на 23.IX 1973 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје. Со високо образование се стекнал на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дипломирал во декември 1999 година, со просечен успех 9,31.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Постдипломските студии ги запишал на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во учебната 2005/2006 година. На 25 јули 2007 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Контаминација со *Listeria monocytogenes* во погоните за производство и преработка на прехранбени производи од анимално потекло во Република Македонија” и се стекнал со звањето магистер по квалитет и безбедност на храна.

На 10 август 2012 година, успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов „Генетска типизација на изолатите од *Listeria monocytogenes* по должина на синџирот на храна во Република Македонија и нивното влијание врз производството на безбедна храна”, пред Комисија во состав: д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Павле Секуловски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот

„Св. Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Славчо Мреношки, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, и д-р Дине Митров, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од областа на ветеринарната медицина.

На 1.X 2012 година е избран во звањето доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во областа хигиена и технологија на производи и суровини од анимално потекло.

Последниот реферат за избор во вонреден професор е објавен во Билтен бр.1147 од 1.7.2017 година.

Д-р Деан Јанкулоски во моментов е во редовен работен однос како вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со бр. 819 од 15 јануари 2003 година, бр. 898 од 1 јуни 2006 година, бр. 930 од 15 ноември 2007 година, бр. 993 од 1 октомври 2010 година, бр. 1038 од 14.9.2012 година (стр. 196-218) (доцент) и бр. 1147 од 1.7.2017 година (вонреден професор), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина, кандидатот д-р Деан Јанкулоски изведува теоретска и практична настава (вежби) по предметите: Контрола на хигиена и технологија на млеко, Контрола на хигиена и технологија на месо, Вовед во хигиена на храна, Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство и Пракса во претпријатија за преработка на храна. Исто така, кандидатот изведува настава на трет циклус – докторски студии по Безбедност на храна и втор циклус на стручните специјалистички студии по Квалитет и безбедност на храна.

Кандидатот е ментор на 1 докторска работа и учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 5 докторски дисертации.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Деан Јанкулоски, од последниот избор, има објавено вкупно 28 научни трудови од соодветните научни области, од кои 3 научни труда во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), 4 труда во меѓународни научни списанија, односно меѓународни научни публикации и 21 труд (апстракти) во зборници од научни собири.

Д-р Деан Јанкулоски бил раководител на 1 национален, а учествувал и како член и во повеќе меѓународни и национални проекти.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Деан Јанкулоски активно е вклучен во стручно-апликативната работа преку лабораториите за микробиологија на храна и храна за животни и Лабораторијата за молекуларни анализи на храна и ГМО.

Од 2013 година е раководител на Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Член е на повеќе факултетски комисии. Кандидатот активно учествува во промотивни активности на Факултетот во земјата и во странство.

Остварил повеќе стручни усовршувања и престои во странство.

Д-р Деан Јанкулоски е автор на учебното помагало „Прирачник за надзор на антимикробната отпорност на Campylobacter spp. ISBN 978-9989-774-35-5”.

Член е на Организациониот одбор на меѓународната научна конференција „Денови на ветеринарна медицина”, организирана од неговиот матичен факултет,

Член е на локалниот уредувачки одбор на Македонски ветеринарен преглед, научно-стручно списание чиј издавач е Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Член е на VPHA (Veterinary Public Health Association) од Велика Британија, Националниот совет за безбедност на храна и храна за животни на Република Македонија и е контакт-лице за INFOSAN за Република Македонија и бил член на Научниот комитет за ГМО 2017 – 2021 година.

Кандидатот е лиценциран судски вештак од областа на ветеринарството.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и тоа: Комисија за изготвување на предлог-наставен план и програма за специјалистичките стручни студии од втор циклус по Квалитет и безбедност на храна, Комисија за изготвување на Стратегијата за развој на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Комисија за изготвување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, Комисија за изработка на Деловник за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Работна група за изработка на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стекнување и распределба на вкупниот приход на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Факултетот за ветеринарна медицна во Скопје; член е на Кризен штаб на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за превенција од ширење на коронавирусот, како и други комисии и тела поврзани со промоцијата и работата на Факултетот.

Д-р Деан Јанкулоски е член на еден меѓународен уредувачки одбор на странско научно списание.

Член е на организациони одбори на симпозиуми, односно конгреси во странство.

Кандидатот е уредник на монографијата „90 години ветеринарна наука и едукација”, чиј издавач е Факултет за ветеринарна медицина во Скопје (ISBN 978-9989-774-28-7).

Бил член на една рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Деан Јанкулоски учествувал во изготвување и пријавување на еден меѓународен научен проект.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Деан Јанкулоски доби позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, со Одлука на ННС со бр. 0202-398/2 од 10.3.2017, Одлука на ННС со бр. 0202-1709/4 од 27.9.2017, Одлука на ННС со бр. 0202-804/2 од 28.5.2018, Одлука на ННС со бр. 0201-414/3 од 14.3.2019, Одлука на ННС со бр. 0202-153/10 од 13.02.2020 и Одлука на ННС со бр. 0202-437/7 од 16.4.2021 година.

Напомена: Членот на Комисијата, д-р Андреј Кирбиш, редовен професор на Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Љубљана, Република Словенија, го познава македонскиот јазик.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Деан Јанкулоски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Деан Јанкулоски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Деан Јанкулоски да биде избран во звањето редовен професор во научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Павле Секуловски, с.р.**
**редовен професор,**
**Факултет за ветеринарна медицина – Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

**Проф. д-р Андреј Кирбиш, с.р.**
**редовен професор,**
**Ветеринарен факултет,**
**Универзитет во Љубљана**

**Проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, с.р.**
**редовен професор,**
**Факултет за ветеринарна медицина – Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

# О Б Р А З Е Ц 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Деан Миле Јанкулоски**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Факултет за ветеринарна медицина – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,36<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло; поле: ветеринарна медицина; подрачје: земјоделски и ветеринарни науки (биотехнички науки). | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Macedonian veterinary Macedonian Veterinary Review<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: Prevalence of the enterotoxigenic staphylococcus aureus strains isolated from raw milk and cheese produced in North Macedonia<br>4. Година на објава: 2021 | да |
| 3.1.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Journal of Food Quality and Hazards Control 6<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: Acrylamide Content in Food Commodities Consumed in North Macedonia and Its Risk Assessment in the Population<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.1.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Kafkas Universitesi Veteriner Fakultesi Dergisi 25<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: Development and validation of LC-MS/MS method for determination of ten beta agonists in bovine urine<br>4. Година на објава: 2018 | да |
| 3.1.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Prevalence, Detection of Resistance Genes and Antimicrobial Resistance of Campylobacter jejuni in Broilers in North Macedonia<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Isolation rate of Campylobacter spp. and detection of virulence genes of Campylobacter jejuni across the broiler chain<br>4. Година на објава: 2021 | да |
| 3.1.5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Macedonian veterinary Macedonian Veterinary Review<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Determination of Aflatoxins an ochratoxins A in animal liver using HPLC-FD method with immunoaffinity column clean - up<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: BMC Chemistry<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):<br>Senior Editorial Board Members<br>Vassya Bankova, Bulgarian Academy of Science, Bulgaria<br>Avishek Paul, University of Glasgow, UK<br>Livia Simon Sarkadi, Budapest University of Technology and Economics, Hungary<br>Alison Willows, University of Brighton, UK<br>Rui Yang, Tsinghua University, China<br>Peng Zhan, Shandong University, China<br>Vania Zuin, Federal University of São Carlos, Brazil<br>3. Наслов на трудот: A new LC–MS/MS method for multiple residues/contaminants in bovine meat<br>4. Година на објава: 2021 | да |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: Beverages<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Basel, Switzerland<br>3. Наслов на трудот: Detection and Pulsed-Field Gel Electrophoresis Typing of *Listeria monocytogenes* Isolates from Milk Vending Machines in Croatia<br>4. Година на објава: 2019 | да |
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceedings of international conference on agriculture and life science (ICOLAS III)<br>2. Назив на меѓународниот собир: international conference on agriculture and life science<br>3. Имиња на земјите: САД, Швајцарија, Италија, Албанија, Канада, Германија, Франција<br>4. Наслов на трудот: Antimicrobial resistance of commensal *Escherichia coli* isolated from dairy cow feces<br>5. Година на објава: 2021 | да |
| 4.1 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: ПРИРАЧНИК за надзор на антимикробната отпорност на Campylobacter spp. ISBN 978-9989-774-35-5<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2021 | |
| 4.2 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: МОНОГРАФИЈА „90 години ветеринарна наука и едукација” ISBN 978-9989-774-28-7<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2017 | да |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: бр. 1147 од 1.7.2017 | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновн работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од прввиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

АНЕКС 2

# О Б Р А З Е Ц
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Деан Миле Јанкулоски**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Факултет за ветеринарна медицина – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло**

**НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **поени** |
|---|---|---|
| **Одржување на настава** | | |
| 1. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар (2+2), 2017/2018 | 1,2 |
| 2. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар (2+3), 2017/2018 | 1,8 |
| 3. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар (2+2), 2018/2019 | 1,2 |
| 4. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар (2+3), 2018/2019 | 1,8 |
| 5. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар (2+2), 2019/2020 | 1,2 |
| 6. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар (2+3), 2019/2020 | 1,8 |
| 7. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар (2+2), 2020/2021 | 1,2 |
| 8. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар (2+2), 2017/2018 | 1,2 |
| 9. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар (2+2), 2018/2019 | 1,2 |
| 10. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар (2+2), 2019/2020 | 1,2 |
| 11. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар (2+2), 2020/2021 | 1,2 |
| 12. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар (2+2), 2017/2018 | 1,2 |
| 13. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар (2+2), 2018/2019 | 1,2 |
| 14. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар (2+2), 2019/2020 | 1,2 |
| 15. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар (2+2), 2020/2021 | 1,2 |
| **Одржување на вежби (практична настава)** | | |
| 16. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар (2+2), 2017/2018 | 0,9 |
| 17. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар (2+3), 2017/2018 | 1,35 |
| 18. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар (2+2), 2018/2019 | 0,9 |
| 19. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар (2+3), 2018/2019 | 1,35 |
| 20. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар (2+2), 2019/2020 | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар (2+3), 2019/2020 | 1,35 |
| 22. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар (2+2), 2020/2021 | 0,9 |
| 23. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар (2+2), 2017/2018 | 0,9 |
| 24. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар (2+2), 2018/2019 | 0,9 |
| 25. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар (2+2), 2019/2020 | 0,9 |
| 26. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар (2+2), 2020/2021 | 0,9 |
| 27. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар (2+2), 2017/2018 | 0.9 |
| 28. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар (2+2), 2018/2019 | 0,9 |
| 29. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар (2+2), 2019/2020 | 0,9 |
| 30. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар (2+2), 2020/2021 | 0,9 |
| **Консултации со студенти** | | |
| 31. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2017/2018, 16 студенти | 0,032 |
| 32. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, 2017/2018, 16 студенти | 0.032 |
| 33. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, 2018/2019, 5 студенти | 0,01 |
| 34. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, 2018/2019, 5 студенти | 0,01 |
| 35. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, 2019/2020, 15 студенти | 0,3 |
| 36. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, 2019/2020, 15 студенти | 0,3 |
| 37. | Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, 2020/2021, 9 студенти | 0,018 |
| 38. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, 2017/2018, 16 студенти | 0,032 |
| 39. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, 2018/2019, 5 студенти | 0,01 |
| 40. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, 2019/2020, 15 студенти | 0,3 |
| 41. | Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, 2020/2021, 9 студенти | 0,018 |
| 42. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар, 2017/2018, 16 студенти | 0,032 |
| 43. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар, 2018/2019, 5 студенти | 0,01 |
| 44. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар, 2019/2020, 15 студенти | 0,3 |
| 45. | Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар, 2020/2021, 9 студенти | 0,018 |
| **Настава во школи и работилници** | | |
| 46. | Учество во Годишна работилница на EURL Campylobacter, 28 – 30 мај 2018 година, Упсала, Шведска (Одлука бр. 0201-690/3-18 од 3.5.20218 година) | 1 |
| 47. | Учество на VI конгрес на Здружението на микробиолози на Македонија со меѓународно учество, 31.5 – 2.6.2018 година), Охрид, Македонија | 1 |
| 48. | Учество на тренинг-активности за превенција и контрола на антимикробната резистенција во контекст на пристапот едно здравје со цел превенција и контрола на инфекциите и редукција на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | антимикробната резистенција, 11-14.12.2017 година, Прага, Чешка Република (Одлука бр. 0201-2211/3-14 од 15.12.2017 година). | |
| 49. | Учество на конференција: International Mass Spectrometry Arena” 23-25.04.2018 година, Варшава, Поска (Одлука бр. 0201-591/5-1 од 16.04.2021 година) | 1 |
| 50. | Учество на 7. Конгрес за ветеринарна едукација и наука, 5-8.10.2017 година, Хазгеб, Хрватска (Одлука бр. 0201-1735/4-13 од 27.09.2017 година). | 1 |
| 51. | Учество на 59. Меѓународна конференција за индустрија за месо, 1-4.10.2017 година (Одлука бр. 0201-1735/4-13 од 27.09.2017 година). | 1 |
| 52. | CEEPUS Teacher mobility, CIII-HR-0107-11-1718-M-113877, VetNEST, Host institution: University of Zagereb, Faculty of veterinary medicine, Letter of confirmation 17.05.2018 година. | |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд** | | |
| 53. | Комисија за одбрана на докторскиот труд под наслов: „Ентеротоксогени соеви на стафилококи во млечната индустрија во РС Македонија“, (Одлука бр. 0202-1343/9 од 30.9.2021 година) | 0,7 |
| 54. | Комисија за оценка на докторскиот труд под наслов: „Типизација на Campylobacter spp. во синџирот на храна“, поднесен од кандидатот м-р Љупчо Ангеловски, (Одлука бр. 0202-851/3 од 29.6.2021 година). | 0,7 |
| 55. | Комисија за одбрана на докторскиот труд под наслов: „Мултирезидуална анализа на антибиотици во млеко со примена на LCMS/MS-метод“, поднесен од кандидатот м-р Ѓулаи Алија (Одлука бр. 0202-437/8 од 16.4.2021 година) | 0,7 |
| 56. | Комисија за одбрана на докторскиот труд под наслов: „Оптимизација и валидација на Real-time PCR-метод за анализа на генетски модифицирана храна“, поднесен од кандидатот Арита Сабриу, (Одлука бр. 0202-1343/10 од 30.09.2021 година). | 0,7 |
| 57. | Комисија за одбрана на докторскиот труд под наслов: „Типизација на Campylobacter spp. во синџирот на храна“, поднесен од кандидатот Љупчо Ангеловски, (Одлука бр. 0202-663/5 од 25.5.2021 година) | 0,7 |
| **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | | |
| 58. | **Автор – Прирачник за надзор на антимикробната отпорност на *Campylobacter spp.*; проф. д-р Ромел Велев, доц. д-р Голубинка Бошевска, проф. д-р Елена Трајковска Докиќ, проф. д-р Деан Јанкулоски, н. сор. д-р Гордана Мирчевска, м-р Љупчо Ангеловски (Одлука бр. 0202-1610/4 од 19.11.2021 година) CIP – Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски”, Скопје 579.835.12.017.4:615.33(035) 615.33.015.8:579.835.12(035), ISBN 978-9989-774-35-5, COBISS.MK-ID 56030725** | 8 |
| **ВКУПНО** | | **52,6** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **поени** |
|---|---|---|
| **Учесник во меѓународен проект** | | |
| 1. | Integrated Radiometric and Complementary Techniques for Mixed Contaminants and Residues in Food. IAEA (17.03.2017-16.03.2022) | 5 |
| **Учесник во национален проект** | | |
| 2. | Проценка на контаминацијата на некои видови храна со акриламид како продукт на реакцијата и евалуација на одредени постапки за негова редукција во термички обработени производи од компир. Финансирано | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр.02-417/55 од 26.3.2018) | |
| 3. | Биомониторинг на антимикробна отпорност и типизација на патогени и коменсални бактерии во отпадни води од објекти на производство на храна. Финансирано од Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Одлука бр. 02-613/6 од 18.5.2021) | 3 |
| 4. | Антимикробна резистенција кај изолати на коменсална Escherichia coli во Република Северна Македонија (Одлука бр. 0202-2090/3 од 3.12.2019) | 3 |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | | |
| 5. | Biljana Stojanovska-Dimzoska, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Zehra Hajrulai-Musliu, Risto Uzunov, Aleksandra Angeleska, Dean Jankuloski, Katerina Blagoevska, DETERMINATION OF AFLATOXINS AND OCHRATOXIN A IN ANIMAL LIVER USING HPLC-FD METHOD WITH IMMUNOAFFINITY COLUMN CLEAN-UP, Mac Vet Rev 2021; 44 (2): 119-127, https://doi.org/10.2478/macvetrev-2021-0017 | 3 |
| 6. | Ljupco Angelovski, Zagorka Popova, Katerina Blagoevska, Sandra Mojsova, Marija Ratkova Manovska, Mirko Prodanov, Dean Jankuloski, Pavle Sekulovski, ISOLATION RATE OF CAMPYLOBACTER SPP. AND DETECTION OF VIRULENCE GENES OF CAMPYLOBACTER YEYUNI ACROSS THE BROILER CHAIN, Mac Vet Rev 2021; 44 (2): 149-157. | 3 |
| 7. | Marija Ratkova Manovska, Mirko Prodanov, Ljupcho Angelovski, Dean Jankuloski, Pavle Sekulovski, PREVALENCE OF THE ENTEROTOXIGENIC STAPHYLOCOCCUS AUREUS STRAINS ISOLATED FROM RAW MILK AND CHEESE PRODUCED IN NORTH MACEDONIA, Mac Vet Rev 2021; 44 (1): 71-77 | 3 |
| 8. | Nevijo Zdolec, Dean Jankuloski, Marta Kiš, Brigita Hengl and Nataša Mikulec, Detection and Pulsed-Field Gel Electrophoresis Typing of Listeria monocytogenes Isolates from Milk Vending Machines in Croatia, Beverages 2019, 5, 46; doi:10.3390/beverages5030046 www.mdpi.com/journal/beverage. | 3 |
| 9. | E. Dimitrieska-Stojkovikj, A. Angeleska, B. Stojanovska-Dimzoska, Z. HajrulaiMusliu,D. Koceva, R. Uzunov, G. Ilievska, G. Stojković, D. Jankuloski. Acrylamide Content in Food Commodities Consumed in North Macedonia and Its Risk Assessment in the Population. Journal of Food Quality and Hazards Control 6 (2019) 101-108. DOI: 10.18502/jfqhc.6.3.1383 | 3 |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | | |
| 10. | Zehra Hajrulai Musliu, Risto Uzunov, Stefan Jovanov, Dean Jankuloski, Velimir Stojkovski, Lazo Pendovski and James Jacob Sasanya, A new LC–MS/MS method for multiple residues/contaminants in bovine meat, BMC Chemistry (2021) 15:62 https://doi.org/10.1186/s13065-021-00788-5 (IF= | 4.8+2.094= 6.894 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.094) | |
| 11. | Risto Uzunov, Zehra Hajrulai-Musliu, Velimir Stojkovski, Elizabeta Dimitrieska Stojkovic, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Pavle Sekulovski, Dean Jankuloski. Development and Validation of LC-MS/MS Method for Determination of Ten Beta Agonists in Bovine Urine. Kafkas Univ Vet Fak Derg, 25 (1): 55-60, 2019. DOI: 10.9775/kvfd.2018.20324 (IF =0.75) | 4.8+0.75 =5.55 |
| 12. | Valerij Pažin, Dean Jankuloski, Lidija Kozacinski, Vesna Dobranic, Bela Njari, Željka Cvrtila, José Manuel Lorenzo and Nevijo Zdolec, Tracing of Listeria monocytogenes Contamination Routes in Fermented Sausage Production Chain by Pulsed-Field Gel Electrophoresis Typing, Foods 2018, 7, 198; doi:10.3390/foods7120198 (IF =3.011) | 4.8+3.01 1= 7.811 |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научнопопуларно списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | | |
| 13. | Mojsova S., Angelovski Lj., Jankuloski D.,Simonovska J., Velickova E.. Antimicrobial effect of oregano-chitosan double coatings on Listeria monocytogenes in meat products IOP Conference Series: Earth and Environmental Science conferenceseries.iop.org/ees Volume 333, 2019, p. 497-502 | 1,8<br><br>3x 60% |
| 14. | Angelovski Lj., Popova Z., Blagoevska K., Mojsova S., Ratkova Manovska M., Prodanov M., Jankuloski D., Sekulovski P. Prevalence, Detection of Resistance Genes and Antimicrobial Resistance of Campylobacter jejuni in Broilers in North Macedonia. Veterinary Sciences: Research and Reviews, 7(2), 2021, p. 101-108. | 1,8<br><br>3x 60% |
| **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се однајмалку три земји** | | |
| 15. | R. Uzunov, Z.H. Musliu, M. Arapceska, E.D. Stojkovic, B.S. Dimzoska, D. Jankuloski, V. Stojkovski and L. Pendovski Development and validation of GC-FID method for detection of vegetable oils in dairy products pg. 475, Wageningen Academic Publishers 2018, DOI 10.3920/978-90-8686-869-8_75. | 1.8 |
| 16. | Ljupčo Angelovski, Dean Jankuloski, Radmila Črčeva Nikolovska, Aleksandra Angjeleska, Pavle Sekulovski (Veterinarski fakultet, Skopje – Sjeverna Makedonija) Pitanje antimikrobne rezistencije na nivou farme The issue of antimicrobial resistance on farm-level, ZBORNIK SAŽETAKA 26. MEĐUNARODNOG SAVJETOVANJA KRMIVA 2019 pg. 101 | 1.8 |
| 17. | Aleksandra Angeleska, Radmila Črčeva Nikolovska, Elizabeta Dimitrieska Stojkovik, Zehra Hajrulai-Musliu, Ljupčo Angelovski, Biljana Dimzovska, Dean Jankuloski (Veterinarski fakultet, Skopje – Sjeverna Makedonija) Razine zračenja u uzorcima dikalcijevog fosfata (DCP) metodom gama spektrometrije Radiation levels in samples of dicalcium phosphate (DCP) with a gamma spectrometry method, ZBORNIK SAŽETAKA 26. MEĐUNARODNOG SAVJETOVANJA KRMIVA 2019, pg. 118 | 1.8 |
| **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** | | |
| 18. | Lj. Angelovski, S. Mojsova, D. Jankuloski, Effect of organic acids on pathogen microorganisms in meat Book of abstracts EUROMICROPH 12-14th February Lisbon, Portugal 2020 pg39 | 1 |
| 19. | S. Mojsova, Lj. Angelovski, D. Jankuloski Effect of bacteriocins on pathogen microorganisms in cheese Book of abstracts EUROMICROPH 12-14th February Lisbon, Portugal 2020,pg47 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 20. | M.Keluku, K.Blagoevska, M.Ratkova, S.Mojsova, ZH. Musliu, D.Jankuloski. Antimicrobial resistance of commensal Escherichia coli isolated from dairy cow feces. 3rd International conference on Agriculture and life Scienses (ICOALSIII) 1-3 November Tirana 2021, p451-452 | 1 |
| 21. | Lj. Angelovski, S. Mojsova, D. Jankuloski, Effect of organic acids on pathogen microorganisms in meat, Book of abstracts Lisbon, Portugal 2020, pg. 39 | 1 |
| 22. | S. Mojsova, Lj. Angelovski, D. Jankuloski Effect of bacteriocins on pathogen microorganisms in cheese Book of abstracts, EUROMICROPH Lisbon, Portugal 2020,pg. 47 | 1 |
| 23. | Velimir Stojkovski, Stefan Jovanov, Risto Uzunov, Zehra Hajrulai-Musliu, Dean Jankuloski. Determination of Synthetic Colors in Selected Market Foods in Macedonia By Reversed-Phase High Performance Liquid Chromatography With UVVisible Diode- Array Detection. Book of Abstracts. 8. National / 2. International Veterinary Food Hygiene Congress 24-27th October 2019 Antalya, p.110 | 1 |
| 24. | Biljana Stojanovska-Dimzoska, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Zehra Hajrulai-Musliu, Risto Uzunov, Aleksandra Angeleska, Dushica Koceva, Dean Jankuloski (2018) Occurrence and estimation of aflatoxins and ochratoxin A exposure in some food commodities. Book of abstracts of the Joint meeting: 5th International Vet-Istanbul Group Congress and 8th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine, Ohrid, Macedonia, September 23-27, p. 190 | 1 |
| 25. | Elizabeta Dimitrieska-Stojkovikj, Dushica Koceva, Aleksandra Angeleska, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Gordana Ilievska, Risto Uzunov, Stefan Jovanov, Zehra Hajruali-Musliu, Dean Jankuloski (2018) Optimization and validation of LC-MS/MS method after Quechers sample preparation for determination of fipronil and its metabolites in eggs and chicken muscle. Book of abstracts of the Joint meeting: 5th International Vet-Istanbul Group Congress and 8th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine, Ohrid, Macedonia, September 23-27, p. 85 | 1 |
| 26. | Stefan Jovanov, Zehra Hajrulai-Musliu, Risto Uzunov, Velimir Stojkovski, Elizabeta Dimitrieska- Stojkovic, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Dean Jankuloski. Detection of artificial sweeteners and food preservatives in energy drinks with HPLC-DAD method. Proceedings. 5th International Vet-Istanbul Group Congress and 8th International Scientific Meeting “Days of Veterinary Medicine 2018”, Ohrid, R. Macedonia. | 1 |
| 27. | Zehra Hajrulai-Musliu, Velimir Stojkovski, Risto Uzunov, Vangelica Enimiteva, Stefan Jovanov, Elizabeta Dimitrieska- Stojkovic, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Dean Jankuloski. Honey sugars analysis by HPLC-RID method. Proceedings. 5th International Vet-Istanbul Group Congress and 8th International Scientific Meeting “Days of Veterinary Medicine 2018”, Ohrid, R. Macedonia | 1 |
| 28. | Risto Uzunov, Zehra Hajrulai-Musliu, Velimir Stojkovski, Elizabeta Dimitrieska Stojkovic, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Stefan Jovanov, Dean Jankuloski. Determination of β-agonist residues in liver using LC-MS/MS method. Proceedings. 5th International Vet-Istanbul Group Congress and 8th International Scientific Meeting “Days of Veterinary Medicine 2018”, Ohrid, R. Macedonia | 1 |
| 29. | Gordana Ilievska, Katerina Blagoevska, Dean Jankuloski, Evaluation of a Taq-Man ® based commercial kit for detection of chicken DNA in minced meat product, PROCEEDINGS OF INTERNATIONAL CONFERENCE ON AGRICULTURE AND LIFE SCIENCES (ICOALS III), Agricultural University of Tirana, pg. 30-32 | 1 |
| 30. | Maksud Kerluku, Katerina Blagoevska, Marija Ratkova Manovska, Sandra Mojsova, Zehra Hajrulai Musliu, Dean Jankuloski, Antimicrobial resistance of | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | commensal Escherichia coli isolated from dairy cow feces, PROCEEDINGS OF INTERNATIONAL CONFERENCE ON AGRICULTURE AND LIFE SCIENCES (ICOALS III), Agricultural University of Tirana, pg. 451-452. | |
| 31. | Martin Nikolovski, Risto Uzunov, Miroslav Radeski, Dean Jankuloski, Igor Ulchar, Lazo Pendovski, Zehra Hairulai Musliu. Animal stress as a risk factor in animal rescuing operations. International animal rescue conference, Book of Abstracts pp. 24, 08 July 2017; ISBN: 978-605-82095- 0-3 | 1 |
| 32. | Lazo Pendovski, Martin Nikolovski, Vlatko Ilieski, Florina P. Percinik, Nikola Adamov, Zehra H. Musliu, Dean Jankuloski, Miroslav Radeski. Animal welfare – general considerations in disasters. International animal rescue conference, Book of Abstracts pp. 18, 08 July 2017; ISBN: 978-605- 82095-0-3 | 1 |
| 33. | S Mojsova, L Angelovski, D Jankuloski, J Simonovska and E Velickova, Antimicrobial effect of oregano-chitosan double coatings on Listeria monocytogenes in meat products, The 60th International Meat Industry Conference MEATCON2019, IOP Conf. Series: Earth and Environmental Science 333 (2019) 012082, doi:10.1088/1755-1315/333/1/012082. | 1 |
| 34. | Angjeleska A., Dimitrieska-Stojkovic E., Hajrulai-Musliu Z., Stojanovska-Dimzoska B., Uzunov R., Jankuloski D., Crceva-Nikolovska R. (2017) Investigation of the cultivation influence on the levels of natural radionuclides in soil from the surrounding of the city of Skopje. 7$^{th}$ International Symposium on IN situ Nuclear Metrology as a tool for radioecology INSINUME 2017. Book of abstracts p.49. April 2017 Ohrid, Macedonia. | 1 |
| 35. | Angjeleska A., Dimitrieska-Stojkovic E., Hajrulai-Musliu Z., Crceva-Nikolovska R., Stojanovska-Dimzoska B., Angelovski Lj., Jankuloski D. Presence of natural radionuclides $^{226}$Ra, $^{232}$Th and $^{40}$K in wheat samples and assessment of radiation risk index in the surrounding of the city of Skopje (Republic of Macedonia). 24$^{th}$ International conference “KRMIVA 2017”. Book of abstracts p.55, 31May-02 Jun 2017, Opatija, Croatia. | 1 |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | | |
| 36. | Пленарна презентација под наслов: “Moleculat characterization of foodborne pathogens” на 7. Конгрес за ветеринарна едукација и наука, 5-8.10.2017 година, Хазгеб, Хрватска (Одлука бр. 0201-1735/4-13 од 27.9.2017 година). | 2 |
| 37. | Пленарна презентација под наслов: “Establishing of molecular food borne pathogens database at national level and sharing information with other PFGE surveillance networks” на 59-та Меѓународна конференција за индустрија за месо, 1-4.10.2017 година (Одлука бр. 0201-1735/4-13 од 27.9.2017 година). | 2 |
| 38. | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | |
| 39. | Презентација со наслов “Activities of the NRL-Salmonella to fulfil tasks and duties of FYROM” 23-ти EURL Salmonella workshop 28-30.05.2018 година , Upsala, Sweden, RIVM report 2018, DOI 10.21945/RIVM-2018-0024 | 1 |
| **ВКУПНО** | | **81,1** |

**СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **поени** |
|---|---|---|
| **Книга од стручна област ( коавтор)** | | |
| 1. | Cezmi Türkmen, Yücel Türk , Sedat Bilgiç, Halil Selcuk Biricik, Osman Karabulut, Gürbüz Aksoy, Lazo Pendovski, Zehra H. Musliu, Miroslav Radeski, Martin Nikolovski, Igor Ulchar, Florina Popovska Percinic, Vlatko Ileski, Irena Celeska, Dean Jankuloski, Vladimir Petkov, Joze Staric,Jozıca Jezek, Jozko Racnik, Petra Kramarıc, Jurıj Zel. Safe animal rescue awareness book - For Rescuers And Animal Owners. In the frame of the Erazmus + | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Project “Establishment of safer animal rescue capacity” [2015-1-TR01-KA204-022441] pp. 1-28, 2017 | |
| 2. | Cezmi Türkmen, Yücel Turk, Sedat Bilgiç, Halil Selcuk Biricik, Osman Karabulut, Gürbüz Aksoy, Lazo Pendovski, Zehra H. Musliu, Miroslav Radeski, Martin Nikolovski, Igor Ulchar, Florina Popovska Percinic, Vlatko Ileski, Irena Celeska, Dean Jankuloski, Vladimir Petkov, Joze Staric,Jozıca Jezek, Jozko Racnik, Petra Kramarıc, Jurıj Zel. Safe animal rescue technical book - For rescuers. In the frame of the Erazmus + Project “Establishment of safer animal rescue capacity” [2015-1-TR01-KA204-022441] pp. 1-53, 2017 | 7 |
| **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект – соработник** | | |
| 3. | Апликација на проект со наслов “Research of the impact of climate change on the occurrence and spread of specific zoonotic infectious diseases and development of preventive models на повик на HORIZON-HLTH-2021-ENVHLTH-02 (Environment and health (2021), Proposal no. 101057903”, (Одлука бр. 0201-1343/11 од 30.9.2021 година). | 5 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | | |
| 4. | Член на локален организационен комитет, 5th International Vet-Istanbul group congress & 8th International scientific meeting days of veterinary medicine – 2018, Охрид, Македонија | 0,5 |
| **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | | |
| 5. | Член на Meat Technology (ISSN 2466-4812). Списание на Institute of Meat Hygiene and Technology http://www.journalmeattechnology.com/ | 1 |
| **Раководител на внатрешна организациона единица** | | |
| 6. | Раководител на Институт за храна (2017 – 2021) | 6 |
| **Член на факултетска комисија** | | |
| 7. | Комисија за изготвување на Предлог-проект за акредитација на студиска програма од интегрирани прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на англиски јазик (Одлука бр. 0202- 1921/4 од 21.11.2018 година). | 0,5 |
| 8. | Комисија за изготвување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр. 0201 –1097/2 од 2.7.2018 година) | 0,5 |
| 9. | Комисија за изготвување на Деловник за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр. 0201 –1208/3 од 17.7.2018 година) | 0,5 |
| 10. | Комисија за изготвување на Правилник за начинот и постапката за финансирање на научноистражувачки проекти на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилник за научно и стручно оспособување на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука бр. 0201 -1776/8 од 26.10.2018 година) | 0,5 |
| 11. | Комисија за изготвување на Предлог-проект за акредитација на студиска програма од интегрирани прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на англиски јазик на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука бр. 0202- 1921/4 од 21.11.2018 година) | 0,5 |
| 12. | Комисија за изготвување на предлог за специјалистички студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука бр. 0202-2140/10 од 26.12.2018 година). | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Комисија за изготвување на предлог-наставен план и програма за специјалистичките стручни студии од втор циклус по Благосостојба на животните (Одлука бр. 0202- 171/15 од 13.2.2019 година). | 0,5 |
| 14. | Комисија за утврдување на потреба за отпочнување на постапка за отворање на трговски друштво (Одлука бр. 0202- 1264/13 од 30.9.2020 година). | 0,5 |
| 15. | Комисија за изготвување на Стратегијата за развој на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр. 0201 –974/4-10 од 13.06.2018 година) | 0,5 |
| 16. | Комисија за изготвување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Одлука бр. 0201 – 535/6 од 29.3.2019 година) | 0,5 |
| 17. | Комисија за контрола и нештетно отстранување на потрошни материјали, хумани и ветеринарни лекови, вакцини и препарати за превентива (екто/еднопаразитици), китови и реагенси кои се користат за апликативна работа, а се со изминат рок, од Централниот магацин и Универзитетската ветеринарна болница (Одлука бр. 0201 -227/12-11 од 4.3.2021 година). | 0,5 |
| 18. | Комисија за изработка на Правила за стратешко управување со ризици на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр. 0201 – 303/3 од 16.3.2021 година). | 0,5 |
| 19. | Комисија за изработка на Статутот на Факултетското студентско собрание (Одлука бр. 0201 – 41/3 од 13.1.2020 година). | 0,5 |
| 20. | Комисија за изработка на Деловник за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр.0201 – 41/4 од 13.1.2020 година) | 0,5 |
| 21. | Работна група за изработка на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стекнување и распределба на вкупниот приход на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Факултетот за ветеринарна медицна во Скопје (Одлука бр.0201 – 152/8-17 од 11.2.2020 година) | 0,5 |
| 22. | Кризен штаб на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за превенција од ширење на коронавирусот Covid 19 (Одлука бр.0201 – 371/8 од 11.3.2020 година) | 0,5 |
| 23. | Работна група за реализација на активностите поврзани со тестирање на Корона вирусот SARS-CoV-2 кој предизвикува COVID – 19 (Одлука бр. 0201 – 471/9 од 30.3.2020 година) | 0,5 |
| 24. | Комисија за изработка на Правилник за избегнување конфликт на интереси во лабораториите на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, (Одлука бр. 0201 –628/3 од 20.5.2021 година). | 0,5 |
| 25. | Комисија за изготвување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина - Скопје (Одлука бр. 0201 – 628/4 од 20.5.2021 година). | 0,5 |
| 26. | Комисија за разгледување и оценување на проекти за учество на Конкурсот за финансирање **на научноистражувачки проекти од посебен и јавен интерес за 2021 година (поддршка за развој на лабораториски ресурси),** објавен од страна на Министерството за образование и наука (Одлука бр. 0201 – 1129/9 од 26.8.2021 година). | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Комисија за изработка на Предлог-одлука за постапката и начинот на организирање на издавачката дејност на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука бр. 0201 – 1493/4 од 20.10.2021 година). | 0,5 |
| 28. | Комисија за изработка на Предлог-правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр. 0201 – 1493/5 од 20.10.2021 година). | 0,5 |
| 29. | Комисија за изработка на нова интернет-платформа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр. 0201 – 1493/8 од 20.10.2021 година). | 0,5 |
| 30. | Комисија за изработка на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Анекс бр. 11), (Одлука бр. 0201 – 1654/11 од 26.11.2021 година). | 0,5 |
| 31. | Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии (специјалистички) стручни студии по Безбедност и квалитет на храна на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во учебната 2021/2022 година (Одлука бр. 0201 - 1343/7 од 30.9.2021 година). | 0,5 |
| 32. | Комисија за изработка на нова интернет-платформа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр. 0201 – 1493/8 од 20.10.2021 година) | 0,5 |
| 33. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-176/8-2 од 12.2.2019 година) | 0,5 |
| 34. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-176/8-4 од 12.2.2019 година) | 0,5 |
| 35. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-176/8-5 од 12.2.2019 година) | 0,5 |
| 36. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-176/8-7 од 12.2.2019 година) | 0,5 |
| 37. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201- 198/10-4 од 13.2.2018 година) | 0,5 |
| 38. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201- 198/10-19 од 13.2.2018 година) | 0,5 |
| 39. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201- 456/11-2 од 22.3.2018 година) | 0,5 |
| 40. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201- 591/6-4 од 16.4.2018 година) | 0,5 |
| 41. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-974/5-1 од 13.6.2018 година) | 0,5 |
| 42. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-974/5-2 од 13.6.2018 година) | 0,5 |
| 43. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-1208/5-4 од 17.7.2018 година) | 0,5 |
| 44. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201-1413/7-3 од 14.8.2019 година) | 0,5 |
| 45. | Член за Комисија за јавна набавка (Одлука бр. 0201- 1566/5-1 од 18.9.2018 година) | 0,5 |
| **Член на комисија за избор во звање** | | |
| 46. | Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област 40728 – хигиена и техноилогија на производи и суровини од животинско потекло (Одлука бр. 0202-1222/5 од 3.12.2021 година) | 0,2 |

| | | |
|---|---|---|
| **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | | |
| 47. | Член на Национален комитет за безбедност на храна и храна за животни (Сл. весник на Република Македонија бр. 190/1.11.2015) | 1 |
| 48. | Член на Научниот комитет за ГМО 2017 – 2021 година | 1 |
| **ВКУПНО** | | **48,2** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **52,6** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **81,1** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **48,2** |
| **Вкупно** | **181,9** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Павле Секуловски, с.р.**
**редовен професор,**
**Факултет за ветеринарна медицина – Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

**Проф. д-р Андреј Кирбиш, с.р.**
**редовен професор,**
**Ветеринарен факултет,**
**Универзитет во Љубљана**

**Проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, с.р.**
**редовен професор,**
**Факултет за ветеринарна медицина – Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА УЧЕБНИКОТ/УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО *МАКЕДОНСКА ДРАМА И ТЕАТАР – СОВРЕМЕНИ РЕФЛЕКСИИ*, Е-ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р АНА СТОЈАНОСКА ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Конкурсот за финансирање на издавачката дејност на Универзитетот во електронска форма, е-издаваштво за академската 2022/2023 година, бр. 11-___ од __.__.201__ година и Барањето за издавање на **учебникот** **МАКЕДОНСКА ДРАМА И ТЕАТАР - СОВРЕМЕНИ РЕФЛЕКСИИ,** во **електронск**а форма, од авторката проф. д-р Ана Стојаноска, со Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, бр. 0202-730/11, донесена на 1.12.2020 година, за рецензенти се избрани:

д-р Јелена Лужина, редовен професор, и

д-р Антонио Митриќески, редовен професор

Како рецензенти, по прегледувањето на трудот, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

3. ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ

| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | **Македонска драма и театар – современи рефлексии** |
|---|---|
| **Име и презиме на авторот (авторите)** | Проф. д-р Ана Стојаноска |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Македонска драма и театар 1-4 |
| **Назив на студиската програма** | Актерска игра, Театарска режија, Театарска и филмска драматургија, Продукција |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити за предметната програма во семестарот** | 2-4 |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | 50 |
| **Дали се работи за прво издание или не** | *Прво издание* |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма, потребна е согласност од авторот.** | Имајќи ја предвид спецификата (феноменологијата) на научната област (театрологија), на која интермедијалноста/интерактивноста ѝ е, просто, иманентна, проценувам дека предноста на електронската форма методолошки ќе го „дополни“ ова важно издание. И ќе му овозможи да го „надгради“ својот иницијален (едукативен) формат, наменет само за студентите. Имено, електронското форматирање ја отвора и ја поттикнува можноста за аплицирање на практички неограничен број визуелни и аудитивни сегменти/прилози (фотографии, видео- и аудиоинсерти, графички |

| | |
|---|---|
| | интервенции/коментари...) преку кои базичната театролошка граѓа лесно ќе им се доближи не само на студентите на матичниот факултет (ФДУ) туку и на најшироката публика. Впрочем, авторскиот пристап кон материјалот – неспорно дидактички компетентен, ама и евидентно „раскажувачки“ вешт! – лесно ќе ја заинтересира и таканаречената „поширока публика“. |
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | Електронско издание |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Јелена Лужина , с.р.**
**Проф. д-р Антонио Митриќески, с.р.**

## 1. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЈЕЛЕНА ЛУЖИНА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Најкратко: мошне оригинален, беспрекорно конципиран/организиран **reader,** кој прагматично ја рекапитулира таканаречената историја на театарот на македонската почва; своевидната „етилологија“ на македонскиот театарски феномен, методолошки консеквентна, научно аргументирана и – згора на сето – елаборирана на навидум едноставен, консеквентен, речиси секому разбирлив начин; огромно количество факти – историски и изведувачки/естетички – пласирани на завидно едноставен/директен начин.<br>Оценуван од педагошки аспект, апсолутно поттикнувачки материјал, конципиран на начина (и со намера) студентите да ги поттикнува на дополнителни истражувања. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Учебникот целосно кореспондира со предметната програма (научно, методолошки, дидактички/апликативно). |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Највисока |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Во текот на последниве две-три децении, македонската театрологија бележи сериозен развој (кон подобро), проследен со релативно голем број научни студии. Она кое евидентно ни недостига е токму **театролошки учебник.** Како овој на д-р Ана Стојаноска. |
| **Предлози за потребни корекции** | На ракописот не му требаат никакви корекции. Ништо освен интегрирањето на визуелни и аудитивни сегменти/прилози (фотографии, видео- и аудиоинсерти, графички интервенции/коментари...). |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Трудот не содржи никакви дискриминаторски содржини. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од Правилникот за издавачка дејност** | - |
| **Други елементи** | |

**Потпис на рецензентот**
**Проф. д-р Јелена Лужина, с.р.**

## 2. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р_АНТОНИО МИТРИЌЕСКИ_

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебникот „Македонска драма и театар – современи рефлексии“ е прецизно и концизно напишан труд, поделен на следниве поглавја: *Откривање театар, Фолклорот и неговиот прото-театарски импулс, Балканските патувачки актери, Македонскиот театар на премин – рефлексии, иницијативи, артикулации на кризните деведесетти години од минатиот век, Деконструирајќи ја идејата на социјалистичкиот театар: македонското театарско искуство; Македонската театарска алтернатива – нова држава, нов театар, нов меинстрим, нова алтернатива; За македонската актерска игра – спецификите на менталитетот; Kako je propao rock`n`roll Драмскиот текст и политичкиот театар – македонската ситуација; Театар и нови технологии – македонски искуства.* Секој од тематите одговара на наставната програма, а истовремено може да биде интересна содржина за секој читател, независно од неговото стручно образование. Учебникот е напишан на прецизен методолошки начин и може да се третира како највисок научен труд. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Да |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Највисока |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Повеќе од потребен и за студентите на Факултетот за драмски уметности, но и за сите други студенти/професори што се занимаваат со изведбените уметности. |
| **Предлози за потребни корекции** | Нема |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Не содржи |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој Правилник** | - |
| **Други елементи** | |

**Потпис на рецензентот**
**Проф. д-р Антонио Митриќески, с.р.**

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По прегледувањето на трудот, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, да донесе одлука за издавање на ракописот на учебникот **Македонска драма и театар - современи рефлексии,** во **електронска форма,** од авторката проф. д-р Ана Стојаноска.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Јелена Лужина , с.р.**
**Проф. д-р Антонио Митриќески, с.р.**

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ

### 3. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Кристина Леловац | „Поетиката на театарскиот режисер и педагог Владимир Милчин“ | The Poetics of Theater Director and Pedagogue Vladimir Milchin | Проф. д-р Ана Стојаноска | 0202-813/8 од 17.12.2019 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 20300-ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ И СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Во врска со конкурсот за избор на наставник при Институтот за преносни електроенергетски системи, објавен од Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Слободен печат, бр. 2410 од 22.11.2021 година), со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје бр. 02-1853/3 од 22.12.2021 година, определена е Комисија за изготвување на Реферат за избор на еден наставник во звањето вонреден професор при Институтот за преносни електроенергетски системи, во состав: проф. д-р Рубин Талески, проф. д-р Мирко Тодоровски и вонр. проф. д-р Александра Крколева Матеска.

На распишаниот конкурс се пријави само кандидатот: доц. д-р Јорданчо Ангелов.

По разгледувањето на доставената документација од кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Јорданчо Ангелов е роден на 21.1.1978 година во Јоханесбург, Јужноафриканска Република. Основно и средно образование завршил во Кочани. Во учебната 1997/1998 година се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката електроенергетика. Дипломскиот труд на тема „Калибрација на мерниот систем за мерење на темени вредности на напон со работна фреквенција во Лабораторијата за висок напон“, под менторство на проф. д-р Ристо Миновски успешно, го одбранил во октомври 2003 година, со што студиите ги завршил со средна оценка од предметите 8,69.

Во декември 2010 година, успешно го одбрани својот магистерски труд со наслов „Проценка на преносните можности на ЕЕС на Република Македонија во рамките на регионалниот пазар на електрична енергија во регионот на југоисточна Европа“ на насоката преносни и дистрибутивни системи, со средна оценка од предметите 9,83, под менторство на проф. д-р Рубин Талески.

Докторирал на истиот факултет во декември 2017 година, под менторство на проф. д-р Рубин Талески, со дисертација со наслов „Придонес кон методите за пресметка на преносни можности на ЕЕС со уважување на тековите на реактивна моќност“.

По дипломирањето во 2003 година, ангажиран е како демонстратор на лабораториски вежби по предметите: Мерење во електротехниката и Основи на мерната техника при ЕТФ во Скопје. Во 2004 година работел како волонтер во фирмата ЦЕР – Скопје, а потоа од септември 2004 до април 2005 година како технички соработник во Лабораторијата за висок напон при ЕТФ – Скопје. Од октомври 2006 до февруари 2007 година, тој е повторно ангажиран во Лабораторијата за висок напон при ЕТФ – Скопје како демонстратор на лабораториски вежби по предметите: Техника на висок напон, Висок напон и Материјали во електротехниката.

Од октомври 2007 до јули 2015 година, ангажиран е за демонстратор, за потоа од јули 2015 до мај 2017 година да биде ангажиран за соработник запишан

на докторски студии, при Институтот за преносни електроенергетски системи, избран/реизбран на Наставно-научниот совет на ФЕИТ – Скопје. Во периодот од 2007 до 2015 година ги изведувал аудиториските и лабораториските вежби по предметите од прв циклус студии, и тоа: Надземни и кабелски водови, Компјутерска анализа на стационарни режими на ЕЕС, Техника на висок напон, Техника на висок напон 1, Менаџмент на ЕЕС, Материјали во електротехниката, Пазари на електрична енергија, Техника на висок напон 2, Компјутерска анализа на преодни процеси во ЕЕС, Заземјувачи и заземјувачки системи во ЕЕ-мрежи. Учествувал во подготовките и изработката на практикумите за лабораториски вежби по предметот Техника на висок напон 1 и Надземни и кабелски водови. Активно учествувал во подготвувањето и спроведувањето на испитите на горенаведените предмети. Дополнително, на Факултетот држел и лабораториски вежби по предметите: Основи на електротехника 1 и Основи на електротехника 2.

Во мај 2017 година е избран во наставно-научното звање доцент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје по предметите од наставно-научната област 20300 – електроенергетски мрежи и системи.

Кандидатот учествувал во бројни испитувања на високонапонска опрема во Лабораторијата за висок напон при Институтот за ПЕЕС во текот на неговиот работен ангажман. Исто така, тој активно учествувал и во апликативната дејност што ја изведува Лабораторијата за висок напон при теренски услови на работа.

Активно членува во две професионални здруженија: IEEE и МАКО СИГРЕ. Во периодот од 2018 до 2022 година, тој е претседател на Одделот за енергетика PE031 при IEEENorthMacedonia, а од 2019 година е секретар на студискиот комитет Б2 при МАКО СИГРЕ.

## 2. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

По изборот во звањето доцент, од мај 2017 година до денес, кандидатот целосно ја изведува наставата на прв циклус студии по следните предмети: Техника на висок напон 1, Техника на висок напон 2, Надземни и кабелски водови. Дополнително, ангажиран е за изведување на аудиториски и лабораториски вежби по предметите: Компјутерски методи за анализа на стационарни режими на ЕЕС и Заземјувачи и заземјувачки системи во ЕЕ мрежи. На втор циклус студии, кандидатот одржува настава по предметот Анализа на сложени заземјувачки системи.

Кандидатот се јавува како ментор на 7 дипломски трудови и член на комисија на 40 дипломски и 12 магистерски трудови.

Д-р Ангелов ги извршува наставните обврски квалитетно, професионално и совесно, на високо стручно ниво. Успешно им го пренесува знаењето на студентите, постапувајќи со нив на коректен и професионален начин. Потврда за ова е и позитивната оценка што кандидатот континуирано ја добива од анонимните студентски анкети за квалитет на реализираната настава организирана во рамките на процесот за самоевалуација на Факултетот.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Од последниот избор до сега, кандидатот е автор/коавтор на 16 научни трудови, од кои 7 се со оригинални научни резултати. Еден од овие трудови е објавен во списание со фактор на влијание индексирано во Ebsco, Emerald, Scopus, WebofScience, JournalCitationReport, SCImagoJournalRank, а останатите 6

труда се презентирани на меѓународни академски собири. Останатите 9 труда се презентирани на домашни академски советувања.

Во периодот од последниот избор, кандидатот бил учесник во еден домашен и меѓународен научноистражувачки проект.

**3.1. Труд со оригинални научни резултати со фактор на влијание, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, WebofScience, JournalCitationReport, SCImagoJournalRank**

1. Mirko Todorovski, Jordanco Angelov, and Jovica Vuletic, "SolvingTridiagonalSymmetricSystemsofEquationsUsingCircuitTheoryApproach," IAENG InternationalJournalofComputerScience, vol. 48, no.3, pp663-671, 2021

   При решавање на радијални мрежи, најчесто проблемот се сведува на матрично решавање на систем линеарни равенки. Поради природата на проблемот, овој матричен систем е симетричен и триаголен. Во овој труд се обработува метод кој овозможува решавање на тој триаголен симетричен систем равенки, користејќи пристап од теорија на електрични кола. Дополнително, во трудот е направена споредба на користениот метод во однос на најчесто применуваните методи за решавање на вакви математички проблеми.

**3.2. Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**

2. J. Angelov, R. Taleski, J. Vuletic, M. Todorovski, P. Krstevski, A. Krkoleva Mateska. „ApplicationofReduced PTDF MatrixinIterativeModified DC NetworkModelforCross–borderCapacityCalculationwithConsiderationofReactivePowerFlowConstraints” IEEE EUROCON 2017, 6–8 July 2017, Ohrid, R. Macedonia

   Во овој труд се разгледува пресметка на прекугранични преносни капацитети кај елементи од преносна електроенергетска мрежа со уважување на текови на реактивна моќност. Резултатите покажуваат пореален пристап во одредувањето на прекуграничните преносни капацитети на водовите/интерконекциите бидејќи воведуваат дополнително ограничување што е рестриктивно, а тоа се тековите на реактивна моќност.

3. V. Zdraveski, P. Krstevski, J. Vuletic, J. Angelov, A. Krkoleva Mateska, M. Todorovski. „AnalyzingtheImpactofBatteryElectricVehiclesonDistributionNetworksusingNondeterministicModel” IEEE EUROCON 2019, 1–4 July 2019, NoviSad, Serbia

   Трудот разгледува влијанија од приклучување на електрични возила во постојна електроенергетска мрежа и нуди низа решенија и мерки за нивно ублажување. Во постапката се користи недетерминистичко моделирање, уважувајќи ги стохастичките параметри при анализата, со цел добивање на пореално решение. Постапката тежнее кон минимални инвестициски вложувања во електричните мрежи, со цел прифаќање на инјекцијата на моќност што потекнува од електрични возила. Резултатите се исклучително поволни од аспект на сите засегнати страни.

4. J. Vuletić, J. Angelov, M. Todorovski. „Optimal PowerInjection PlacementinRadial Distribution Systemsusing MixedInteger Second Order Cone Programming“ ICEST 2019, 54th InternationalScient. ConferenceonInformation, CommunicationandEnergySystemsand Technologies, Ohrid, Macedonia, June 27-29, 2019
Во овој труд се користи мешано целобројно конусно програмирање за одредување на соодветна локација, големина и тип на инјекција на моќност што потекнува од обновливи извори на енергија. Пристапот овозможува уважување на ограничувања од математички облик на равенка на конус. Овој тип на ограничувања се користи често при оптимизациски процеси во електроенергетски мрежи со тежнеење кон нивна релаксација, односно линеаризација. Во трудот е прикажана постапка за нивно уважување без линеаризација. Резултатите се исклучително поволни споредено со други релевантни методи.
5. J. Angelov, J. Vuletić, M. Todorovski. „OptimalLocationsofEnergyStorageDevicesinLow-VoltageGrids“ ICEST 2019, 54th InternationalScient. ConferenceonInformation, Communicationand EnergySystemsand Technologies, Ohrid, Macedonia, June 27-29, 2019
Трудот опишува постапка со која се избира оптимална локација, големина и работен режим на уреди за складирање на електрична енергија со уважување на оптоварувањето и цените за електрична енергија. Изложената постапка овозможува инсталирање на овие актуелни уреди со минимални инвестициски вложувања при максимален профит во разгледуваниот инвестициски период. Се очекува дека во блиска иднина, уредите за складирање енергија како технологија ќе бидат масовно присутни во електричните мрежи. Поради овие причини, во трудот е разработена оптимизациска постапка со која се обезбедуваат прифатливи финансиски придобивки за сите засегнати страни.
6. V. Zdraveski, J. Angelov, P. Krstevski, A. Krkoleva Mateska, J.Vuletić, M. Todorovski, "Cable Size Selectionand Reconductoringin Radial Distribution Systems Using Robust Optimization Model", 20th International Symposiumon Electromagnetic Fieldsin Mechatronics, ElectricalandElectronicEngineering, 20-23 September 2021, Lodz/Cracow, Poland
Трудот обработува проблематика од областа на димензионирање и избор на пресеци на кабли во радијална дистрибутивна мрежа заснован на метод за робусна оптимизација. При решавање на вакви сложени проблеми, најголем удел при димензионирање и изборот на пресеците на каблите се самите потрошувачи. Бидејќи моќноста на потрошувачите, во временска рамка, има природа на несигурна големина, решението на проблемот не е еднозначно. Со користење на методот за робусна оптимизација се овозможува да се добие оптимално решение на проблемот, со кое се опфатени повеќе можни работни состојби на мрежата.
7. J.Vuletić, J. Angelov, M. Todorovski, S.Malceski, "OptimalSiting, SizingandOperationPointSearchof D-SVC inRadialDistributionSystemsConsideringitsDynamicHarmonicSpectrumUsing anExhaustiveAnalitycalSearch", 20th InternationalSymposiumonElectromagneticFieldsinMechatronics, ElectricalandElectronicEngineering, 20-23 September 2021, Lodz/Cracow, Poland
Изборот на оптимална локација на D-SVC уред во една радијална дистрибутивна мрежа е сложен проблем. Во трудот се опишува постапка

со која се овозможува да се изврши избор на оптимална локација, избор и работен режим на D-SVC, а притоа е користен пристап кој овозможува опишување на проблемот на многу едноставен начин. Предностите што ги нуди самиот пристап се потврдени во трудот, преку направени споредби на резултатите во однос на најчесто применуваните методи за решавање на ваков вид на проблеми.

**3.3. Научни трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**

1. Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, Ј. Ангелов, „Оптимална компензација на реактивна моќност во радијални дистрибутивни мрежи со поставување на кондензатори и примена на кластер метода“, 10. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 24-26 септември 2017.

   Во трудот е опишана постапка за оптимален избор на големина, локација и вклопна состојба на кондензаторски батерии во дистрибутивни електро-енергетски мрежи со примена на метода што обезбедува брзи, едноставни и повторливи резултати. Пристапот е исклучително едноставен, еднозначен и аналитички повторлив. За разлика од останатите методи што третираат слична проблематика, оваа метода овозможува нејзина имплементација од страна на просечен корисник со исклучително поволни резултати.
2. Ј. Ангелов, Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, „Детекција на оштетувања на статорска изолација, ХЕ „Козјак“ - практични искуства“, 10. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 24 – 26 септември 2017.

   Трудот опишува практични искуства при одредување на оштетувања кај вртливи електрични машини. Профилактичките испитувања кај вртливи електрични машини претставуваат вообичаен пристап и методологија што обезбедува следење на изолаторскиот систем кај машините. Редовните испитувања обезбедуваат рана дијагностика при забрзано стареење на изолаторскиот систем кај машините и овозможуваат навремено реагирање со цел спречување на потенцијално опасни ситуации и страшни финансиски загуби.
3. Ј. Ангелов, Р. Талески, П. Крстевски, Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, А. Крколева Матеска, „Пресметка на вкупниот преносен тек на мрежата со примена на редуцирана матрица на преносни дистрибутивни фактори со уважување на реактивната моќност“, 10. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 24 – 26 септември 2017.

   Во овој труд се разгледува пресметка на прекугранични преносни капацитети кај елементи од преносна електроенергетска мрежа со уважување на текови на реактивна моќност. Резултатите покажуваат пореален пристап во одредувањето на прекуграничните преносни капацитети на водовите/интерконекциите бидејќи воведуваат дополнително ограничување што е рестриктивно, а тоа се тековите на реактивна моќност.
4. Ф. Стојаноски, Ј. Ангелов, Ј. Вулетиќ, „Примена на програмскиот пакет ELECTRA при димензионирање/проектирање на надземен вод“, 11. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 6 – 8 октомври 2019.

   Во трудот се разгледува примената на софтверски алатки во постапката на проектирање на надземни електрични водови. Пристапот е современ, едноставен и овозможува исклучително широк спектар на насоки на делување кон обезбедување на економски исплатливо решение. Секако

дека решението ќе зависи од способностите и искуството на проектантот како и од ограничувањата наметнати врз проблемот.

5. А. Најдоска, Г. Цветковски, Ј. Вулетиќ, Ј. Ангелов, А. Толевски, Н. Венков, „Моделирање и симулација на трифазен инвертор за фотоволтаичен систем“, 11. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 6 – 8 октомври 2019.
   Трудот прикажува моделирање и симулација на трифазен инвертор за фотоволтаичен систем. Резултатите се споредени со реални мерења направени во системот и покажуваат идентичност, што за возврат покажува дека моделот реално ја отсликува состојбата на физичкиот систем.
6. Ј. Вулетиќ, Ј. Ангелов, М. Тодоровски, „Оптимално поставување на инјекции на моќност во дистрибутивни мрежи со примена на мешано целобројно конусно програмирање“, 11. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 6 – 8 октомври 2019.
   Во овој труд се користи мешано целобројно конусно програмирање за одредување на соодветна локација, големина и тип на инјекција на моќност што потекнува од обновливи извори на енергија. Пристапот овозможува уважување на ограничувања од математички облик на равенка на конус. Овој тип на ограничувања се користат често при оптимизациски процеси во електроенергетски мрежи со тежнеење кон нивна релаксација, односно линеаризација. Во трудот е прикажана постапка за нивно уважување без линеаризација. Резултатите се исклучително поволни споредено со други релевантни методи.
7. Ј. Ангелов, Ј. Вулетиќ, М. Тодоровски, „Избор на локација и капацитет на уреди за складирање на електрична енергија“, 11. Советување на МАКО СИГРЕ, Охрид, 6 – 8 октомври 2019.
   Трудот опишува постапка со која се избира оптимална локација, големина и работен режим на уреди за складирање на електрична енергија со уважување на оптоварувањето и цените за електрична енергија. Изложената постапка овозможува инсталирање на овие доста актуелни уреди со минимални инвестициски вложувања при максимален профит во разгледуваниот инвестициски период. Се очекува дека во блиска иднина уредите за складирање енергија како технологија ќе бидат масовно присутни во електричните мрежи. Поради овие причини, во трудот е разработена оптимизациска постапка со која се обезбедуваат прифатливи финансиски придобивки за сите засегнати страни.
| **Ред. бр.** | **Финансиран** | **Проект** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | ФИНКИ | Профилирање на социјални аспекти на корисници | 2016-2017 | раководител | 1,00 |
| 2 | ФИНКИ | Продолжување на профилирање на социјални аспекти на корисници 2017/2018 | 2017-2018 | раководител | 1,00 |
| 3 | ФИНКИ | Моделирање на повеќеаспектни проблеми | 2018-2019 | раководител | 1,00 |
| 4 | ФИНКИ | Продолжување на моделирање на повеќеаспектни проблеми 2019/2020 | 2019-2020 | раководител | 1,00 |
| 5 | ФИНКИ | Mining Actionable Insights | 2020-2021 | раководител | 1,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | ФИНКИ | Продолжување на Mining Actionable Insights 2021/2022 | 2021-2022 | раководител | 1,00 |
| 7 | ФИНКИ | Продолжување на машинско учење во графови 2017/2018 | 2017-2018 | учесник | 0,50 |
| 8 | ФИНКИ | Напредни техники за анотација во протеински интеракциски мрежи | 2018-2019 | учесник | 0,50 |
| 9 | ФИНКИ | Рударење вредност во големи и разнородни податоци | 2019-2020 | учесник | 0,50 |
| 10 | ФИНКИ | Откривање на лажни вести | 2020-2021 | учесник | 0,50 |
| 11 | ФИНКИ | Препознавање на дезинформации со длабоко учење | 2021-2022 | учесник | 0,50 |
| | | | **ВКУПНО** | | **8,50** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Слободан Калајџиски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Андреа Кулаков, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Лошковска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

***<u>Прилог бр. 2</u>***

# Р Е Ф Е Р А Т

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА):**
**ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ (ДУВАЧКИ – ТРОМБОН) (60910), БЕЗ ЗАСНОВАЊЕ РАБОТЕН ОДНОС НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 13.12.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област видови инструменти (дувачки – тромбон) (60910), без засновање работен однос, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 02-53/1, донесена на 18.1.2022 година, формирана е рецензентска комисија во состав: проф. м-р Ташко Тодоров, проф. м-р Васо Ристов и проф. м-р Нинослав Димов.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во областа: видови инструменти (дувачки – тромбон) (60910), без засновање работен однос, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, м-р Димче Белчовски.

**1. Биографски податоци и образование**

М-р Димче Белчовски е роден на 10.5.1983 во Берово. Средно музичко образование завршил во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј” во Скопје, по инструментот тромбон, во класата на проф. Ташко Тодоров, каде што се стекнал со бројни државни и меѓународни награди, од кои за посебно одбележување е неговото учество со целосно стипендирање на летниот музички камп во Интерлохен, САД, во 2001 и 2002 година, каде што настапувал како прв тромбонист во светскиот младински оркестар во конкуренција на музичари од целиот свет. Покажувајќи исклучителен талент и успешни резултати на летниот камп, Белчовски добива понуда за стипендирање и комплетирање на средното музичко образование во истоимената Интерлохен музичка академија, во класата по тромбон на проф. Том Рикобоно.

Добитник е на награди на натпревари на државно и на меѓународно ниво на натпревари во САД, Бугарија, Македонија итн.

Своето високо образование го формирал на еден од многу години по ред, прворангираните универзитети во САД, Eastman School of Music, во Рочестер-Њујорк, каде што е добитник на голем број награди и признанија под менторство на професорите Џон Марсалис и Марк Келог. Учествува на бројни семинари и работилници кај водечки светски тромбонисти од филхармониите во Њујорк, со Џо Алеси, Чикаго, со Чарлс Фриман, Бостон, со Даглас Лео, Лос Анџелес, со Ралф Сауер, Сан Франциско, со Марк Лоренс, Филаделфија, со Ницан Харош, Чикаго Лирик Опера, со Марк Фишер, итн.

По враќањето во Македонија во 2006 година ги довршил додипломските студии со „cum laude” на Факултетот за музичка уметност во Скопје, а подоцна и магистерските студии во класата на проф. ТашкоТодоров.

Својата професионална кариера ја почнува како прв тромбонист на Македонската филхармонија во 2005 година како хонорарен соработник, а од 2011 како редовно вработен, каде што со својата група на тромбони за краток период успева значително да го подигне нивото на музицирање, а притоа и да придонесе во целокупното

квалитативно издигнување на оркестарот. Од 2016 ја започнува својата педагошка кариера како професор по Тромбон и камерна музика во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј”, а од 2019 и на Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима” во Скопје, за од 2020 да следи ангажман и на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Бројните освоени награди на учениците и студентите на државно и на меѓународно ниво говорат за неговата успешна педагошка приказна. Изведувачката кариера е исполнета со бројни настапи како со Македонската филхармонија, така и со неколкуте камерни состави кој тој ги основа како што се Македонскиот брас квинтет и квартетот „Тромбони“ на Македонската филхармонија. Покрај настапите во Република Македонија, Белчовски бележи успешни настапи во САД, Кина, Шпанија, Израел, Оман, Турција, Италија, Германија, Хрватска, Бугарија, Србија итн.
Неговата особена наклоност кон камерното музицирање му овозможува соработка со голем број на ансамбли, со кои остварува богата концертна програма, изведувајќи огромен број композиции од домашни и светски композитори, од кои голем број се и премиерни изведби. Има одржано повеќе камрени настапи во последните неколку години, од кои би ги одбележале:
18.11.2021 – Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Велес 20.10.2021 – Концерт на Македонски брас квинтет во Истанбул, Турција 19.5.2021 – Концерт на Македонски брас квинтет во Неготино 18.5.2021 – Концерт на Македонски брас квинтет во Куманово 18.5.2021 – Концерт на Македонски брас квинтет во Штип 17.5.2021 – Концерт на Македонски брас квинтет во Кочани 17.5.2021 – Концерт на Македонски брас квинтет во Берово 1.12.2020 – Концерт на Македонски брас квинтет во Куманово,Здружение “Ултра” 16.10.2020 – Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Берово 16.10.2020 – Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Кочани 12.12.2019 – Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Приштина Косово 10.12.2019 – Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Софија, Бугарија 1.12.2019 – „Бранч енд Брас” со Роланд Сентпали во Скопје 24.10.2019 – Концерт на Македонски брас квинтет во Њујорк, САД – „Брас Фантазија 4.6.2019 – Концерт на Македонски брас квинтет во Берово 20.11.2018 – Тромбонанца, Скопје
18.10.2018 – Концерт на Македонски брас квинтет во Скопје – „Од блуз до танго, од самба до џез” 9.10.2018 – Концерт на Македонски брас квинтет во Кочани – „Од блуз до танго, од самба до џез” 7.6.2018 – Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Њујорк, САД 3.6.2018 – Концерт на Македонски брас квинтет во Њујорк, САД 30.5.2018 – Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Скопје – „Класиката го среќава џезот” 9.6.2017 – Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Кавадарци 6.6.2017 – Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Битола 2.6.2017 – Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Берово. Од 2005 година, Димче Белчовски е хонорарен соработник, а од 2011 редовно вработен како прв тромбонист во Македонската филхармонија.

**2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Во оваа област, кандидатот Димче Белчовски изведува настава од прв циклус студии по предметите Тромбон и Оркестарски делници на ФМУ од 2020 година и на Факултетот „Еуропа Прима“ од 2019 година. Од 2016 година е професор по Тромбон и Туба во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј” – Скопје. За неговиот педагошки успех, говорат многу бројните успеси на државните и меѓународните натпревари на неговите ученици и концертните настапи во и надвор од државата.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот Димче Белчовски, покрај неговиот забележителен престој во странство во Интерлохен академијата и “Eastman School of Music” во САД, каде што се образува и афирмира како истакнат уметник и успешно ја претставува државата, за одбележување се и неговите државни и меѓународни награди освоени како соло изведувач на тромбон и како учесник во разни камерни состави.

За одбележување се и неговите активности како член на жири-комисии на бројни државни и меѓународни натпревари.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот Димче Белчовски добил позитивни оценки од сите анонимно спроведени анкети на студентите на Факултетот за музичка уметност во Скопје во периодот од неговото ангажирање до денес.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Димче Белчовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Димче Белчовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **доцент** во научната област видови инструменти (дувачки – тромбон), без засновање на работен однос.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, м-р Димче Белчовски да биде избран во звањето **доцент** во научната област: видови инструменти (дувачки – тромбон), без засновање на работен однос.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Ташко Тодоров, с.р.**
**Проф. м-р Васо Ристов, с.р.**
**Проф. м-р Нинослав Димов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Димче Васил Белчовски**
Институција: **Факултет за музичка уметност – Скопје**
Научна област/стручно-уметничка област: **видови инструменти (дувачки – тромбон) (60910)**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус | ДА |
| 2. | Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата (да се наведат/опишат) | Кристијан Каровски е еден од најистакнатите и најактрактивни ДА Концерт со Македонски брас квинтет во Њујорк на 3.6.2018 година, Концерт со квартет „Тромбони“ на Македонската филхармонија во Скопје на 30.5.2018 год. и многу други. |
| 3. | Има способност за наставна работа | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Ташко Тодоров, с.р.**
**Проф. м-р Васо Ристов, с.р.**
**Проф. м-р Нинослав Димов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Димче Васил Белчовски**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Факултет за музичка уметност – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област/стручно-уметничка област: видови инструменти (дувачки – тромбон)**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста: Одржување настава од прв циклус студии** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Професор по Тромбон и оркестарски делници, учебна 2021/2022, зимски семестар, неделен фонд 3 часа на ФМУ | 1.8 |
| 2. | Професор по Тромбон, учебна 2021/2022, зимски семестар, неделен фонд 2 часа на ЕСРА | 1.2 |
| 3. | Професор по Тромбон и оркестарски делници, учебна 2020/2021, летен семестар, неделен фонд 5 часа на ФМУ | 3 |
| 4. | Професор по Тромбон, учебна 2020/2021, летен семестар, неделен фонд 2 часа на ЕСРА | 1.2 |
| 5. | Професор по Тромбон и оркестарски делници, учебна 2020/2021,зимски семестар, неделен фонд 5 часа на ФМУ | 3 |
| 6. | Професор по Тромбон, учебна 2020/2021, зимски семестар, неделен фонд 2 часа на ЕСРА | 1.2 |
| 7. | Професор по Тромбон, учебна 2019/2020, летен семестар, неделен фонд 2 часа на ЕСРА | 1.2 |
| 8. | Професор по Тромбон, учебна 2019/2020, зимски семестар, неделен фонд 2 часа на ЕСРА | 1.2 |
| 9. | Професор по Тромбон и Туба, учебна 2021/2022, I полугодие во ДМБУЦ | 0.5 |
| 10. | Професор по Тромбон, учебна 2020/2021, I и II полугодие во ДМБУЦ | 1 |
| 11. | Професор по Тромбон, учебна 2019/2020, I и II полугодие во ДМБУЦ | 1 |
| 12. | Професор по Тромбон, учебна 2016/2017, I и II полугодие во ДМБУЦ | 1 |
| | **Вкупно** | **17.3** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Издадено цеде „Ларсонисимо” од 2013 година | 8 |
| 2. | Солистички концерт во КИЦ – Скопје, 2002 година | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Создадено неизведено камерно дело „Триазам” – трио тромбони, 2013 година | 3 |
| 4. | Создадено неизведено дело за соло инструмент „Херој” – етида за соло тромбон, 2014 година | 2 |
| 5. | Концерт на Квартет Тромбони на Македонската Филхармонија во Велес – 18.11.2021 | 2 |
| 6. | Концерт на Македонски брас квинтет во Истанбул, Турција – 20.10.2021 | 0.4 |
| 7. | Концерт на Македонски брас квинтет во Неготино – 19.5.2021 | 0.4 |
| 8. | Концерт на Македонски брас квинтет во Куманово – 18.5.2021 | 0.4 |
| 9. | Концерт на Македонски брас квинтет во Штип – 18.5.2021 | 0.4 |
| 10. | Концерт на Македонски брас квинтет во Кочани – 17.5.2021 | 0.4 |
| 11. | Концерт на Македонски брас квинтет во Берово – 17.5.2021 | 2 |
| 12. | Концерт на Македонски брас квинтет во Куманово – Здружение „Ултра” – 1.12.2020 | 2 |
| 13. | Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонската филхармонија во Берово – 16.10.2020 | 0.4 |
| 14. | Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонската филхармонија во Кочани – 16.10.2020 | 2 |
| 15. | Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонската филхармонија во Приштина, Косово – 12.12.2019 | 0.4 |
| 16. | Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонската филхармонија во Софија, Бугарија – 10.12.2019 | 2 |
| 17. | Бранч енд Брас со Роланд Сентпали во Скопје – 1.12.2019 | 1 |
| 18. | Концерт на Македонски брас квинтет во Њујорк, САД „Брас Фантазија” – 24.10.2019 | 0.4 |
| 19. | Концерт на Македонски брас квинтет во Берово – 4.6.2019 | 2 |
| 20. | Тромбонанца во Скопје – 20.11.2018 | 1 |
| 21. | Концерт на Македонски брас квинтет во Скопје – „Од Блуз до танго, од самба до џез” – 18.10.2018 | 0.4 |
| 22. | Концерт на Македонски брас квинтет во Кочани – „Од Блуз до танго, од самба до џез” – 9.10.2018 | 2 |
| 23. | Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонска филхармонија во Њујорк, САД – 706.2018 | 0.4 |
| 24. | Концерт на Македонски брас квинтет во Њујорк, САД – 3.6.2018 | 2 |
| 25. | Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонската филхармонија во Скопје – „Класиката го среќава џезот” – 30.5.2018 | 2 |
| 26. | Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонската филхармонија во Берово – 9.6.2017 | 0.4 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонската филхармонија во Битола – 6.6.2017 | 0.4 |
| 28. | Концерт на квартет „Тромбони“ на Македонската филхармонија во Берово – 2.6.2017 | 2 |
| 29. | Прв дувач во Македонската филхармонија од 2005 до денес | 25 |
| | | |
| | **Вкупно** | **72.8** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Член на национална жири-комисија на Државен натпревар на млади музичари, 2021 | 1 |
| 2. | Член на меѓународна жири-комисија “Art in Experience”, 2021 | 2 |
| 3. | Член на меѓународна жири-комисија “Art in Experience”, 2020 | 2 |
| | **Вкупно** | **5** |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Специјална награда на Државен натпревар по камерна музика во 2002 год. со состав квартет „Тромбони“ | 2 |
| 2. | Втора меѓународна награда на III национална средба во Стара Загора, во 2001 год., во категоријата соло – тромбон | 7 |
| 3. | Студиски престој во странство – Истмен конзерваториум, 2003 – 2006 година и Интерлохен артс академија, 2001 – 2003 година | 2 |
| 4. | Член на факултетска комисија за учебните 2019/2020 и 2020/2021 во ЕСРА | 2 |
| | **Вкупно** | **13** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **17,3** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **-** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **72,8** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **5** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **13** |
| | |
| **Вкупно** | **108,1** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Ташко Тодоров, с.р.**
**Проф. м-р Васо Ристов, с.р.**
**Проф. м-р Нинослав Димов, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ХИГИЕНА ВО ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТОТ “ ОД АВТОРКАТА ДАНИЕЛА ШУКОВА СТОЈМАНОВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет донесена на 103. редовна седница одржана на 17.6.2021 година, деловен број 0201-550/7, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот ХИГИЕНА ВО ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТОТ од авторката проф. д-р Даниела Шукова Стојмановска, наменет за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, за предметот Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот, избрани се: проф. д-р Милош Вучидолов, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје и проф. д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје при УКИМ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

# ИЗВЕШТАЈ

**III. Општ дел**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | **ХИГИЕНА ВО ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТОТ** |
| **Назив на предметната програма:** | прв (I) циклус студии на кинезиологија |
| **Назив на студиската програма:** | Кинезиологија - Физичко и здравствено образование |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 240 часа (4+2+2) и 8 ЕКТС |
| Предметот Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје е задолжителен предмет со фонд на часови 240, број на ЕКТС-кредити 8 и се слуша во четврти (IV) семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | Прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 602 страници (формат А4), напишани на компјутер со фонд Ariel (со македонска поддршка), со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 15 поглавја и содржи 137 табели, 365 слики и 11 графикони. Во практикумот на Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот се поместени 20 вежби. Во литературата се наведени 714 библиографски единици. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Милош Вучидолов, редовен професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, с.р.**

## IV. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р МИЛОШ ВУЧИДОЛОВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот со практикум **Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот** е поделен во 14 глави, практикум и литература.<br>Во првата глава, **Краток историјат на хигиената како наука**, авторката ги прикажува зачетоците на хигиената како наука, и тоа од времето на Стар Вавилон, Стар Египет, Стара Кина, Стара Грција, Стар Рим, еврејската медицина, арапската медицина, преку среден век и ренесансата, па до денес.<br>Во втората глава, **Храна и одредување на дневните енергетски потреби**, авторката зборува за функциите на храната, како се одредуваат енергетските потреби, од што зависат и на што мора да се внимава кога се составува еден оброк.<br>Во третата глава, **Хранливи материи**, авторката споделува сознанија за хранливите материи (јаглехидрати, белковини, масти, витамини, минерали и вода), нивните извори, функции, потреби во проценти од вкупниот енергетски внес и во грамови на килограм телесна маса.<br>Во четвратата глава, **Болести на неправилна исхрана**, авторката се осврнува на болестите кои се јавуваат при несоодветен енергетски внес, како дебелината, потхранетоста и труењето со храна.<br>Во петтата глава, **Специјална диететика, карактеристики на исхраната на одредени категории на луѓе**, авторката ги презентира карактеристиките на исхраната на децата, бремените и жените кои дојат, старите луѓе и спортистите и начинот на кој се пресметуваат енергетските потреби кај нив.<br><br>Во шестата глава, **Основни начела на некои диети**, авторката ги дава основните начела на некои диети, како: вегетаријанството, макробиотската и медитеранската диета, хронодиетата, Аткинсоновата диета, кетодиетата и диетата на Дајмонд, како и наизменичното гладување со предностите и недостатоците за нивна примена.<br>Во седмата глава, **Хранливи продукти (намирници)**, авторката се задржува на хранливите продукти или намирниците кои се користат во секојдневниот живот, како: житарки, брашно, леб, овошје, зеленчук, млеко и млечни производи, печурки, месо, риба, јајца, масти и масла, природни и вештачки засладувачи, мед, кафе, какао, |

| | |
|---|---|
| | чоколадо, чај, оцет, зачински билки (магдонос, копар, рузмарин, ѓумбир и кора од цитрусно овошје), брза храна (fast food), процесуирана храна, семки (тиква, сусам, лен, чија, сончоглед) и сол.<br>Во осмата глава, **Лична хигиена**, авторката се задржува на составот и функциите на кожата, за влакната на косата и телото и нивното отстранување, со податоци за тоа кои методи се најсоодветни за таа намена, се обработува пирсингот и тетовирањето, кои се популарни кај младите, но и кај постарите. Во оваа глава станува збор и за менструалниот циклус, како дел од личната хигиена и калењето на организмот со природни фактори, а на крајот се дадени основните начела за одржување на хигиената на телото, рацете, забите, ушите, нозете, интимните делови, како и хигиенските карактеристики и функцијата на облеката и различните материјали (памук, свила, лен, волна, еластин, пердуви, микрофибер), хигиенските карактеристики и функцијата на обувките.<br>Во деветтата глава, **Сексуална хигиена**, авторката презентира основни начела, пред сè, на надворешните полови органи кај жените и мажите, на половата функција, промените што се случуваат во телото за време на сексуалниот чин, за некои полово преносливи болести и на крајот за контрацепцијата.<br>Во десеттата глава, **Хигиена на спортските објекти**, авторката објаснува дека постојат отворени (стадиони, тениски терени, базени, лизгалишта, ски-терени) и затворени спортски објекти (сали, базени), а потоа ги презентира нивните хигиенски карактеристики.<br>Во единаесеттата глава, **Болести на зависност (пушење, алкохол и дрога)**, авторкара се задржува одделно на болестите на зависност и нивното негативно влијание врз зравјето на луѓето, а потоа презентира податоци за некои видови алкохол (пиво, вино, ракија, виски, бренди, џин, рум, вотка) и за некои видови пушење (пасивно пушење, наргиле, електронски цигари, пури, луле).<br>Во дванаесеттата глава, **Некои карактеристики на атмосферата**, авторката се задржува на карактеристиките на атмосферата, на атмосферскиот притисок, влажноста на воздухот, температурата на воздухот, струењето и јонизацијата на воздухот, но и за сончевата радијација. |

| | |
|---|---|
| | Во тринаесеттата глава, **Загадување на животната средина**, авторката прикажува одредни гасовидни, течни и тврди видови загадувачи и штетниот ефект врз здравјето на луѓето.<br>Во четиринаесеттата глава, **Квалитетот на водата за пиење, водите во реките и езерата и водоснабдувањето**, авторката дава основни карактеристики на водата за пиење и водоснабдувањето, а потоа презентира податоци за квалитетот на водата во Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро.<br>**Во практикумот на Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот,** авторката прикажува 20 вежби, а во секоја од нив се обработуваат менија за различни категории луѓе (дебели, потхранети, при труење со храна, кај деца, бремени жени, жени кои дојат, кај стари луѓе и кај спортисти), менија за различни видови диети (вегетаријанска, макробитска, медитеранска, хроно и исхраната по Дајмонд), менија за настава по логорување и скијање, менија за некои медицински состојби (анемија, рахитис, остеопороза и остеомалација) и за мерење на базалната температура и одредување на плодните денови.<br>Во **Литературата** се наведени 714 библиографски единици, сите поврзани со многубројните теми кои се обработуваат во учебникот. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосно ја покрива предметната програма на предметот <u>Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот,</u> која е <u>наменета за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје</u>. Исто така, одделни теми, наставни единици и поглавја може да бидат солидно помагало за студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус стручни студии, специјалистички студии од областа на физичкото образование и спортот, чие поле на интерес се хигиената, исхраната и физиолошките случувања од стручно-научен аспект, но и нивната поврзаност со спортската физиологија. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |

| | |
|---|---|
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот **ХИГИЕНА ВО ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНТОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТОТ** е напишан на македонски јазик, со многу лесен и јасен стил. Методските единици се поделени во глави, кои се групирани во неколку големи тематски содржини: исхрана, лична и хигиена на спортските објекти и хигиена на атмосферата, воздухот и водите. Во учебникот, авторката прикажува голем број слики, табели и графикони, со кои се обидува на сликовит начин да ги објасни третираните теми. Поглавјата се обработени и претставени темелно, со цел студентите полесно да го совладаат градивото по предметот Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот, но, исто така, може да го користат и студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус стручни студии, како и студенти кои изучуваат и слушаат слични или сродни наставно-научни содржини. Нов квалитет на учебникот му дава практикумот, во кој на разбирлив начин е објаснето како треба да се обработуваат вежбите и да се прават менијата. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 602 страници А4-формат, напишани на компјутер со фонт Ariel, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 14 глави, практикум и литература и содржи 365 слики и 137 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Милош Вучидолов, с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ИЦКО ЃОРГОСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во ракописот **Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот** содржани се тематски наставни единици кои се распределени во 15 глави.<br>Во првата глава, **Краток историјат на хигиената како наука,** се дадени зачетоците на хигиената како наука или некои нејзини делови, и тоа од времето на Стар Вавилон, Стар Египет, Стара Кина, Стара Грција, Стар Рим, еврејската медицина, арапската медицина, преку среден век и ренесансата, па до денес. Во овој, прв дел од ракописот, авторката на многу едноставен начин ги објаснува историските факти и сознанија, како и сите фактори и нивното заемно дејство на хигиената и зравјето.<br>Во втората глава, **Храна и одредување на дневните енергетски потреби**, дадена е кратка историја на науката за исхраната, а потоа се навлегува во објаснување на функциите на храната, како на важноста од задоволување на енергетските потреби, на посебните категории луѓе. Посебно е интересно и значајно што во овој дел се даваат и препораки на што мора да се внимава кога се составува еден оброк, дневен или неделен внес на храна.<br>Во третата и четвртата глава се обработени: **Хранливи материи** и **Болести на неправилна исхрана**. При тоа, на многу едноставен начин се објаснува градбата, а потоа и физиолошко-биохемиските потреби и функции на главните органски составни делови на храната (јаглехидрати белковини, масти) за потоа да се набројат, во посебни делови, значајните за организмот, минерали што се составен дел на храната и витамини како неопходни и есенцијални за нормално функционирање на организмот. Во овој дел. авторката ги користи своите искуства и сознанија од медицинско лекарската стручност и наведува заболувања и оштетувања кои се поврзани со посебни делови на храната, и тоа во посебни услови на недостаток или прекумерно консумирање на делови од храната и водата. Според мое мислење, ова дава исклучителен квалитет на овој ракопис, кој многу ќе им помогне на студентите за кои е наменет.<br>По описот на хранливите материи и болестите што се случуваат при недостаток или несоодветна исхрана следува петтата глава, |

| | |
|---|---|
| | **Специјална диететика, карактеристики на исхраната на одредени категории на луѓе**, а потоа шестата, **Основни начела на некои диети**. Ваквото поврзување е логично поврзување на материјалот изложен во претходните две глави. Во петтата глава, авторката на многу вешт и искусен начин ги објаснува начините на кои се подготвуваат диететските протоколи за исхраната на децата, бремените и жените кои дојат, старите луѓе и спортистите, наведувајќи ги посебните карактеристики со што суптилно ги објаснува специјалните потреби на овие категории луѓе. Во шестата глава, авторката ги наведува основните начела на денес многу актуелните и сè поразширените видови на диети, како што се вегетаријанството, макробиотската и медитеранската исхрана. Но не заборава при тоа да ги наведе како предностите, така и недостатоците од нивната примена. Тоа го потврдува фактот дека авторката соодветно ги познава ваквите механизми од делот на нивниот научен опус.<br>Во седмата глава, **Хранливи продукти** (намирници), авторката прави, според мене, успешен обид, врз основа на нивната биолошка вредност, сите хранливи продукти според пирамидата на исхраната да ги подели во 7 групи, при што намирниците од иста група може да се заменуваат едни со други, а за секоја намирница да предложи одреден број на порции во денот. Во продолжение се опишани основните особини на хранливите продукти или намирниците кои се користат во секојдневниот живот, при тоа, покрај широкото познатите и користени, посебен аспект се дава на природните и вештачки засладувачи, зачинските билки, брзата и процесуирана храна.<br>**Личната хигиена** е следниот дел од овој ракопис. Во него, авторката наведува материјал за основните и посебните принципи на одржување на хигиената на кожата во нормални услови и во услови на нејзино третирање (пирсингот и тетовирањето), при што, како што ќе рече таа: „калењето“ на организмот со природни фактори (сонце, воздух и вода). На крајот на оваа глава се дадени основните начела за одржување на хигиената на телото, рацете, забите, ушите, нозете, интимните делови, како и хигиенските карактеристики и функцијата на облеката и различните хигиенски карактеристики и функцијата на обувките. Во продолжение, во |

| | |
|---|---|
| | деветтата глава, **Сексуална хигиена,** авторката дава основен опис на градбата на надворешните делови на половиот систем, а потоа многу умешно ги објаснува случувањата и промените во текот на сексуалниот чин. На крај, таа ги нагласува можните несакани исходи, опишувајќи ја можноста и опасноста од полово преносливите болести или несаканата бременост. Многу интересен и посебен е приодот што авторката го користи во овој дел – на многу едноставен начин да се прикажат исклучително значајни моменти од животот на луѓето, посебно на младите, односно студентите, и проблемите кои можат да се случат од незнаење или невнимание.<br>Во десеттата глава се обработува делот за **хигиена на спортските објекти.** При тоа се нагласува значењето на хигиената и протоколите за нејзино одржување во отворени и затворени спортски објекти.<br>Во единаесеттата глава се опишуваат **болестите на зависност** (пушење, алкохол и дрога). При тоа, на многу едноставен и прифатлив начин авторката укажува на посебностите на сите болести на зависност и нивното негативно влијание врз здравјето на луѓето. Во овој дел, систематски се наведуваат фазите кои се надоврзуваат една по друга во ваквите состојби кои како каскадно да зависат едни од други.<br>Со големо внимание, авторката во дванаесеттата глава опишува **некои карактеристики на атмосферата**, со посебен аспект на карактеристиките на атмосферата, на атмосферскиот притисок, влажноста на воздухот, температурата на воздухот, влијанието на ветровите, јонизацијата и сончевата радијација. Она што е посебно важно и вредно да се напомене е тоа што при секоја од карактеристиките на атмосферата се наведува можното штетно дејство врз здравјето на луѓето. Очекувано, но на многу едноставен начин, на овие сознанија се надоврзува тринаесеттата и четиринаесеттата глава, насловени: **Загадување на животната средина** и **Квалитетот на водата за пиење**. Интересно е тоа што во овој дел во кој се опишуваат еколошките закономерности поврзани со условите за живот, авторката дава податоци за квалитетот на водата во Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, споредувајќи ги состојбите некогаш и сега. |

| | |
|---|---|
| | Во **практикумот** на Хигиена во физичкото образование и спортот се поместени 20 вежби, секоја од нив обработува менија за различни категории луѓе, за различни видови диети, за настава по логорување и скијање, менија за некои медицински состојби, како и за мерење на базалната температура и одредување на плодните денови. Овој дел е посебно значаен бидејќи дава и практична примена на сознанијата за важноста од храната, типот на храната во зависност од условите на живот и посебностите во делот на спортските активности. Сосема на крај е приложен список на околу 700 дела користена **литература,** што ја сочинуваат научни и стручни извори. Таа изобилува со референци, списанија, учебници и учебни помагала на еминентни автори и значајни научни списанија од оваа област. Посебно за истакнување е што голем дел од нив се од понов датум, што само ја потврдува актуелноста на обработениот материјал, а од друга страна упатува на тоа дека авторката постојано ги следи научните случувања во оваа област. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосно ја покрива предметната програма на предметот Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот, која е предвидена за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, оние за кои, главно, е наменет. Исто така, одделни теми, наставни единици и поглавја може да бидат солидно помагало за студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус стручни студии, специјалистички студии од областа на физичкото образование и спортот, чие поле на интерес се хигиената, исхраната и физиолошките случувања од стручно-научен аспект, но и нивната поврзаност со спортската физиологија. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот **ХИГИЕНА ВО ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТОТ** е напишан на македонски јазик, со многу лесен и јасен стил, со дефинирана стручно-научна конзистентност. Методските единици се логично распределени во поглавја, а поглавјата се надоврзуваат едни на други. Во ракописот, содржините се дообјаснуваат со шеми, табели и сликовити прикази. Ваквиот приод е дидактички оправдан, но и најкорисен |

| | |
|---|---|
| | за учење, посебно за оние кај кои превалира визуелната меморија.<br>Поглавјата се обработени и претставени темелно со цел студентите полесно да го совладаат градивото по предметот Хигиена во физичкото и здравственото образование и спортот, но, исто така, може да го користат и студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус стручни студии, како и студенти кои изучуваат и слушаат слични или сродни наставно-научни содржини. |
| **Категоризација:** | учебник со практикум |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 602 страници А4-формат, напишани на компјутер со фонт Ariel, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 14 глави, практикум и литература и содржи 365 слики и 137 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот **ХИГИЕНА ВО ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТОТ**, примарно наменет за студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Во Скопје, 10.2.2021 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Ицко Ѓоргоски с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАТИВНА СТУДИЈА НА СИСТЕМИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЖРТВИ НА ПОЛОВ НАПАД ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА“ ОД М-Р НАТАША ДИМЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 3.XI 2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Димеска со наслов „Компаративна студија на системите за заштита на децата жртви на полов напад во Република Северна Македонија и Република Словенија“, во состав: проф. д-р Софија Георгиевска (претседател), проф. д-р Иван Трајков (ментор), проф. д-р Сузана Борнарова (член), проф. д-р Наташа Богоевска (член) и проф. д-р Светлана Трбојевиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј
### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Димеска, со наслов: „Компаративна студија на системите за заштита на децата жртви на полов напад во Република Северна Македонија и Република Словенија“, содржи 301 страница компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 103 фусноти, 143 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 7 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Предметот на истражување кој е поставен е испитување на поврзаноста на системското и вонсистемското постапување со децата кои се жртви на полов напад во Република Северна Македонија и Република Словенија. Односно целта е да се испита потребата за развој и промена на законите, постапките и пристапувањето кон овие случаи во една не-ЕУ-земја, по примерот на европските закони. Но, во докторската дистертација се прави и сложена анализа на важноста на вонинституционалната заштита на жртвите на полов напад по примерот на словенечкиот модел, како и итната потреба од промена на улогата на социјалниот работник во целиот овој процес на институционална и вонинституционална заштита на децата жртви со воведување на модел на форензичка социјална работа.

Предметот на истражувањето се проверува преку една главна хипотеза и четиринаесет потхипотези. Со главната хипотеза се постулира потребата од креирање на нов психосоцијален модел на работа со децата кои се жртви на полов напад, со мултудисциплинарен пристап, кој, пред сѐ, се темели на потребата од форензички пристап во првиот контакт со жртвата. Токму оваа претпоставка за потребата од промена на целокупниот институционален и вонинституционален пристап, кандидатката укажува дека би имало големо влијание на целокупниот социјален систем за заштита и за ресоцијализација на жртвите.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Формулација на проблемот и начин на негово истражување“. Во неа е формулиран проблемот, точно е определен предметот на истражување, но и очекуваниот научен придонес од овој предмет. Предметот на истражувањето се проверува преку една главна хипотеза и четиринаесет потхипотези. Со главната хипотеза се постулира потребата од креирање на нов психосоцијален модел на работа со децата кои се жртви на полов напад, со мултудисциплинарен пристап, кој, пред сѐ, се темели на потребата од форензички пристап во првиот контакт со жртвата. Токму оваа претпоставка за потребата од промена на целокупниот институционален и вонинстутиционален пристап, кандидатката истакнува дека би имало големо влијание на целокупниот социјален систем за заштита и за ресоцијализација на жртвите.

**Втората глава,** насловена „Криминолошки карактеристики на кривичното дело полов напад врз дете“, се објаснуваат криминолошките карактеристики на кривичното дело полов напад врз дете, во која, покрај криминолошките карактеристики на ова кривично дело, се обработуваат и карактеристиките на сторителите и жртвите, но посебен акцент е ставен на децата жртви на полов напад кои се со посебни потреби и како подгрупа децата со аутизам кои се жртви на полов напад. Исто така, во оваа глава темелно се разработени досегашните случаи на пријавени деца жртви на полов напад во Република Северна Македонија. Како посебен дел е обработена состојбата на децата кои се со аутистичен спектар, нивната ранливост кога станува збор за половиот напад, но и како аутизмот влијае врз начинот на справување со последиците од половиот напад, заедно со мерките кои се потребни за помош и поддршка на децата жртви.

**Третата глава,** насловена „Кривичноправна заштита на децата во Република Северна Македонија“, е поделена на две подглави. Првата подглава „Кривичноправни карактеристики на кривичното дело полов напад врз дете во Република Северна Македонија“, ја објаснува кривичноправната заштита на децата кои се жртви на полов напад во различни закони, но и нивниот аспект врз заштита на децата. Во втората подглава, „Законодавство од областа на заштитата на децата во Република Северна Македонија“, ги објаснува Конвенцијата за права на детето и Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, како и протоколите за постапување во соодветните институции при постапување со децата кои пријавиле полов напад.

**Четвртата глава,** насловена „Кривичноправна заштита на децата во Република Словенија“, ја објаснува кривичноправната заштита на децата во Република Словенија за да се обезбеди компаративноста во истражувањето. Освен обработка на законските акти, разгледување на надлежностите и задачите на институциите и невладините организации, во оваа глава се објаснети и европските регулативи за постапување со деца жртви на полов напад, како и нивната имплементација во Република Словенија.

**Петтата глава,** „Постапување со дете жртва на полов напад“, го разработува моделот на постапување со дете жртва на полов напад, со посебен акцент на форензичкото интервју на деца жртви, потребата од него и потребата од имплементација на форензичката социјална работа во секојдневната работа со деца жртви. Во оваа глава, преку дефинирање и темелна обработка на видовите интервјуа со деца кои се жртви на полов напад, направен е посебен фокус на форензичкиот пристап на интервјуирање на децата, како врвен начин на нивна заштита од ревиктимизација и побрзо завршување на истражните дејствија.

**Шестата глава,** „Помош и поддршка на дете жртва на полов напад“, ги разработува начините за помош и поддршка на децата кои се жртви на полов

напад, но и темелно ги анализира различните карактеристики на децата кои се жртви, нивната резилиентност. Во оваа глава се анализира мултидисциплинарниот пристап како основна алатка за постапување во овие случаи бидејќи и тимскиот пристап на работа се покажал како клучен за заштита на децата жртви, но и за побрзо преминување на детето кон процес на надминување на траумите. Во овој процес на давање помош и поддршка на децата жртви, како најуспешна се покажала когнитивно-бихејвиоралната терапија и затоа е темелно обработена во шестата глава, но и новината во работата со децата жртви: траума – информираната практика, која како алатка може лесно да се иплементира во работата на социјалните работници.

Во **седмата глава,** насловена „Презентација на податоци и резултатите добиени од спроведеното истражување во Република Северна Македонија и Република Словенија“, со секундарна анализа на достапни документи, истражување на терен, интервјуа со претставници од специјализирани услуги за работа со деца кои се жртви, како и од спроведена анкета со претставници од полициски станици и центри за социјална работа во двете земји се прави компаративна анализа на моменталната состојба на заштита на децата жртви на полов напад. Посебен осврт во оваа глава беше ставен и на специјалистичкото истражување реализирано во Поликлиниката за заштита на деца и млади на градот Загреб, Република Хрватска, која е единствена во регионот специјализирана за работа со деца жртви на полов напад, и по чиј модел се креираат и се имплементираат добрите практики во Европската Унија. Овие обработени податоци беа искористени за потврдување на основната хипотеза, но и потхипотезите кои беа зададени на почетокот на истражувањето.

Во истражувањето се применети повеќе научноистражувачки методи и техники на прибирање податоци, нивна обработка и анализа. Од научните методи се применуваат *хипотетичко-дедуктивниот и аналитичко-дедуктивниот и компаративниот метод.* За разгледување на историскиот развој на кривичното дело, искористен е историско-компаративниот метод. За кванитативното истражување, користен е и *методот на спроведување анкета и фокус група*, односно спроведена анкета со униформирани и неуниформирани полициски службеници и со вработени во центрите за социјална работа во Република Северна Македонија за истражување на искуството на професионалците при постапување со ваквите случаи, но и покажување на итната потреба од промена на практиките.

Истражувањето има за цел да ги таргетира вработените во внатрешноста на државата, односно полициски службеници кои работат во СВР Битола, СВР Штип, СВР Велес и СВР Струмица истовремено и во истите градови во центрите за социјална работа: Велес, Штип, Струмица, Кавадарци, Кочани, Виница, Прилеп, Крушево, Битола, Македонски Брод и Општина Кривогаштани. Овие општини во внатрешноста на државата се избрани поради податокот кој покажа непостоење на специјализирани услуги (невладини и граѓански организации) што работат со деца жртви, а бројот на пријавени случаи е доста висок.

Спроведената анкета со полициски службеници вработени во Министерството за внатрешни работи на Република Словенија беше со анкетен прашалник, кој беше спроведен со неуниформирани полициски службеници – инспектори криминалисти во 8 градови во Република Словенија: Љубљана, Марибор, Целје, Мурска Собота, Крањ, Копер, Велење и Птуј.

Во рамките на ова истражување, кандидатката реализирала и *фокус-група* преку одговарање на анкетен прашалник спроведен со згрижувачки семејства на деца со посебни потреби.

*Отворено интервју,* како истражувачка метода, кандидатката реализирала со претставници од невладиниот сектор во Република Словенија, кои долги години работат со заштита и помош на деца кои се сексуално злоставувани.

*Метод на набљудување* кандидатката применила во Поликлиника за заштита на деца и млади на град Загреб, Република Хрватска, каде што 30 дена била набљудувана работата со деца кои се жртви на сексуална злоупотреба во делот на справување со пострауматски синдром и делот на проучување на форензичкиот пристап на интервју со деца жртви.

*Метод на набљудување,* исто така, бил применет и во следење на работата во три невладини организации во Република Словенија, каде што 60 дена била следена работата на социјалните работници во давањето на психосоцијална помош на деца жртви на сексуална злоупотреба, но и на мајки кои во своето детство доживеале злоупотреба и немале можност да добијат соодветен третман за справување со неа.

За добивање на комплетна слика за првиот институционален одговор, за знаењата на професионалците кои први доаѓаат во контакт со жртвата, кандидатката има направено истражување. Односно испитуваната група која е носител на податоците на ова истражување се состои од: 250 полициски службеници од Република Северна Македонија, 100 вработени во центрите за социјална работа во Република Македонија, 15 полициски службеници кои се специјализирани за работа со деца жртви на полов напад во Република Словенија, 20 згрижувачки семејства кои згрижуваат деца со посебни потреби од Македонски Брод, Република Северна Македонија.

Добиените податоци од истражувањето статистички се обработени. Добиените податоци квантитативно и квалитативно се анализираа. По класифицирање на податоците според институции, тие се претставени емпириски, графички и процентуално. Деталните квантитативни и квалитативни податоци се обработени во однос на дефинираните индикатори со употребата на тематска анализа. Тие рефлектираа со научни заклучоци.

Со добиените резултати се потврдува третата потхипотеза: потреба од форензичка работа на социјалните работници со деца жртви во полиција и центрите за социјална работа, за уште на почетокот на истрагата детето да биде заштитено од секундарна виктимизација и несакана средба или соочување со сторителот во текот на истрагата. Со ова се потврдува и петтата потхипотеза: улогата на форензичкото интервју при иницијално интервју извршено од полициски службеници при пријавување на случајот бидејќи сите истражувања покажуваат дека токму МВР доаѓа прв во контакт со детето кое е жртва, оној кој ја добива прв пријавата за случај и кој ги информира другите институции што се активни чинители во истрагата. Шестата потхипотеза: Форензичко постапување со случаите на дете со посебни потреби при пријавување на сексуална злоупотреба во полициска станица, исто така се потврди со анализата на искуствата на испитаните полициски службеници, бидејќи 83,1 % од полициските службеници изјавија дека не било спроведено форензичко интервју на дете со посебни потреби за време на истрага за полов напад врз дете. Децата со посебни потреби бараат спроведување на посебни истражни алатки за добивање на потребни информации за време на истрагата, и посебни профили на стручни лица може нив да ги спроведуваат, но токму овој процент на одговори

ја потврдува потребата дека треба да се изберат определен број на полициски службеници кои ќе бидат обучени само за спроведување на вакво интервју и тоа токму со деца со посебни потреби, бидејќи тоа ќе им даде сигурност во спроведувањето на истрагите и, секако, во заштитата на децата. Со анализирањето на добиените податоци во спроведената анкета се потврди и седмата потхипотеза: Недостаток на превентивни активности организирани од центрите за социјална работа, полицијата, воспитно-образовните институции и невладините организации за подигање на јавната свест за сексуална злоупотреба на деца со посебни потреби, бидејќи 92,8 % од испитаните полициски службеници сметаат дека полицијата треба да биде дел од ваква активност, која ќе влијае на подигање на јавната свест за половиот напад врз дете, но и за говорење во јавноста за зачестеноста на оваа појава, нејзините последици врз детето, неговиот психофизички развој, но и на функционирањето на целото негово семејство.

Добиените податоци од анкетата ја потврдуваат првата потхипотеза: Превентивна работа со деца кои се под ризик да бидат жртви на полов напад (деца со посебни потреби, деца без родители, деца во дом семејство), бидејќи никакви превентивни активности за информирање, обучување и подигање на јавната свест центрите за социјална работа самоиницијативно не практикуваат како дел од нивните активности, бидејќи се преоптоварени со документи и увиди, но и поради тоа што имаат недостаток на стручен и едуциран кадар.

Добиените податоци, исто така, ја потврдуваат и четврттата потхипотеза: Децата со посебни потреби се сметаат како асексуални, што ги прави помалку ранливи пред кривичното дело: полов напад врз дете, бидејќи вработените кои биле анкетирани од центрите за социјална работа, дури 68 % сметаат дека децата со посебни потреби не може да бидат жртви на полов напад. Ваквиот став на професионалците сериозно влијае на можноста за иницирање на превентивни активности кои би влијаеле на подигање на свеста за сексуалната злоупотреба на децата со посебни потреби и за знаците кои тие ги даваат кога се жртви на полов напад и покрај нивните физички или ментални тешкотии.

Анализираните податоци од спроведената анкета ја потврдуваат и осмата потхипотеза: Правилна едукација на вработените во центрите за социјална работа за препознавање на жртвите на полов напад, водење на случаите, обезбедување на советодавна и психосоцијална помош на децата и семејството, бидејќи преоптовареноста на вработените во центрите и недостатокот на кадар, сериозно влијае врз начините на водење на случаите со полов напад врз дете, посебно во обезбедувањето на психосоцијална помош на децата, но и на целото семејство за надминување на постстрауматскиот стрес. Досегашните истражувања и податоците кои авторката ги анализираше покажуваат дека вработените во центрите за социјална работа се само водители на случајот, и во мал процент придружници на детето во судската постапка, но советодавна функција и обезбедување на психосоцијална заштита на детето и семејството речиси никој од вработените не спроведува.

Анализирањето на податоците добиени од спроведената фокус-група со членови на згрижувачки семејства ја потврдува уште еднаш седмата потхипотеза: Недостаток на превентивни активности организирани од центрите за социјална работа, полицијата и невладините организации за подигање на јавната свест за сексуалната злоупотреба на деца со посебни потреби, бидејќи голем дел од згрижувачките семејства никогаш немале никаков допир со информации за сексуална злоупотреба, голем дел од нив беа уверени дека тоа не може да се случи во мало село како нивното, а никогаш и не

размислувале дека при распределбата на деца, токму во нивниот дом може да дојде дете со посебни потреби кое било жртва на сексуална злоупотреба и кое не добило соодветен третман за надминување на траумите од неа.

Добиените податоци ја потврдуваат и втората потхипотеза: Згрижувачки семејства/старатели на деца со посебни потреби имаат потреба од обуки за препознавање на знаци на сексуално злоставувано дете со посебни потреби, бидејќи мал број од згрижувачките семејства воопшто се свесни за ранливоста на децата со посебни потреби пред половиот напад, како тие може да бидат жртви и како може да ги препознаат.

Со анализирањето на добиените одговори од спроведената анкета со полициските службеници во Република Словенија може да се потврди дванаесеттата потхипотеза: Креирање на посебен дел од полициските службеници кои ќе работат само на истрагите со полов напад врз дете; бидејќи кога според европските правилници за постапување потребно е креирање дел на полициски службеници кои се специјално обучени за работа со деца жртви на полов напад и за спроведување на сите стандарди кои ја гарантираат безбедоста на детето, но и кои ќе гарантираат истрагите многу полесно да се завршуваат и децата веднаш по иницијалното интервју (форезничко интервју) да започнуваат со процесот на терапија и да добиваат психосоцијална помош од центрите за социјална работа, но и од специјализираните граѓански организации кои работат со деца жртви на полов напад.

Анализирањето на двете отворени интервјуа со невладините организации кои се даватели на специјализирани услуги во Република Словенија, отворените можности за психосоцијална поддршка, но и терапевтски третман кои се отворени не само пред децата кои се жртви на полов напад, туку и пред нивните семејства кои имаат потреба да ја надминат таа состојба, ги потврдува деветтата потхипотеза: Потреба од отворање на дневни центри за психосоцијална работа со деца жртви на сексуална злоупотреба и нивните родители; десеттата потхипотеза: Улога на невладините/граѓански организации во психосоцијална ресоцијализација и реинтеграција на децата жртви на сексуална злоупотреба; бидејќи недостатокот на специјализирани услуги е очигледен „хендикеп“ на нашето општество.

Кандидатката пое анализирањето на средбата за давање психосоцијална помош на дете со аутизам кое било жртва на полов напад во училиште, која е остварена во неговиот дом, ја потврдува единаесеттата потхипотеза: Креирање специјални институционални и вонинституционални протоколи за работа со децата со аутизам, кои се жртви на полов напад, приспособени на нивното темпо и ниво на развој; бидејќи недостигот на специјализирани услуги и обучени професионалци во нашата земја сериозно влијаат врз темпото на ресоцијализација и опоравување од пострауматскиот стрес на децата жртви, а посебно на децата со посебни потреби. Посебна евиденција за деца со аутизам кои се жртви на полов напад не постои и не можеме да дознаеме како се постапува со нив, но потребата за креирање на вонинституционални протоколи кои ќе се адаптираат посебно за секое дете кое е со одредени предизвици, а било жртва на полов напад, е повеќе од потребно. Досегашните пракси во нашата држава покажуваат дека децата кога се жртви на полов напад, центрите за социјална работа ги упатуваат на терапија и разговор со психолог или психотерапевт, но останува на упорноста, некогаш и можноста на родителот дали детето ќе ги добие овие услуги за помош кои му се круцијални во надминување на преживеаната траума. Посебно ова е предизвик во малите

места, каде што и бројот на достапни професионалци е ограничен и лимитиран, констатира кандидатката.

Можноста за спроведување клиничка пракса во Поликлиниката за заштита на деца и млади на град Загреб, Република Хрватска, на кандидатката ѝ овозможи потврдување на тринаесеттата потхипотеза: Имплементирање на европските стандарди за постапување со деца жртви – Barnahub; бидејќи начинот на кој се организирани сите начини на поддршка на децата кои се жртви на каква било злоупотреба, синхронизираната соработка со институциите, посебно со обвинителството и полицијата и овозможување на спроведување на процесот на снимање на иницијалното интервју со дете жртва со специјално креирани услови за тоа, со професионалци обучени за тоа, со тим кој потоа детето може веднаш да го воведе во процесот на пострауматско делување и во терапевтски процес за надминување на траумата, претставува европска практика која треба нашата држава да ја имплементира.

Кандидатката, со темелно анализирање на добиените податоци, на секундарните извори, но и на правење компаративно разгледување на моделот на постапување со децата кои се жртви на полов напад во Република Северна Македонија и Република Словенија, се добива одговор на општата хипотеза: *Дали креирањето на нов психосоцијален метод на работа со жртвите на полов напад, по примерот на Република Словенија, со употреба на когнитивно-бихевиорална терапија и мултидисциплинарен пристап и спроведување на форензичко интервју при пријавувањето на случаите, ќе им се овозможи подобра ресоцијализација на жртвите, ќе ги намали последиците од злоставувањето и ќе ја врати довербата во центрите за социјална работ?* Односно, со разгледување на сите достапни информации и нивната компарација со Република Словенија, кандидатката истакнува дека може првично да се заклучи дека ни недостига нов начин на евидентирање на случаите на полов напад врз дете, и темелно организирање на податоците за нив на долг рок да послужат за правење стратегии и утврдување на правилни или погрешни пристапи, добри или лоши социјални клими кои влијаеле на подем или пораст на бројот на пријавени случаи на полов напад. Исто така, анализирајќи ги специјализираните вонинституционални услуги кои им се овозможуваат на децата жртви на полов напад во Република Словенија, се дава одговор на општата хипотеза дека имплементирањето на нови пракси, кои се налик на нивните, е комплетно доближување до европските пракси и регулативи кои се посветени на целосна заштита на децата и забрзана реинтеграција во општеството со овозможување на комплетно надминување на траумата.

Резултатите од анализираните податоци добиени од обработка на веќе достапни иформации или од спроведеното анкетно истражување потврдиле присуството на сексуалната злоупотреба на деца, но и фактот дека таа недоволно се пријавува. Официјалните статистички податоци не даваат вистинска слика за обемот и динамиката на сексуална злоупотреба бидејќи не може да се селектираат само кривичните дела каде што жртви се деца. При ваква состојба, официјалната статистика не покажува зголемување на обемот на сексуална злоупотреба на деца во последните години. Веројатно ќе се забележи и натамошно зголемување на бројот на евидентирани случаи откако ќе се донесат стратегии за одговор на потребите на сексуално злоупотребените деца и нивните семејства. Резултатите од истражувањето имаат големи импликации врз креирањето на политиките и работењето на службите. Неопходна е заемна соработка меѓу полициските и правосудните органи на сите држави во сузбивање на кривични дела од типот на полов напад врз дете.

Кандидатката констатира дека државата е онаа која треба да обезбеди соодветни ресурси (финансиски и човечки) по иницијатива на Министерството за труд и социјална политика за да се обезбеди расположливост на делотворни програми за превенција, заздравување, рехабилитација и реитеграција на децата жртви на сексуална злоупотреба. На овој начин ќе се обезбеди креирање на терен за целосна имплементација на европските правила и практики од областа на заштитата на сексуално злоупотребените деца. Токму реализираното истражување ја нагласи потребата од предвидување и спроведување на превентивни мерки за заштита на одредени ризични категории на деца да не станат жртви на сексуална злупотреба и сексуална експлоатација. Сите професионалци кои работат со деца треба да имаат основна мултидисциплинарна обука за препознавање и реагирање на сексуална злоупотреба на деца, а некои и специјализирана обука за оние што ќе бидат вклучени во специјализирани интервенции. Обуката секогаш треба да биде креирана според потребите на целната група, особено имајќи ја предвид родовата специфика и спецификата на ранливите групи. Воспоставување евиденција на децата жртви и на сторителите на кривични дела на сексуална злупотреба и сексуална експлоатација во секоја институција која работи на овој проблем и воспоставување единствена евиденција од сите институции, заради согледување на состојбата и преземање соодветни мерки за елиминирање на сите можни облици на злоупотреба на децата е, исто така, препорака која се наметна како последица од спроведеното истражување за овој докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[9]. Наташа Димеска P.h.D студент. „Протоколи на интервјуирање на социјалниот работник на дете жртва на полов напад“ - STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL FACULTY OF LAW UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP Year 2019, 7 ISSN 2545-4021.

[10]. Наташа Димеска. „Состојбата на децата сведоци и жртви на семејно насилство во време на кризата предизвикана од КОВИД19“ – МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“. Година VIII Број 3. Април 2021- 364.63-027.553-053.2-058.6]:616.98:578.834(497.7)”, 2020.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов „Компаративна студија на системите за заштита на децата жртви на полов напад во Република Северна Македонија и Република Словенија“ проучуваше недоволно истражена тема, тезата нуди значителен придонес во областа на социјалната работа, современите пракси на постапување и воведување на нови стандардизирани начини на работа, па преку обезбедување на нова перспектива на знаење се очекува да даде придонес на теоретско и практично ниво поради фактот што станува збор за оригинална студија. Има за цел да обезбеди скромен придонес на академско ниво и евентуално да ги пополни постојните празнини во теоријата, особено во национален контекст. Докторската дисертација отвора простор за продлабочување на добиените наоди во контекст на преференците и идните ориентации на социјалната работа во државата. Како што споменува кандидатката и во самата дисертација, сите ограничувања објаснети во поглавјето за методологија и во поглавјето за дискусија ја одразуваат потребата за натамошни истражувања во анализата на врските помеѓу теоријата и праксата, стандарните начини на работа и потребата од итна модернизација на социјалната работа. Токму иницираните промени на практиката отвораат неколку различни полиња за понатамошни истражувања, креирање на нови практикуми и спроведување на масовна едукација на професионалците кои се активни чинители во процесот на социјална заштита на децата жртви.

Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Димеска, со наслов „Компаративна студија на системите за заштита на децата жртви на полов напад во Република Северна Македонија и Република Словенија“, констатира дека таа ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд, и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет му предлага да ја прифати позитивната оценка и да закаже термин за одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Димеска со наслов „Компаративна студија на системите за заштита на децата жртви на полов напад во Република Северна Македонија и Република Словенија“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Софија Георгиевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Иван Трајков, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Борнарова, член, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Богоевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Светлана Трбојевиќ, член, с.р.**

**Издвоени мислења** (доколку има):

**Издвоени мислења** (доколку има):

# П Р Е Г Л Е Д
## ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

### МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Аврамовска Трајанка | „Влијанието на испитот по англиски јазик од државната матура врз учењето и наставата по англиски јазик во средните училишта во Република Северна Македонија“ | „The washback effect of The State Matura English exam on learning and teaching the English language in secondary schools in the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Елена Despina Ончевска-Агер | 27.1.2022 10-203/1 |
| 2. | Беса Дрндар | „Стратегии при симултаното толкување во политичко–дипломатскиот контекст“ | „Strategies during simultaneous interpretation in the political-diplomatic context“ | проф. д-р Милан Дамјаноски | 27.1.2022 10-103/2 |
| 3. | Целевска Изабела | „Употребата на англизми во секојдневниот говор на адолесцентите во Република Северна Македонија“ | „The usage of anglicisms in everyday speech among adolescents in the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Билјана Наумоска-Саракинска | 27.1.2022 10-202/1 |
| 4. | Деа Крстевска | „Стратегии за промовирање на италијанскиот јазик во светот и перспективи за дифузија на италијанскиот јазик и култура во Република Северна Македонија“ | „Strategies for promotion of the Italian language in the world and prospects for the diffusion of Italian language and culture in Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Александра Саржоска | 27.1.2022 10-38/2 |
| 5. | Марија Марковска | „Новото во македонската литература за деца“ | ,,The latest/newest in the Macedonian children's literature" | проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска | 27.1.2022 10-206/1 |
| 6. | Христина Марковска | „Алтернативните форми на оценувањето во онлајн наставата по англиски јазик како странски во средното образование во Република Северна Македонија“ | „Alternative assessment in the virtual EFL classroom in secondary schools in the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Анжела Николовска | 27.1.2022 10-204/1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Исра Ќаили | „Влијанието на дигиталната епоха врз мајчиниот јазик кај младите Албанци во Северна Македонија“ | „The impact of the digital epoch on native language of Albanian youth Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Ајтен Ќамили | 27.1.2022 10-109/2 |
| 8. | Марија Атанасова | „Библиските фраземи во македонскиот јазик“ | „Biblical phrases in the Macedonian language“ | проф. д-р Катерина Велјановска | 27.1.2022 10-93/2 |
| 9. | Константин Стојановски | „Именскиот директен предмет во германскиот и во македонскиот јазик од семантички и од дијахронискоморфолошки аспект“ | „The nominal direct object in German and in Macedonian from a semantic and a diachronic morphological perspective“ | проф. д-р Емилија Бојковска | 27.1.2022 10-110/2 |
| 10. | Василија Миовска | „Усвојување на германскиот како странски јазик според дидактичко-методското начело на повеќејазичноста“ | “Acquisition of German as a Foreign Language according to the Didactic an Methodological Principle of Multilingualism” | проф. д-р Емина Авдиќ | 27.1.2022 10-37/3 |
| 11. | Ерен Малик | „Исмаил Гаспрински и иновациските движења во образованието“ | „Ismail Gasprinski and the innovational movements in education“ | проф. д-р Осман Емин | 27.1.2022 10-35/2 |
| 12. | Наталија Тоневска-Каровска | „Начините и можностите на преведување на општоразговорниот, разговорниот и литературниот чешки јазик на македонски јазик“ | „Manner and possibilities of translating the coloquial and literary Czech language in to Macedonian language“ | проф. д-р Јасминка Делова-Силјанова | 27.1.2022 10-205/1 |
| 13. | Марија Кулеска | „ Метафоричките реализации во мотивациските говори на англиски јазик“ | „Metaphorical realizations of the English language in the motivation speeches“ | проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска | 27.1.2022 10-19/3 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ – НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Lajm”, од 18.11.2021 година, за избор на наставник во звањето насловен доцент/насловен вонреден професор од наставно-научната област човекови права и слободи, и врз основа на Одлуката на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, бр. 02- 1266/1, донесена на 23.12.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Мирјана Најчевска, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, д-р Елена Михајлова-Стратилати, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Бојана Наумовска, вонреден професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во звање – насловен доцент/насловен вонреден професор од наставно-научната област човекови права и слободи, во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Јелена Ристиќ.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Јелена Ристиќ е родена на 15.6.1981 година во Скопје. Основното образование го завршила во Скопје со одличен успех. Средното образование го започнала во ДСУ „Раде Јовчевски Корчагин” во Скопје, а го завршила во ДСУ „Вејн Трејс” во Охајо, САД, каде што дипломирала со почести. Во 2005 година дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со просечен успех 8,00, со што се стекнала со стручен назив – дипломиран правник. Истата година се стекнала со диплома за успешно завршена едногодишна образовна програма од областа на родови/феминистички науки во рамки на Школата за род и политика при Истражувачкиот центар за родови студии на Институт „Евро-Балкан“ – Скопје. Своето образование го продолжила на магистерските студии по меѓународно право и меѓународна политика, насока: меѓународно право, на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што во 2013 година магистрирала на тема „Принципот на заштита на човековите слободи и права во јуриспруденцијата на Европскиот суд на правдата”, со просечен успех 9,57, со што се стекнала со научен назив – магистер на правни науки од областа на меѓународното право. Истата година се запишала на докторски студии по меѓународно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што во 2016 година успешно ја одбранила докторската дисертација на тема „Правото на интелектуална сопственост и јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права”, пред Комисија во состав: проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, проф. д-р Татјана Петрушевска (ментор), проф. д-р Владо Бучковски, проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска и проф. д-р Валентин Пепељугоски, и се стекнала со научен назив – доктор на правни науки од областа на меѓународното право.

Нејзиното професионално работно искуство вклучува седумнаесетгодишно работно искуство во правната област, вклучително и во рамки на повеќе меѓународни организации и институции, меѓу кои се: Европскиот суд за човекови права во Стразбур, Американската адвокатска комора Иницијатива за владеење на правото (ABA ROLI), Американската адвокатска комора Централна и источна европска правна иницијатива (ABA CEELI) и Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (USAID). Определен период работела и како извршен директор на Адвокатската комора на РС Македонија. Од 2015 година работи како адвокат, а во 2016 година е ангажирана на Факултетот за правни науки при Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје, како наставник по клиничка настава. Имено, со одлука за стекнување статус на истакнат стручњак од практиката, именувана е за истакнат стручњак од практиката и вклучена е во наставниот процес на Факултетот за правни науки при Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје. Во 2017 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје, д-р Јелена Ристиќ е избрана во насловно звање – доцент по група предмети од областа на правните науки. Нејзиниот ангажман вклучува одржување на настава по неколку предмети од прв и втор циклус студии, во рамките на три единици на Универзитетот. Во 2021 година, со одлука на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избрана е во звање – насловен доцент во наставно-научната област човекови права и слободи. Распоредена е на неколку предмети од втор циклус студии.

Д-р Јелена Ристиќ е заменик-претседател на Адвокатската комора на РСМ и член на Управниот одбор на Адвокатската комора на РСМ од 2018 година. Експерт е на Советот на Европа за повеќе области и сертифициран обучувач на Советот на Европа во рамки на Европската програма за образование за човекови права за правни професионалци (HELP). Во 2021 година е избрана за член на Консултативниот одбор на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Советот на Европа (HELP). Истовремено, таа е член на Управниот одбор на регионалната акција на Советот на Европа „ХЕЛП во Западен Балкан” (дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022“ на ЕУ и Совет на Европа), како и член на Управниот одбор на проектот „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во С. Македонија“ (дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022“ на ЕУ и Совет на Европа). Со свои трудови и реферати остварила учество на четириесетина научни и стручни собири од меѓународен и од национален карактер. Била раководител и била вклучена како експерт во рамки на повеќе меѓународни и национални проекти во врска со реформите во правосудниот сектор, владеењето на правото и човековите права. Исто така, била и член на работни групи за изработка на измени и дополнувања на закони, како и член на комисии за изработка на подзаконски акти. Автор е на повеќе научни и стручни трудови, претежно од областа на меѓународното и европското право за човекови права, меѓу кои и неколку книги. Покрај македонскиот јазик, активно се служи со англискиот и со српскиот јазик, а има основно познавање на францускиот и на грчкиот јазик.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје, кандидатката д-р Јелена Ристиќ изведувала настава на прв и втор циклус студии на три единици на УАКС (Факултет за правни науки, Факултет за политички

науки и Факултет за деловна економија и организациони науки), на македонски и англиски јазик. На Факултетот за правни науки при УАКС изведувала настава по предметите: Меѓународни човекови права, Меѓународно приватно право, Структури и институции на ЕУ, Казнено право, Казнено процесно право (прв циклус студии), Казнено право-практични примери, Казнено процесно право – практични примери, Криминалистика (втор циклус студии). На Факултетот за политички науки при УАКС изведувала настава по предметот International Human Rights (прв циклус студии), додека на Факултетот за деловна економија и организациони науки изведувала настава по предметите Структури и институции на ЕУ и EU Corporate Law (прв циклус студии). Во рамките на наставно-образовната дејност на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, распоредена е на предметите: Човековите права и трансформацијата на светските политики и Трудово право (втор циклус студии). Исто така, кандидатката изведувала настава во рамки на наставно-образовната дејност на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, како и во рамки на неколку школи и работилници.

Кандидатката била член во комисија за оцена или одбрана на единаесет магистерски трудови и коментор на еден магистерски труд. Исто така, автор е на три интерни скрипти од предавања.

Целосен преглед на наставно-образовната дејност е даден во Образец 2.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Јелена Ристиќ има објавено десет научни и стручни трудови, претежно од областа на меѓународното и европското право за човекови права, од кои шест труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, два труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на интернет (EBSCO и Scopus), од кои еден е истовремено труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународен академски собир и два труда со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание.

Кандидатката е автор на една монографија, а била и рецензент на повеќе научни/стручни трудови објавени во земјата и во странство. Исто така, била раководител на два национални научни проекта, како и учесник во седум национални и меѓународни научни проекти, претежно од областа на човековите права и реформите на правосудството, поддржани од Амбасадата на САД, Амбасадата на Кралството Холандија, Британската амбасада, Советот на Европа, Фондацијата „Фридрих Еберт“ и други. Таа учествувала и на четириесетина научни и стручни собири и конференции во земјата и во странство со свои излагања.

Целосен преглед на научноистражувачката дејност е даден во Образец 2.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката д-р Јелена Ристиќ била активна и во делот на стручно-применувачката дејност, како и во делот на дејностите од поширок интерес.

Таа е автор на три стручни монографии и коавтор на една стручна монографија, како и на документи за јавни политики, експертски извештаи, стратегии и слично. Била ангажирана како експерт во рамки на девет проекти на Советот на Европа, во врска со повеќе области, и тоа: антидискриминација, пристап на жените кон правда, борба против

трговија со луѓе, правда за деца, права на заштита на податоци и приватност, насилство врз жени и домашно насилство, имплементација на Европската конвенција за човекови права, сопственички права, семејно право, работнички права, биоетика и други.

Д-р Јелена Ристиќ е заменик-претседател на Управниот одбор на Адвокатската комора на РСМ и член на Управниот одбор на Адвокатската комора на РСМ. Таа е член и на неколку тела на Советот на Европа: член на Консултативниот одбор на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), член на Управниот одбор на регионалната акција на Советот на Европа „ХЕЛП во Западен Балкан” (дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022“ на ЕУ и Совет на Европа) и член на Управниот одбор на проектот „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во С. Македонија“ (дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022“ на ЕУ и Совет на Европа). Била член на работни групи при Министерството за правда на РСМ за изработка на измени и дополнувања на закони (Закон за адвокатурата, Закон за Академија за судии и јавни обвинители), како и член на работни групи при Адвокатската комора на РСМ за изработка на подзаконски акти за Центар за едукација на адвокати, адвокатски стручни соработници и адвокатски приправници на Адвокатска комора на РСМ.

Кандидатката е член на уредувачки одбор на научното списание „Law Journal of New Bulgarian University“, во издание на Новиот бугарски универзитет во Софија и член на уредувачки одбор на стручното списание „Правен фокус“, во издание на Македонското здружение на млади правници. Била претседател на организационен/програмски одбор на седум стручни собири, како и член на организационен одбор на еден меѓународен научен собир.

Целосен преглед на стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес е даден во Образец 2.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Јелена Радојица Ристиќ
**Институција:** Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Научна област:** човекови права и слободи

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/ не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех за прв циклус изнесува: 8,00<br>Просечниот успех за втор циклус изнесува: 9,57 | Да |
| 2. | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив за научната област: човекови права и слободи; поле: правни науки; подрачје: општествени науки. | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во реферетна научна публикација согласно ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да (подетално во образец 2) |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуват подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списаниа со трудови достапни на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, Scimago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. | Да (подетално во образец 2) |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуват подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови на најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови. | Да (подетално во образец 2) |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | Да (подетално во образец 2) |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: Билтен на Универзитетот „Американ колеџ“ – Скопје, бр. 54 од 2.5.2017 година; Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1237 од 1.5.2021 година | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен

весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните трудови ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Најчевска, с.р.**
**Проф. д-р Елена Михајлова-Стратилати, с.р.**
**Проф. д-р Бојана Наумовска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** доц. д-р Јелена Ристиќ
**Институција:** Институт за социолошки и политички-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Научна област:** човекови права и слободи

**НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Реден бр.** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Настава: Меѓународни човекови права, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2016/2017 година, пролетен семестар | 1,80 |
| 2 | Настава: Казнено процесно право, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 30 часа во 2016/2017 година, пролетен семестар | 1,20 |
| 3 | Настава: Казнено право-практични примери, ВЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 22 часа во 2016/2017 година, пролетен семестар | 1,10 |
| 4 | Настава: Казнено процесно право – практични примери, ВЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 22 часа во 2016/2017 година, пролетен семестар | 1,10 |
| 5 | Настава: International Human Rights, ПЦС, Факултет за политички науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2017/2018 година, есенски семестар | 1,80 |
| 6 | Настава: Меѓународни човекови права, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2017/2018 година, есенски семестар | 1,80 |
| 7 | Настава: Казнено процесно право, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2017/2018 година, есенски семестар | 1,80 |
| 8 | Настава: Криминалистика, ВЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ Колеџ“ Скопје, 22 часа во 2017/2018 година, есенски семестар | 1,10 |
| 9 | Настава: Структури и институции на ЕУ, ПЦС, Факултет за деловна економија и организациони науки, Универзитет „Американ колеџ“ Скопје, 45 часа во 2017/2018 година, пролетен семестар | 1,80 |
| 10 | Настава: Структури и институции на ЕУ, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ Скопје, 45 часа во 2017/2018 година, пролетен семестар | 1,80 |
| 11 | Настава: Меѓународно приватно право, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2017/2018 година, пролетен семестар | 1,80 |
| 12 | Настава: Казнено право, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2017/2018 година, пролетен семестар | 1,80 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Настава: EU Corporate Law, ПЦС, Факултет за деловна економија и организациони науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2018/2018 година, есенски семестар | 1,80 |
| 14 | Настава: International Human Rights, ПЦС, Факултет за политички науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2018/2019 година, есенски семестар | 1,80 |
| 15 | Настава: Меѓународни човекови права, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2018/2019 година, есенски семестар | 1,80 |
| 16 | Настава: Казнено процесно право, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2018/2019 година, есенски семестар | 1,80 |
| 17 | Настава: Казнено право – практични примери, ВЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 22 часа во 2018/2019 година, есенски семестар | 1,10 |
| 18 | Настава: Казнено процесно право – практични примери, ВЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 22 часа во 2018/2019 година, есенски семестар | 1,10 |
| 19 | Настава: Структури и институции на ЕУ, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2018/2019 година, пролетен семестар | 1,80 |
| 20 | Настава: Меѓународно приватно право, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 45 часа во 2018/2019 година, пролетен семестар | 1,80 |
| 21 | Настава во работилници (раководител-главен предавач): Leadership training for Armenian Women Judges, Совет на Европа, Ереван, 22.7.2021 | 1,5 |
| 22 | Настава во работилници (раководител-главен предавач): Leadership training for Armenian Women Judges, Совет на Европа, Ереван, 29.9.2020 | 1,5 |
| 23 | Настава во работилници (учесник-предавач): Стандарди за академско пишување на списанието „Правен фокус“, Амбасада на Кралството Холандија и Македонско здружение на млади правници, 4-6.6.2021 | 1 |
| 24 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Правото на сопственост со осврт на човековите права“, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 5.11.2020 | 1 |
| 25 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Бесплатна правна помош“, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 5.11.2020 | 1 |
| 26 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Дисциплински постапки по однос на пријави до Адвокатската комора“, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 11.11.2020 | 1 |
| 27 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Интелектуалната сопственост од аспект на човековите права“ по предметот Граѓанско материјално право, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 23.11.2020 | |
| 28 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Судска практика: статус, значење и примена“ по предметот Граѓанско материјално право, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 9.12.2020 | 1 |
| 29 | Настава во школи (учесник-предавач): Академија за човекови права, Амбасада на Кралството Холандија и Македонско здружение на млади правници, 22-24.12.2020 | 1 |
| 30 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Кривични дела против животот и телото: пракса за член 2 и член 8 од ЕКЧП и начелото ne bis in idem“ по предметот Кривично право, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 4.3.2021 | 1 |
| 31 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Содржина на жалба, основи за поднесување жалба и жалба на решение“ по предметот Кривично право, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 8.6.2021 | 1 |
| 32 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Адвокатска етика“ по предметот Етика, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 19.7.2021 | 1 |
| 33 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Меѓународно право за правата на човекот, меѓународно правна заштита на правата на човекот во системот на ООН и најзначајни документи на ООН за заштита на човековите слободи и права“ по предметот Меѓународно право, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 20.7.2021 | 1 |
| 34 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Меѓународно право за правата на човекот, меѓународно правна заштита на правата на човекот во системот на ООН и најзначајни документи на ООН за заштита на човековите слободи и права“ по предметот Меѓународно право, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 23.7.2021 | 1 |
| 35 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Меѓународно јавно право, вовед во меѓународното право и меѓународни судски инстанци, најзначајни документи на ООН за заштита на човековите слободи и права и права и слободи гарантирани со ЕСЧП-Право на живот член 2“ по предметот Меѓународно право, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 26.7.2021 и 28.7.2021 | 1 |
| 36 | Настава во школи (учесник-предавач): Теоретска настава во почетна обука „Европски суд за човекови права“ по предметот Меѓународно право, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 30.7.2021 и 3.8.2021 | 1 |
| 37 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (11) | 3,30 |

| | | |
|---|---|---|
| 38 | Интерна скрипта од предавања за Меѓународни човекови права, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 2017 | 4 |
| 39 | Интерна скрипта од предавања за Меѓународно приватно право, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 2018 | 4 |
| 40 | Интерна скрипта од предавања за Структури и институции на ЕУ, ПЦС, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 2018 | 4 |
| | **Вкупно** | **64,20** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Коментор на магистерски труд (1) | 1 |
| 2 | Раководител на национален научен проект: „Правна заштита на гласачки права“ (2017-2019), Амбасада на САД, Амбасада на Кралството Холандија, Институт за правни и политички истражувања | 6 |
| 3 | Раководител на национален научен проект: „Ефективна имплементација на Европската конвенција за човекови права“ (2018), Фондација Фридрих Еберт, Институт за правни и политички истражувања | 6 |
| 4 | Учесник во меѓународен научен проект: „Support to the Judicial Reform-Enhancing the Independence and Professionalism of the Judiciary in Armenia” (2020-2021), Совет на Европа | 5 |
| 5 | Учесник во национален научен проект: „Зајакнување на капацитетите и функционалноста на Судско-медиумскиот совет“ (2021), Амбасада на САД, Здружение на судии на РСМ | 3 |
| 6 | Учесник во национален научен проект: „Зајакнување на професионализмот, компетентноста и интегритетот на младите правници“ (2020-2021), Амбасада на Кралството Холандија, Македонско здружение на млади правници | 3 |
| 7 | Учесник во национален научен проект: „Вградување на аналитички и мониторинг алатки за поддршка на реформите во правосудството во Северна Македонија-фаза 1“ (2020), Британска амбасада, Центар за правни истражувања и анализи | 3 |
| 8 | Учесник во национален научен проект: „Подобрување на транспарентноста, правната сигурност и ефикасноста на судството во Северна Македонија“ (2020), Британска амбасада, Центар за правни истражувања и анализи | 3 |
| 9 | Учесник во национален научен проект: „Унапредување на про боно правната помош и алтернативните начини за решавање на спорови“ (2019), Фондација Отворено општество-Македонија, Македонско здружение на млади правници | 3 |
| 10 | Учесник во национален научен проект: „Подобрување на квалитетот на правдата во Македонија преку градење на капацитети за судии и мониторирање на судските реформи“ (2017), Британска амбасада, Центар за правни истражувања и анализи | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Автор на монографија: „Интелектуалната сопственост како човеково право: Заштита пред Европскиот суд за човекови права“ (2020). Академик, Скопје. | 8 |
| 12 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во EBSCO: Jelena Ristikj (2020). Developments regarding Domestic Violence in the Case-Law of the European Court of Human Rights: Kurt v. Austria. *Iustinianus Primus Law Review*, Volume 11, Special issue Year 2020 (Proceedings from the 2020 Annual International Conference “70 Years from the European Convention on Human Rights”), pp. 1-8. | 5 |
| 13 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во EBSCO и Scopus: Jelena Ristik (2020). Protection of Gender-Based Violence in the Case-Law of the European Court of Human Rights. *Journal of Liberty and International Affairs of the Institute for Research and European Studies*, Volume 6, Number 2, 2020, eISSN 1857-9760, pp. 71-88. | 5 |
| 14 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор: Jelena Ristic (2020). Discrimination against Vulnerable Groups in Exercising Their Voting Rights Due to Systemic Flaws in the Macedonian Electoral Legislation. *European Scientific Journal of the European Scientific Institute*, August 2020 Edition Volume 16, Number 23, ISSN: 1857-7881 (Print) e - ISSN 1857-7431, pp. 10-22. | 5 |
| 15 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание: Јелена Ристиќ (2020). Статусот и улогата на адвокатурата како уставна категорија. *Justice Observers на Центар за правни истражувања и анализи*, 22.4.2020 година | 3 |
| 16 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание: Јелена Ристиќ (2019). Основните човекови права, правото на интелектуална сопственост и евроинтеграциските процеси. *Предизвици на Фондација „Фридрих Еберт“ – Скопје*, број 1, 03/2019 година, стр. 130-142. | 3 |
| 17 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор: Jelena Ristik (2017). Toward a Uniform Court Practice in the Republic of Macedonia. *European Scientific Journal of the European Scientific Institute*, October 2017 Edition Volume 13, Number 28, ISSN: 1857-7881 (Print) e - ISSN 1857-7431, pp. 215-230. | 5 |
| 18 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор: Jelena Ristik (2017). Court Practice of the Republic of Macedonia and Court Practice of the European Court of Human Rights: A Need for Symbiosis?. *Annual of the Institute for Sociological, Political and Juridical Research, University “Ss. Cyril and Methodius” in Skopje ,* Year XLI, Number 2, 2017, pp. 19-29. | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор: Jelena Ristik (2017). The Role of the Supreme Court in Ensuring Uniformity of Court Practice of the Republic of Macedonia. *Annual of the Institute for Sociological, Political and Juridical Research, University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje ,* Year XLI, Number 2, 2017, pp. 57-67. | 5 |
| 20 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор: Jelena Ristik (2017). Satisfying Admissibility Criteria Set Out in the European Convention on Human Rights: Stumbling Block to the Protection of Human Rights in the Republic of Macedonia. *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research,* Volume 36, Number 5, 2017, pp. 325-333. | 5 |
| 21 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор: Jelena Ristik (2017). The Right to Asylum and the Principle of Non-Refoulment under the European Convention on Human Rights. *European Scientific Journal of the European Scientific Institute,* October 2017 Edition Volume 13, Number 28, ISSN: 1857-7881 (Print) e - ISSN 1857-7431, pp. 108-120. | 5 |
| 22 | Рецензија на научен/стручен труд (14) | 2,8 |
| 23 | Пленарно предавање на стручен собир „Член 4 од Протоколот 7 на ЕКЧП (забрана за двојно судење)-начело на ne bis in idem“ на тема: „Определување на елементот bis како дел од начелото ne bis in idem од аспект на ЕКЧП и негова примена“, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 16.3.2021 | 2 |
| 24 | Пленарно предавање на стручен собир: „Член 4 од Протоколот 7 на ЕКЧП (забрана за двојно судење)-начело на ne bis in idem“ на тема: „Определување на елементот bis како дел од начелото ne bis in idem од аспект на ЕКЧП и негова примена“, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 9.12.2020 | 2 |
| 25 | Пленарно предавање на стручен собир: „Промоција на Водич за цитирање на судската пракса на Европскиот суд за човекови права“, на тема: „Техники и примери за цитирање на праксата на Европскиот суд за човекови права, Врховен суд на РСМ и Центар за правни истражувања и анализи, Скопје, 23.12.2019 | 2 |
| 26 | Пленарно предавање на стручен собир: „Граѓанско-правната одговорност на адвокатите од гледиште на германската судска практика“, на тема: „Дисциплински постапки по однос на пријави и поплаки од странки до Адвокатската комора на РСМ“, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, ИРЗ, 3.10.2019 | 2 |
| 27 | Пленарно предавање на стручен собир: „Промоција на Водич за цитирање на судската пракса на Европскиот суд за човекови права“, на тема: „Техники и примери за цитирање на праксата на Европскиот суд за човекови права, Апелационен суд Битола и Центар за правни истражувања и анализи, Битола, 20.06.2019 | 2 |
| 28 | Пленарно предавање на стручен собир: „Промоција на Водич за цитирање на судската пракса на Европскиот суд за човекови права“, на тема: „Техники и примери за цитирање на праксата на Европскиот | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | суд за човекови права, Апелационен суд Штип и Центар за правни истражувања и анализи, Штип, 17.4.2019 | |
| 29 | Пленарно предавање на стручен собир: „Критериумите за допуштеност според Европската конвенција за човекови права и нивна примена“, Фондација „Фридрих Еберт“ и Адвокатска комора на РСМ, Скопје, 29-30.11.2018 | 2 |
| 30 | Пленарно предавање на стручен собир: „Критериумите за допуштеност според Европската конвенција за човекови права и нивна примена“, Фондација „Фридрих Еберт“ и Адвокатска комора на РСМ, Штип, 16-17.11.2018 | 2 |
| 31 | Пленарно предавање на стручен собир: „Критериумите за допуштеност според Европската конвенција за човекови права и нивна примена“, Фондација „Фридрих Еберт“ и Адвокатска комора на РСМ, Гостивар, 26-27.10.2018 | 2 |
| 32 | Пленарно предавање на научен собир со меѓународно учество: „I diritti fondamentali dell’uomo nel terzo millennio“, MICHR-Universita “Mediterranea” di Reggio Calabria, REDHT-Rede de Pesquisa Direitos Humanos e Transnacionalidade, Department of Civil, Economic and Private International Law-Cracow University of Economics, 18.10.2021 | 3 |
| 33 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: “Lunching of the HELP online course on Freedom of expression“ на тема: “Legal development in the area of freedom of expression”, ЕУ, Совет на Европа, Адвокатска комора на РСМ, Академија за судии и обвинители на РСМ, 29.9.2021 | 3 |
| 34 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: “Council of Europe HELP online course on Access to justice for women: Launch event“ на тема: “HELP online course on Access to justice for women: practical aspects of its implementation”, ЕУ, Совет на Европа, Совет за регионална соработка, 9.6.2021 | 3 |
| 35 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: “HELP in the Western Balkans: Presentation of HELP online course on Anti-discrimination“ на тема: “Implementation of the HELP course Anti-discrimination”, ЕУ, Совет на Европа, 24.1.2021 | 3 |
| 36 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: „The 2020 HELP Network e-Conference: Marking 70 years of the ECHR in critical times“, Совет на Европа, Стразбур, 8-9.7.2020 | 3 |
| 37 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: „HELP in the Western Balkans: Launch of the course on Data Protection and Privacy Rights“ на тема: “Legal development in the field of data protection and privacy rights: international and national legal framework”, ЕУ, Совет на Европа, Адвокатска комора на РСМ, 18.2.2020 | 3 |
| 38 | Пленарно предавање на научен собир со меѓународно учество: „Тридесет години от приемането на Конвенцията за правата на детето: Предизвикателства и перспективи” на тема: “Protection of Children’s Rights under the European Convention on Human Rights”, Нов бугарски универзитет, Софија, 10.12.2019 | 3 |
| 39 | Пленарно предавање на научен собир со меѓународно учество: „On womens rights: between violence and exploitation” на тема: “Developments regarding domestic violence in the case-law of the | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | European Court of Human Rights: Kurt v. Austria”, Human Rights Centre “Antonio Papisca”, University of Padova, Падова, 11-12.11.2019 | |
| 40 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: „HELP in the Western Balkans: Launch of the HELP online course on Data Protection and Privacy Rights“ на тема: “Legal development in the area of data protection and privacy rights at international and national level”, ЕУ, Совет на Европа, Адвокатска комора на РСМ, 8.10.2019 | 3 |
| 41 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: „Lunching of the HELP course on Violence against women and domestic violence“, на тема: “Legal developments in the area of violence against women and domestic violence at the European and national level”, Совет на Европа, Адвокатска комора на РСМ, 09.04.2019 | 3 |
| 42 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: “Balkans Regional Rule of Law Network Conference”, на тема: “Legal ethics and the media” , American Bar Association Rule of Law Initiative, BRRLN, Охрид, 3-7.4.2019 | 3 |
| 43 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: „Kick-off meeting of the HELP course on Introduction to the European Convention on Human Rights and the European Court of Human Rights“, на тема: “The implementation of the course Introduction to the European Convention on Human Rights and the European Court of Human Rights”, Совет на Европа, Министерство за надворешни работи на Финска, Адвокатска комора на РСМ, 14.12.2018 | 3 |
| 44 | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: „Lunch of the HELP course Violence against women and domestic violence“, на тема: “Legal developments in the area of violence against women and domestic violence at the European and national level”, Совет на Европа, Министерство за надворешни работи на Финска, Адвокатска комора на РСМ, 13.12.2018 | 3 |
| 45 | Одржано предавање по покана на Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, на тема: „Примена на ЕКЧП пред националните судови“, 29.6.2020 | 1 |
| 46 | Одржано предавање по покана на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Центар за правни истражувања и анализи на тема: „Важноста и значењето на судската пракса во Република Македонија“, 14.3.2018 | 1 |
| 47 | Учество на стручен собир: „Подобрување на односите меѓу судовите и медиумите: научени лекции, преземени чекори и идни предизвици“ со реферат (усна презентација) „Стратегија за подобрување на судско-медиумиските односи“, Амбасада на САД, Здружение на судии на РСМ, Судско-медиумиски совет, 28-29.09.2021 | 1 |
| 48 | Учество на стручен собир: „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ со реферат (усна презентација) „Зајакнување на капацитетите на институциите на правдата за остварување на правда на транспарентен и одговорен начин (компонента 1)“, ЕУ, Австриска агенција за европска интеграција и економски развој, Министерство за правда и јавна администрација на Р. Хрватска, Министерство за внатрешни работи на Р Австрија, Институт за основни човекови права „Лудвиг Болцман“, 19.5.2021 | 1 |
| 49 | Учество на стручен собир: „Втор состанок на Управниот одбор на Horizontal Facility II“, со реферат (усна презентација) „Спречување и | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | борба против трговија со луѓе во С. Македонија“ и „Слобода на изразување и слобода на медиумите во С. Македонија“, Совет на Европа, ЕУ, 22.3.2021 | |
| 50 | Учество на стручен собир “Вонредна состојба: научени лекции и идни предизвици” со реферат (усна презентација) „Судството, човековите права и Уставниот суд за време на вонредна состојба: научени лекции и идни предизвици”, Претседателски центар за политичко образование, ФЕС, КАС, ВФД Македонија 2025, ИРИ, НДИ, 20.2.2021 | 1 |
| 51 | Учество на стручен собир “Launching of Awareness Raising Campaign on Free Legal Aid” со реферат (усна презентација) “The Role of the Attorneys at Law in the Provision of Free Legal Aid”, ЕУ, Совет на Европа, Министерство за правда на РСМ, 26.10.2020 | 1 |
| 52 | Учество на научен собир „70 years of the European Convention on Human Rights” со реферат (усна презентација) „Developments regarding domestic violence in the case-law of the European Court of Human Rights: Kurt v. Austria “, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, 6-07.11.2020 | 1 |
| 53 | Учество на стручен собир “European Human Rights Standards-Execution of the Judgments of the ECHR” со реферат (усна презентација) “Execution of the Judgments of the ECHR in North Macedonia: Challenges and Perspectives”, Фондација „Конрад Аденауер“, Институт за општествени истражувања – МК91, 30.10.2019 | 1 |
| 54 | Учество на стручен собир „Завршна конференција на проектот Правна заштита на гласачки права” со реферат (усна презентација) „Презентација на публикацијата Правна заштита на гласачките права: Предизвици и перспективи“, Амбасада на САД, Амбасада на Кралството Холандија, Институт за правни и политички истражувања, 25.9.2019 | 1 |
| 55 | Учество на стручен собир „Европска интеграција: придобивки и недостатоци за големите и малите држави членки” со реферат (усна презентација) „Перспективите на Република Северна Македонија во контекст на евроинтеграциските процеси“, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 15.5.2019 | 1 |
| 56 | Учество на стручен собир: „Проблеми во примената на Законот за кривичната постапка од аспект на одбраната”, со реферат (усна презентација) „Коментари и предлози во врска со Предлог-законот за кривичната постапка доставени од страна на Адвокатската комора на РМ до Министерството за правда”, Адвокатска комора на РМ, 29.1.2019 | 1 |
| 57 | Учество на стручен собир: „70 години Универзална декларација за човекови права: Улогата на адвокатите во заштита и унапредување на човековите права”, со реферат (усна презентација) „Влијанието на Универзалната декларација за човекови права на меѓународните и домашните правни стандарди со посебен осврт на независноста на адвокатурата како гаранција за заштита на човековите права”, Амбасада на САД, Адвокатска комора на РСМ, 10.12.2018 | 1 |
| 58 | Учество на стручен собир: „Про боно правната помош и алтернативните начини за решавање на спорови како средства за | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | олеснување на пристапот до правда за сиромашните и обесправени граѓани”, со реферат (усна презентација) „Улогата на адвокатската и останатите правнички професии во заштитата на правата и интересите на сиромашните и маргинализирани лица и групи”, Фондација „Отворено општество – Македонија“, Македонско здружение на млади правници, 20-21.11.2018 | |
| 59 | Учество на стручен собир: „Главна расправа и видови пресуди со посебен осврт на словенечката кривична постапка”, со реферат (усна презентација) „Нов тип на кривична постапка: акузаторна главна расправа“, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 6.12.2017 | 1 |
| 60 | Учество на стручен собир: „Форензички истраги на место на настан и континуитет на материјалните докази” со реферат (усна презентација) „Криминалистичко-технички испитувања и вештачења при Министерството за внатрешни работи“, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 22.11.2017 | 1 |
| 61 | Учество на стручен собир: „Новиот Закон за Народниот правобранител и новите надлежности на институцијата“ со реферат (усна презентација) „Новите надлежности на Народниот правобранител како можност за обезбедување повисок степен на заштита на човековите права“, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 17.11.2017 | 1 |
| 62 | Учество на научен собир: „UACS Research Series” со реферат (усна презентација) „Современи авторски права“, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 6.4.2017 | 1 |
| 63 | Учество на стручен собир: „Улогата на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и извршувањето на пресуди” со реферат (усна презентација) „Извршување на пресуди на Европскиот суд за човекови права во Република Македонија: Предизвици и перспективи“, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 21.3.2017 | 1 |
| 64 | Апстракт објавен во зборник-книга на апстракти на меѓународна конференција “70 years of the European Court of Human Rights”, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 6-7.11.2020 | 1 |
| 65 | Апстракт објавен во збирка на апстракти во рамки на програма на меѓународна конференција: “On womens rights: between violence and exploitation”, Human Rights Centre “Antonio Papisca”, University of Padova, Падова, 11-12.11.2019 | 1 |
| | **Вкупно** | **169,8** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активности** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Автор на стручна монографија: „Структура и функционирање на Европскиот суд за човекови права (со посебен осврт на критериумите за допуштеност“ (2018). Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје | 8 |
| 2 | Автор на стручна монографија: „Правна заштита на гласачки права: Предизвици и перспективи“ (2019). Институт за правни и политички истражувања, Скопје | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Автор на стручна монографија: „Водич за воспоставување и одржување на про боно програма за адвокати“ (2020). Македонско здружение на млади правници, Скопје | 8 |
| 4 | Коавтор на стручна монографија: „Анализа на степенот на користење и цитирање на судската пракса од страна на националните судови“ (2020). Центар за правни истражувања и анализи, Скопје | 6,4 |
| 5 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Семејно право и човекови права“ на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), во рамки на проектот „HELP in the Western Balkans“, 2021 | 1 |
| 6 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Сопственички права и Европската конвенција за човекови права“ на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), во рамки на проектот „HELP in the Western Balkans“, 2021 | 1 |
| 7 | Експертски активности: консултант за адаптација, спроведување и евалуација на регионален курс „Пристап на жените кон правда“ на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), ЕУ, Совет за регионална соработка, 2021 | 1 |
| 8 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Клучни принципи за човекови права во биомедицината (биоетика)“ на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), во рамки на проектот „HELP in the Western Balkans“, 2021 | 1 |
| 9 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Работничките права како човекови права“ на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), во рамки на проектот „HELP in the Western Balkans“, 2021 | 1 |
| 10 | Експертски активности: изработка на Водич за пишување на стручни статии од областа на правото (2021). Македонско здружение на млади правници, Скопје | 1 |
| 11 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Антидискриминација“ на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), во рамки на проектот „Promotion of Diversity and Equality in North Macedonia“, 2021 | 1 |
| 12 | Експертски активности: изработка на документ-брошура „Заштита на жртвите на трговија со луѓе: Брошура наменета за адвокати“ (2020). Совет на Европа, Скопје | 1 |
| 13 | Експертски активности: изработка на документ за јавни политики „Можности и перспективи за подобрување на про боно културата во Република Северна Македонија“ (2020). Македонско здружение на млади правници, Скопје | 1 |
| 14 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Пристап на жените кон правда“ во | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | рамки на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), 2020 | |
| 15 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Борба против трговија со луѓе“ на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), во рамки на CoE/EU Horizontal Facility II Action on Preventing and Combating Trafficking in Human Beings, 2020 | 1 |
| 16 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Правда за деца“ во рамки на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), 2020 | 1 |
| 17 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Критериуми за допуштеност на жалбите поднесени до Европскиот суд за човекови права“ на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), во рамки на проектот „HELP in the Western Balkans“, 2020 | 1 |
| 18 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Права на заштита на податоците и приватност“ на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), во рамки на проектот „HELP in the Western Balkans“, 2019 | 1 |
| 19 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Вовед во Европската конвенција за човекови права и Европскиот суд за човекови права“ во рамки на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), 2018 | 1 |
| 20 | Експертски активности: национален тутор-консултант за адаптација, спроведување и евалуација на курс „Насилство врз жени и домашно насилство“ на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP), во рамки на проектот „Violence against Women“, 2018 | 1 |
| 21 | Учество во промотивни активности: Ментор на студенти членови на Дебатен клуб на Универзитет Американ Колеџ Скопје и подготовка за учество на дебата на тема „Задолжително гласање во демократските општества: аргументи за и против“, 2017 | 0,5 |
| 22 | Член во Комисија-работна група за изработка на измени и дополнувања на Закон за Академија за судии и јавни обвинители | 2 |
| 23 | Член во Комисија-работна група за изработка на измени и дополнувања на Закон за адвокатура | 2 |
| 24 | Член во Комисија-работна група за изработка на подзаконски акти за Центар за едукација на адвокати, адвокатски стручни соработници и адвокатски приправници на Адвокатска комора на РСМ | 2 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| **Ред. Број** | **Назив на активности** | **Поени** |
| 1 | Член на уредувачки одбор на научното списание „Law Journal of New Bulgarian University“, Нов бугарски универзитет, Софија | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Член на уредувачки одбор на стручното списание „Правен фокус“, Македонско здружение на млади правници, Скопје | 0,5 |
| 3 | Претседател на организационен одбор на стручен собир: „Европска интеграција: придобивки и недостатоци за големите и малите држави членки”, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 15.5.2019 година | 1 |
| 4 | Претседател на организационен одбор на стручен собир: „Главна расправа и видови пресуди со посебен осврт на словенечката кривична постапка”, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 6.12.2017 година | 1 |
| 5 | Претседател на организационен одбор на стручен собир „Форензички истраги на место на настан и континуитет на материјалните докази“, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 22.11.2017 година | 1 |
| 6 | Претседател на организационен одбор на стручен собир „Новиот Закон за Народниот правобранител и новите надлежности на институцијата“, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 17.11.2017 година | 1 |
| 7 | Претседател на организационен одбор на стручен собир „Улогата на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и извршувањето на пресуди”, Факултет за правни науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 21.3.2017 година | 1 |
| 8 | Претседател на организационен одбор на стручен собир „70 години Универзална декларација за човекови права: Улогата на адвокатите во заштита и унапредување на човековите права“, Амбасада на САД, Адвокатска комора на РСМ, 10.12.2018 | 1 |
| 9 | Претседател на програмски одбор на стручен собир „70 години Универзална декларација за човекови права: Улогата на адвокатите во заштита и унапредување на човековите права“, Амбасада на САД, Адвокатска комора на РСМ, 10.12.2018 | 1 |
| 10 | Член на организационен одбор на меѓународен научен собир “13 Annual Academic Conference on European Integration: Europe and the Balkans”, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, 06.12.2017 | 1 |
| 11 | Изготвување и пријавување на научен национален проект (носител): „Ефективно извршување на пресуди на Европскиот суд за човекови права во С. Македонија“ (2020), Амбасада на САД, Институт за правни и политички истражувања | 1 |
| 12 | Изготвување и пријавување на научен национален проект (носител): „Семејно волонтирање“ (2020), Цивика мобилитас, Институт за правни и политички истражувања | 1 |
| 13 | Подготовка на Стратегија за зајакнување на судската транспарентност (2021) | 2 |
| 14 | Член на Консултативен одбор на Европската програма за едукација за човекови права на правни професионалци на Совет на Европа (HELP) од 2021 | 1 |
| 15 | Член на Управен одбор на регионалната акција на Совет на Европа „ХЕЛП во Западен Балкан” (дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022“ на ЕУ и Совет на Европа) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | Член на Управен одбор на проектот „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во С.Македонија“ (дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022“ на ЕУ и Совет на Европа) | 1 |
| 17 | Член на орган на професионална комора (заменик-претседател на Управен одбор на Адвокатска комора на РСМ) од 2018 | 0,5 |
| | **Вкупно** | **69,4** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **64,2** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **169,8** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **69,4** |
| **Вкупно** | **303,4** |

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Најчевска, с.р.**
**Проф. д-р Елена Михајлова-Стратилати, с.р.**
**Проф. д-р Бојана Наумовска, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија, врз основа на погоре презентираната содржина на Извештајот и целокупната доставена документација од страна на д-р Јелена Ристиќ, позитивно ја вреднува и ја оценува нејзината наставно-образовна, наставноистражувачка и стручно-апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес, и констатира дека кандидатката ги исполнува условите за избор во звање – насловен вонреден професор во научната област човекови права и слободи.

Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, д-р Јелена Ристиќ да биде избрана во звањето насловен вонреден професор во научната област човекови права и слободи.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Најчевска, с.р.**
**Проф. д-р Елена Михајлова-Стратилати, с.р.**
**Проф. д-р Бојана Наумовска, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКАТА КУЛТУРА ВРЗ ПЕРФОРМАНСИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПРОИЗВОДСТВЕНИОТ СЕКТОР“ ОД М-Р ЈАСНА ПАЈКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на седницата одржана на 23.12.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката **м-р Јасна Пајковска** со наслов: **Влијанието на организациската структура и организациската култура врз перформансите на вработените во производствениот сектор,** во состав: проф. д-р Петар Атанасов (претседател), проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ (ментор), проф. д-р Мирјана Борота Поповска, вонр. проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска и вонр. проф. д-р Бојана Наумовска.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јасна Пајковски, со наслов „Влијанието на организациската структура и организациската култура врз перформансите на вработените во производствениот сектор“, содржи 337 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,5 проред и големина на букви 12, 117 библиографски единици – научни трудови објавени во престижни меѓународни научни списанија, книги, како и веб-страници, од релевантни автори во областите: менаџмент, менаџмент на човечки ресурси и стратегиски менаџмент, како и национална/организациска документација. Покрај апстрактот, воведот и основниот текст, трудот содржи библиографија и прилози.

Трудот е структуриран во девет поглавја. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Првото поглавје – *Вовед и важност на студијата*,** ги претставува првичните теми што водат до клучните компоненти на тековната студија, вклучувајќи ги и предговорот, важноста на истражувачкиот проблем и истражувачките прашања. Исто така, се прецизира предметот на истражување и целите на студијата.

Проблемот и предметот на истражувањето се насочени кон утврдување на начинот на кој организациската структура и култура влијаат врз ефикасноста, мотивираноста и резултатите на вработените, односно акцент се става на перформансите на вработените во услови на централизирана и децентрализирана структура и како организациската култура се надоврзува или ги поттикнува перформансите на вработените во услови на утврдената организациска структура. При тоа, ќе бидат земени предвид економските и секторски околности во кои дејствуваат организациите, како што се големината на компаниите како предуслов за нејзино структурирање, дејноста во која делуваат и можностите за воведување на промени во структурата и културата на организациите.

Теоретските и општествените цели на истражувањето се фокусираат кон важноста на истакнување, објаснување, поимање и дефинирање на организациската структура и организациската култура на едно претпријатие.

Додека пак, научно-емпириските цели се фокусираат целосно кон истакнување на важноста, влијанието, како и пронаоѓање на ефективна организациска култура и структура во организациите, со цел подобрување на нивните перформансите на вработените.

Преку анализата и синтезата на резултатите од теоретското и емпириското истражување, заедно со аргументите кои ќе бидат постигнати со истражувањето, како сублимат ќе се постигне формирање на една основа која ја покажува актуелната состојба, но и потребата од ефективна и ефикасна стратегија што ќе послужи за понатамошни насоки во унапредувањето на перформансите на вработените и постигнувањето како резултат на тоа, поголеми успеси, односно профит од работењето на претпријатието.

Заради надополнување на општите цели на истражувањето, како посебни, поконкретни цели на истражувањето се јавуваат следниве:

- Согледување на важноста и корисноста на способностите, знаењето и искуството на менаџерот за успешно формулирање на стратегија, како начин за постигнување зголемени перформанси на вработените.
- Формулирање на стратегија во зависност од разните организациски нивоа, структурата и културата на организацијата.
- Објаснување на улогата на менаџерите при анализа и избор на организациска структура и култура.
- Развивање на организација во која ќе се проширувааат визионерските способности за формулирање на соодветни структури кај централизираното и децентрализираното управување со цел подобрување на перформансите на вработените.
- Објаснување на кој начин ефективната структура и култура можат да ја подобрат стабилноста во една организација.

**Второто поглавје – *Преглед на литература***, ги претставува дефинициите дадени од претходните автори за клучните поими анализирани во оваа студија и наодите пронајдени во постојната литература поврзана со оваа тема. Покрај тоа, се разгледуваат и теоретските и апликативните наоди што ја третираат врската помеѓу варијаблите од насловот, со цел да се синтетизира теоретско-концептуална рамка, која потоа ќе послужи за креирање на хипотетската рамка.

**Третото поглавје – *Управување со организациската структура***, е посветено на теоретско и продлабочено дефинирање на организациската структура, нејзиното значење за организацијата, менаџментот и вработените, факторите на влијание, внатрешните елементи, како и различните видови на структури, според релевантните автори од областа.

**Четвртото поглавје** – ***Управување со организациска култура***, е посветено на теоретско и продлабочено дефинирање на организациската култура, нејзиното значење за организацијата, менаџментот и вработените, нејзините димензии и елементи, различните видови на организациска култура, механизмите за создавање, одржување и промена на организациската култура, според релевантните автори од областа.

**Петтото поглавје** – ***Перформансите на вработените и на организациите***, ги дефинира индивидуалните, групните и организациските перформанси, ги посочува нивните главни компоненти, укажува на нивното значење за ефикасноста и ефективноста на организацијата, се објаснуваат процесите на менаџмент и мерење на перформансите, како и коректиивните активности, според релевантни автори од областа.

**Шестото поглавје – *Лидерство во организациите***, го дефинира поимот за лидерство, укажува на улогата на лидерот и неговото значење за зголемување на работната мотивација на вработените и согласно со перформансите, насочување на

работата и вработените кон остварувањето на организациските цели, воспоставување и споделување на организациските вредности, креирање на амбиент за квалитет, според релевантни автори од областа.

**Седмото поглавје** – ***Опис на истражувачката методолоија,*** ги претставува и ги опишува: природата на истражувачката студија, оправданоста на истражувањето, истражувачките прашања, операционализацијата на варијаблите, истражувачката таргет-популација, дизајнот на истражувачкиот примерок, истражувачките техники, хипотетската рамка, етичките аспекти на студијата и истражувачките лимитации.

За истражувањето е развиен анкетен прашалник, од страна на кандидатката, а податоците се анализирани на квантитативно ниво, на пригоден примерок на испитаници. Според научната цел, истражувањето е експлоративно, дескриптивно и експланаторно (корелациско и каузално).

Согласно со синтетизираната теоретско-концептуална рамка и дефинираниот методолошки пристап, развиена е следната хипотетска рамка:

- Генерална хипотеза (Х1):

Организациската структура и организациската култура на претпријатијата од производствениот сектор влијаат врз индивидуалните перформанси на вработените.

А. Независни варијабли - Организациска структура и организациска култура на претпријатијата од производствениот сектор

Б. Зависна варијабла –Индивидуални перформанси на вработените

- Нулта хипотеза (Х0)

Организациската структура и организациската култура на претпријатијата од производствениот сектор не влијаат врз индивидуалните перформанси на вработените.

- Посебни хипотези:

Х1.1: Во претпријатијата од производствениот сектор, степенот на департментализација, формализација и централизација е висок.

Х1.2: Во претпријатијата од производствениот сектор, постои силно развиена организациска култура, главно базирана врз вредностите како што се: профит, еколошки здрава животна средина и заштита на здравјето при работа.

Х1.3: Вработените во производствениот сектор високо ги само-оценуваат своите индивидуални перформанси.

Х1.4: Димензиите на организациската структура се во корелација/поврзаност со димензиите на организациската култура во претпријатијата од производствениот сектор.

Х1.5: Организациската структура, измерена преку димензиите: департментализација/систематизација на работните места; централизација на авторитетот; и формализација; влијае врз индивидуалните перформанси на вработените, измерени преку димензиите: лични способности, мотивација, труд/напор и организациска поддршка.

Х1.6: Организациската култура, измерена преку димензиите: организациски вредности и верувања; негување и одржување на организациската култура од страна на менаџментот; влијае врз индивидуалните перформанси на вработените, измерени преку димензиите: лични способности, мотивација, труд/напор и организациска поддршка.

- Поединечни хипотези

Х1.7: Постојат одредени разлики според одредени демографски карактеристики на вработените (пол, степен на образование, возраст), во однос на перцепцијата на организациската структура, организациската култура и индивидуалните перформанси.

Х1.8: Постојат одредени разлики според големината на претпријатието во однос на перцепцијата на организациската структура, организациската култура и индивидуалните перформанси.

X1.9: Постојат одредени разлики според видот на производствена дејност во однос на перцепцијата на организациската структура, организациската култура и индивидуалните перформанси.

**Во осмото поглавје – *Анализа на резултати***, покрај описот на примерокот, се анализираат добиените податоци на квантитативно (дескриптивно и инференцијално) ниво со помош на програмата SPSS, податоците текстуално се интерпретирани од страна на кандидатката, а соодветно сликовито се илустрирани преку слики, табели и графикони.

Во согласност со генералниот истражувачки нацрт на студијата, собраните податоци, покрај дескриптивната анализа за генералната дистрибуција на одговорите и централните мерки (преку фрекфенции/проценти и средни вредности), поминаа низ неколку параметриски и непараметрсики тестови, како што се: t-тест, Mann Whitney U test, ANOVA, биваријантна корелација и регресиона анализа, согласно претпоставките од хипотетската рамка. Ваквата анализа директно придонесува за развој на нов теоретско-концептуален модел, за поврзаноста и влијанието помеѓу варијаблите: организациска структура, организациска култура и перформанси на вработените, во македонскиот производствен сектор.

Во **деветтото поглавје – *Дискусија и заклучоци/препораки***, кандидатката најпрво ги дискутира генерираните научноистражувачки наоди во однос на поставените и тестираните хипотези, при што истакнува кои хипотези се усвојуваат/потврдуваат (целосно или делумно) или, пак, сосема се отфрлаат, потоа ги резимира заклучоците од истражувачката студија/докторската дисертација и нуди препораки за идни активности во однос на развој на науката и практиката од областите.

Во функција за постигнување на целите на оваа теза, генерирани се повеќе заклучоци и препораки, од кои како позначајни би можеле да се издвојат следните:

- Она што може да се констатира и стекне како искуство од процесот на спроведување на истражувачката постапка е фактот дека во македонскиот производствен сектор сѐ уште не е изградена свест за важноста на градењето на соодветна организациска култура и структура во организациите, кои ќе влијаат позитивно врз мотивацијата, ангажираноста и перформансите на вработените.
- Како приоритети во процесот на организациското работење, испитаниците ја истакнаа потребата од создавање на функционална организациска култура, која е предуслов за градење и развој на перформансите на вработените каде доминантно се чувствуваат етичките особини во кои преовладуваат заемната доверба и почит, посветеност кон работните задачи и одговорноста, доследноста, желбата за напредок и учење на нови вештини за работа, совесноста и грижа за сите членови на тимот.
- Испитаниците го наметнуваат и приоритетот од воведување на јасни и недвосмислени вредности и верувања, што претставуваат резултат на успешно поставена организациска култура во организацијата.
- Значајни резултати во истражувањето се добија и по однос на потребата од соодветна систематизација на работните места како потреба од која произлегуваат резултатите од понатамошната работа на вработените.
- Во контекст на ваквите цели, како и потребата од поуспешно спроведување на задачите од конкретно работно место, испитаниците ја истакнаа потребата од редовно спроведување на обуки на кои се зголемуваат знаењата за реализирање на задачите и се развиваат способности за нивно креативно извршување.
- Организациските системи во производствените организации, во најголем дел, се одликуваат со еднонасочна комуникација. Еден од главните фактори кои директно влијаат на перформансите на вработените е токму јасната и двонасочна комуникација, каде што менаџерите ќе се осигурат дека добро ги пренеле пораките до вработените и тие се разбрани од нив.

- Организациската култура влијае врз перформансите на вработените. Оваа препорака се однесува на фактот дека ако сакаме да ја зголемиме ангажираноста на вработените, треба да се фокусираме на организациската култура.
- Менаџерите треба да имаат јасно дефинирани цели кои транспарентно ќе ги пренесуваат на вработените. Исто така, се постигнува висока ефикасност ако работниците се вклучени во фазата на идентификација на целите; преку таквото партиципативно управување, вработените се повеќе мотивирани да ги остварат резултатите, затоа е важно менаџерите да се отворени за нивните предлози.
- Автономијата во спроведувањето на задачите од заеднички поставениот акционен план е значајно за постигнување на тие цели. Таквата автономија нема да се случи доколку менаџерите не им веруваат на вработените: нивните професионални вештини, способностите за одлучување и решавање проблеми и интегритет да ја завршат работата. Не е доволно вработените едноставно да работат, туку треба да управуваат и со сопствениот обем на работа на начин кој е усогласен со нивните силни страни и стил на работа. Ефективните работници практикуваат самонасочено лидерство. Значи, ако работниците велат дека им требаат дополнителни ресурси, менаџерите треба да им помогнат и да им дадат поддршка.
- Кај најголем дел од испитаните во производствените организации, авторитетот и донесувањето на одлуките е сконцентрирано во врвот на организациската хиерархија. Поради ова, вработените често се чувствуваат „под притисок“ и работата им дава мала или никаква можност да користат лични иницијативи, а понекогаш менаџерите носат одлуки коишто влијаат на нив, без да побараат нивно мислење. Според вработените, одредени одлуки кои се специфични за работното место и работата што ја вршат, треба да бидат делегирани на самите вработени самостојно да одлучуваат во спротивно тоа влијае демотивирачки и ја намалува нивната продуктивност. Поради горенаведените причини, менаџерите во производствените претпријатија треба да обезбедат помала сконцентираност на авторитетот кај врвниот менаџмент и потребно е поголемо воведување на хоризонтална структура со што ќе се овозможи поголема автономија во донесувањето на одлуки кај различни сектори.
- Менаџерите треба да пристапуваат кон вработените со почитување и транспарентност. Транспарентноста значи искрено споделување на информации и избегнување на полувистини или лаги. Транспарентната и доверлива култура бара менаџерите и вработените да работат заедно за да најдат решение што ќе ги реши проблемите.
- Постоењето на воведени процедури на размена на информации и комуникацијата во организациите овозможува ефикасно и навремено исполнување на целите. Според испитаниците, кај најголем дел од производствените организации постои одреден степен на воведени процедури на размена на информации и комуникацијата е повеќе неформална, што гледано од аспект на организациската култура влијае позитивно и овозможува создавање на непосреден однос помеѓу вработените, но од аспект на организациската структура може да влијае врз продуктивноста на вработените. Односно, многу често неформалната комуникација може да е причина за двосмислености и недоразбирање во преносот на информации што е причина за правење на грешки во работењето. Исто така, не постоењето на конкретни процедури на пренос на информации може да влијае врз дуплирање на работните обврски кај вработените или обратно создавање на гап во работата, не постоење на траги во комуникација и преносот на информации, пренос на информации до вработени кои не се овластени да располагаат со одреден вид на податоци (на пр. заштита на лични податоци) или изоставување во комуникацијата вработени чија работа е засегната од конкретни податоци и сл.
- Систематизацијата на работните места во голем процент придонесува кон правилна и целосна искористеност на човековите ресурси кај производствените

претпријатија. Дел од вработените се изјаснија дека на своето работно место извршуваат работни обврски кои не се во описот на нивното работно место, односно поради оптимизација на трошоците дел од вработените извршуваат повеќе работни задачи од предвидените што, секако, влијае и на нивната продуктивност и перформанси. Дополнително, работниците често извршуваат работни задачи за кои немаат искуство. Ова, од една страна, може да влијае мотивирачки како можност за проширување на знаењата, но може да биде и причина за преоптовареност на вработените, а со тоа и намалување на нивната продуктивност и ефикасност. Се препорачува воведување на соодветната систематизација на работните места, која ќе соодветствува со потребните знаења, вештини и психофизички способности за работа на вработените. На тој начин, правилната систематизација на работните места ќе овозможи зголемена продуктивност на вработените и ќе служи како еден од лостовите за одржување на конкурентската предност на организацијата.

- Правилната селекција на вработени е клучна за формирање и одржување на организациската култура. Многу често, менаџерите брзаат да пополнат работна позиција и занемаруваат да ги постават вистинските прашања при интервјуирање на кандидатите, како би можеле да обезбедат соодветно вклопување во организациската култура. Менаџерите често го користат искуството како клучен фактор при изборот на вработени, но за да се избере вистинската личност, некој кој ќе работи во склад со другите и ќе биде успешен, лицето мора да одговара на вредностите на компанијата и нејзината организациска култура. Препорачливо е да се користат прашања за интервју приспособени околу основните вредности на компанијата како начин подобро да се запознаат кандидатите и да се предвиди како кандидатите ќе придонесат не само во нивната конкретна улога, туку и во културата на компанијата. Исто така, се препорачува да се користи пристап за интервју каде што кандидатите мора да се вклучат во активност како дел од процесот на интервју. На овој начин, кандидатите ќе бидат извадени надвор од нивната комфорна зона и тоа дава можност да се процени подобро нивното однесување, наспроти само поставување на прашања.
- Признавањето на трудот/сработеното е еден од најдобрите начини да се натераат вработените да се чувствуваат ценети, да се зајакнат позитивните навики, да се задржат талентираните вработени и да се поттикне поголем нивни ангажман. Сепак, одговорите на прашањата поврзани со вредностите во организациската култура на компанијата укажуваат на тоа дека вработените често не се чувствуваат ценети. Всушност, поголем дел од вработените се чувствуваат дека компаниите посветуваат мало внимание и ориентираност кон нив.
- Менаџментот и секторот/одделението за човечки ресурси треба континуирано да ги следат потребите за подобрување на вештините за работа и кариерен развој на вработените. Отворените можности за кариерен развој на вработените ќе влијае мотивирачки за вработените да вложат поголеми напори за подобрување на перформансите во работењето и надградување на знаењата и вештините. За таа цел, претпријатијата треба да објавуваат интерни огласи за создавање нови работни места и за промените во раководните структури.
- Производствените организации кај кои мерењето на перформансите на вработените не е дел од нивната практика, треба да го вклучат во нивните практики. Идентификувањето на секоја димензија на перформансите на вработените е важна. Заклучоците од студијата ја зајакнуваат оваа препорака.
- Организациите треба да ги утврдат критериумите за проценка и мерење на перформансите на вработените. Мерењето на перформансите на вработените треба да се спроведува континуирано и сеопфатно во организациите. Неефикасноста на вработените е прва индикација дека во организацијата има одредени проблеми за кои треба да се

идентификуваат причините, а потоа да се пристапи кон нивно отстранување и спроведување соодветни мерки за зголемување на ефикасноста на вработените.

- Поддршката од менаџментот во обезбедување на услови и информации за извршување на работата е многу битна во подобрување на перформансите на вработените. Управувањето со перформансите не е лесна задача и бара многу вештини, поради што често е потребна обука за менаџерите за да се чувствуваат соодветно подготвени ефективно да ги завршат сите задачи поврзани со управувањето со перформансите. Во голема мера, менаџерите мора да бидат набљудувачи и способни да ја проценат ситуацијата, да обезбедат мотивација и да ги идентификуваат проблемите кои се поврзани со перформансите. Дополнително, менаџерите мора да разберат дека поединците на различни нивоа на способност и искуство на нивните работни места ќе бараат различни нивоа на придонес, поддршка и надзор.
- Недостатокот на ресурси е една од основните причини за намалување на перформансите кај вработените. Кога менаџерите не ги менуваат резултатите што ги очекуваат од своите вработени и во услови на недостаток на потребните ресурси, се појавуваат многу негативни резултати: лош морал на вработените, зголемен стрес, исцрпеност, а исто така и поголема веројатност дека организациските цели нема да се постигнат.
- Недостатокот на човечките ресурси создава преоптоварување со работа на постојните вработени – што ги прави когнитивно и физички неспособни да ги исполнат очекувањата за перформанси на нивните работни места. За да нема преоптоварување на работата на вработените, менаџерите треба да се консултираат со своите работници за време на фазите на планирање, имплементација и евалуација на работата. Може да се идентификуваат дополнителни ресурси и да се развијат стратегии за обезбедување на тие ресурси.
- Компаниите кои ги обезбедуваат неопходните ресурси имаат работна сила која е повеќе ангажирана и инспирирана. Резултатот за организацијата е подобри севкупни перформанси и намалување на исцрпеноста на работната сила.

**Предмет на истражување**

Главна цел на оваа студија е, потпирајќи се на современата литература и досегашните сознанија, да се спроведе истражување и да се проучи влијанието на организациската култура и организациската структура врз перформансите на вработените во производствениот сектор.

Предмет на истражување во овој труд е:

- прво, да се измерат и да се опишат варијаблите: организациска култура, организациска структура и перформанси на вработените, во производствениот сектор;
- второ, да се спроведе опсежна теоретска и емпириска анализа во врска со концептите организациска култура и организациска структура, да се испита нивната меѓусебна поврзаност, како и влијанието врз перформансите на вработените.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Производствената/преработувачката индустрија е клучен извор на работни места, технолошки напредок, продуктивност и иновации. Преку јакнење на производителите се овозможува капитализација на нивниот огромен потенцијал со што и ефектите врз целата економија ќе бидат поголеми. Производителите во РСМ сè повеќе ги користат глобалните, регионалните и националните синџири на вредности за да генерираат нови и дополнителни приходи, при што производството игра централна улога во овозможувањето на други активности кои создаваат вредност. Предизвик за секоја производствена организација е навремено да испорачува квалитетни производи и услуги и да биде во состојба да одговори на променливите барања на пазарот. Организациите имаат потреба да располагаат со вработени со високо ниво на перформанси, со цел да ги остварат нивните цели, да испорачуваат производи и услуги, да се високо специјализирани и да остварат конкурентски предности. Во анализираната литература и добиените истражувачки податоци, утврден е недостаток на квалификувана работна сила во производствениот сектор во РСМ, односно ниски перформанси на вработените кои резултираат со слаба продуктивност и ефикасност. Сето тоа влијае на намалена конкурентска моќ на домашните организации, намалени можности за привлекување на СДИ и во крајна линија придонесува до слабеење на целокупната економија во земјата. Оттука, и причината за спроведување на анализа која ќе придонесе да се дадат понатамошни насоки во развој на перформансите во производствениот сектор, преку идентификување на влијанијата на организациската структура и организациската култура.

**Краток опис на применетите методи**

За истражувањето е употребен онлајн анкетен прапалник, со прашања од отворен и затворен тип, затворените прашања се од различен вид (да-не одговори, номинални и ординални податоци, скали). Инструментот е наменски креиран од страна на кандидатката, согласно со истражувачките прашања/хипотезите, варијаблите и нивните димензии.

| **Истражувачко прашање** | **Варијабли** | **Димензии** | **Прашања од прашалникот** |
|---|---|---|---|
| Каква е организациската структура во производствените организации и дали/колку влијае врз перформансите на вработените? | Организациска структура | 1. Систематизираност на работни места/департментализација<br>2. Формализбација<br>3. Ефикасност на менаџментот во делегирање на одговорности | 1.1 – 1.12 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 4. Централизација на авторитетот | |
| Дали организациската култура е јака/слаба и дали/колку влијае на перформансите на вработените? | Организациска култура | 1. Вредности и верувања<br>2. Влијание врз ефикасноста, мотивираноста и продуктивноста на вработените<br>3. Ориентација на организациската култура | 2.1 – 2.7 |
| Кои вредости на организациската култура се доминантни? | Вредности на организациска култура | 1. Ориентираност кон развој и профитабилност<br>2. Ориентираност кон развој на вработените | 2.1.1.- 2.1.14. |
| Како вработените ги оценуваат своите перформанси на работното место? | Перформанси на вработените | 1. Лични способности<br>2. Мотивираност за искористување на перформанските<br>3. Степен на вложен труд<br>4. Можности за напредок и професионален развој<br>5. Организациска поддршка | 3.1 – 3.14 |

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Презентираните статистички податоци/истражувачки сознанија и потврдените помошни/посебни хипотези даваат мошне силна аргументација за делумно прифаќање на генералната истражувачка хипотеза. Тоа значи дека организациската култура (преку нејзините димензии и елементи) има значајно позитивно влијание врз перформансите на вработените, како и дека има позитивна поврзаност помеѓу организациската структура и култура, при што има разлики во перцепцијата, во однос на одредени демографски карактеристики на испитаниците и карактеристики на организациите.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јасна Пајковска, со наслов „Влијанието на организациската структура и организациската култура врз перформансите на вработените во производствениот сектор“, претставува истражување во општествените науки, во научната област социологија на организација. Изработката на темата на оваа докторска дисертација се очекува да придонесе за збогатување на научната и стручната литература поврзана со конкретната проблематика, како и со унапредување на практиките.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јасна Пајковска, со наслов „Влијанието на организациската структура и организациската култура врз перформансите на вработените во производствениот сектор“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Автор-и: „Јасна Пајковска“, објавен труд: „Квалитативна анализа на бариерите на соработка помеѓу мултинационалните компании и малите и средни компании во РСМ”. 31st International Scientific Conference: The teacher of the future, *Knowledge-International Journal, vol. 46,* Budva, Montenegro June 24.2021.

Автор-и: „Јасна Пајковска“, објавен труд: „Анализа на влијанието на Ковид-19 пандемијата врз успехот во работењето, управувањето и врз организациската

структура кај производствените претпријатија”. 31st International Scientific Conference: The teacher of the future, Budva, Montenegro, *Knowledge-International Journal, vol. 46*, June 24.2021.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката се: синтетизирање на теоретско-концептуалните модели за организациската култура, организациската структура и перформансите на вработените, развој на специфична истражувачка методологија, како и креирање на нов теоретско-концептуален модел, преку генерирање на оригинални научни сознанија на емпириско ниво, за производствените претпријатија во земјата.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: како истражувачка лимитација на трудот, може да се посочи дека примерокот е намерен/пригоден, па оттаму генерираните сознанија во најголема мера важат за претпријатијата од примерокот.

Можните понатамошни истражувања се: да се спроведе студија со развиената истражувачка методологија од страна на кандидатката, на национално/репрезентативно ниво.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Јасна Пајковска** со наслов: **Влијанието на организациската структура и организациската култура врз перформансите на вработените во производствениот сектор.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Петар Атанасов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марија Топузовска Латковиќ, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Мирјана Борота Поповска, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Весна Забијакин Чатлеска, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Бојана Наумовска, с.р.**

# ИСПРАВКА НА Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР
## НА 1 (ЕДНО) ЛИЦЕ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОЧАРСТВО И МЛЕКАРСТВО (ТЕХНОЛОГИЈА НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ)
## НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО ВО СКОПЈЕ

Поради одредени забелешки на Рефератот за избор на 1 (едно) лице во сите научни звања во научната област сточарство и млекарство (технологија на млеко и млечни производи) на Институтот за сточарство во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1252 од 1 јануари 2022 год., се објавува коригиран Реферат.

Врз основа на конкурсот објавен од страна на директорот на Институтот за сточарство, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 16.10.2021 година, за избор на 1 (едно) лице во сите научни звања во научната област сточарство и млекарство (технологија на млеко и млечни производи), и врз основа на Одлуката на Научниот совет бр. 02-611/2 од 11.11.2021 год., донесена на 66. редовна седница, одржана на 11.11.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Стевче Пресилски, редовен професор во пензија на Факултетот за биотехнички науки во Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски” во Битола, д-р Павле Секуловски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, и д-р Никола Пациновски, редовен професор во Институтот за сточарство во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на 1 (едно) лице во сите научни звања во научната област сточарство и млекарство (технологија на млеко и млечни производи), во предвидениот рок се пријави кандидатката Наташа Матева, виш научен соработник на УКИМ – Институт за сточарство, Скопје.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката Наташа Матева е родена на 5.12.1968 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Никола Карев” во Скопје. Со високо образование се стекнала на Земјоделскиот факултет во Скопје во учебната 1991/1992 година. Дипломирала во 1992 година со просечен успех 8,6.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1995/1996 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии, научно поле: сточарство, научна област: технологија на млеко и млечни производи, на Земјоделскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2004 година, со просечен успех 9,0.

На 8.11.2004 година го одбранила магистерскиот труд под наслов: „Влијанието на протеолитичките ензими врз текот на зреењето на биеното сирење“.

Докторска дисертација пријавила во 2005 година на Земјоделскиот факултет во Скопје.

Дисертацијата на тема „Учество на серум-протеините при производство на бело саламурено сирење со ултрафилтрација”, ја одбранила на 24.2.2012 год., пред Комисија во состав: д-р Соња Србиновска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Огнен Мачеј, редовен професор на Земјоделскиот факултет во Земун – Белград, Р Србија, д-р Тихомир Чижбановски, редовен професор во пензија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Владимир Џабирски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Драгослав

Коцевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на земјоделски науки.

На 13.4.2017 год. е избрана во звањето виш научен соработник (вонреден професор) при Институтот за сточарство во Скопје, во научната област технологија на млеко и млечни производи.

Во моментот е вработена на УКИМ – Институт за сточарство, Скопје, со научно звање – виш научен соработник (вонреден професор). Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 1142 од 15.3.2017 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања, од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ. ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ – Институт за сточарство – Скопје, кандидатката д-р Наташа Матева изведува настава со студентите на постдипломски студии (II циклус), на студиската програма Сточарство, по наставните предмети: Млекарство, Квалитет и безбедност на храна и Говедарство.

Кандидатката била член и на Рецензентска комисија за избор во звање – вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, а има учествувано и на повеќе работилници и усни презентации, од кои неколку се со меѓународно учество.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Наташа Матева, по изборот во звањето виш научен соработник, била автор или коавтор на вкупно 9 научни труда, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 5 труда во меѓународни научни списанија и коавтор на 2 научни труда во меѓународни научни списанија (прифатени и рецензирани) и во фаза на печатење – декември 2021 година и 9 апстракти во меѓународни научни публикации.

Д-р Наташа Матева била раководител на 3 (три) национални научноистражувачки проекти финансирани од МОН и МЖСПП, како координатор-експерт во 1 (еден) меѓународен научен проект и соработник-учесник во 6 национални научноистражувачки проекти финансирани од УКИМ и МЖСПП. Исто така, кандидатката активно учествувала како раководител и заменик-раководител на водство, координатор и извршител-експерт во стручно-апликативни проекти, од МЗШВ (ЗОПОД и Биолошка разновидност во сточарството), во периодот од 2017 до 2020 година.

Кандидатката д-р Наташа Матева е автор на поглавје во книга објавена во странство, со наслов: „Characteristics of Traditional Cheeses Produced in the Republic of North Macedonia", in Traditional Cheeses from Selected Regions in Asia, Europe, and South America, Current Developments in Food and Nutrition Research, 2019, Vol. 1, 1-52, Bentham Science Publishers.

Традиционалното млекарство и биодиверзитетот се дел од научноистражувачката дејност на кандидатката, која ја има обработено со други автори во монографијата под наслов: ***Традиционално млекарство во Македонија***-ISBN 978-608-245-724-6, издавач Скопје, Матева Наташа, во согласност со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, бр. 411 од 5.11.2018 год.).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Наташа Матева е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за сточарство во Скопје. Учествувала во реализација на повеќе стручно-апликативни активности од областа на сточарството, а посебен ангажман имала во областа на говедарството, коњарството, контролата на хемиски состав и количина на

млеко и заштитата на биолошката разновидност кај домашните животни. Истовремено, кандидатката била координатор на двете програми од МЗШВ, ЗОПОД и Биолошката разновидност во сточарството во периодот од 2017 до 2020 година, како претставник на УКИМ – Институт за сточарство.

Експертските активности биле насочени кон спроведување на мерки и активности во матичното книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството, како и реализација на стручни задачи и активности од програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството.

Кандидатката остварила голем број експертски активности како надворешен соработник во имплементација на стандардот FSSC 22000 ver.5 во млечната индустрија, преку изработка на Прирачник за квалитет и безбедност на храна, Студија за рок на траење на производ и Водичи за одбрана на храна и заштита од измама со храна.

Особена активност кандидатката покажала во дејностите од поширок интерес. Во периодот од 2017 до 2021 год., била член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание *Macedonian Journal of Animal Science*, во издание на Институтот за сточарство, член на уредувачкиот одбор на Монографијата по повод јубилејот 65 години постоење на Институтот за сточарство во Скопје и член на организациониот одбор за VII меѓународен симпозиум по сточарство, во 2017 година.

Во изборниот период, д-р Наташа Матева учествувала во изготвување и пријавување на 2 меѓународни и 8 национални научни и стручно-апликативни проекти.

Од страна на Научниот совет на Институтот за сточарство, д-р Наташа Матева е предложена за член во Советот за сточарство на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ (Одлука бр. 0201-494 од 2019 год.) и член на Националниот совет за безбедност на храна при Агенција за храна и ветеринарство, Скопје. Исто така, кандидатката како претставник од научна институција – Институт за сточарство е член на потсекторската постојна група за уредување на земјоделски пазари за млеко.

Досега имала раководни функции, и тоа како раководител на применувачко-високостручна дејност, раководител на Центарот за сточарство и на Лабораторијата за млеко и млечни производи.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Наташа Матева.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Наташа Матева поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето научен советник во научната област технологија на млеко и млечни производи.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Институтот за сточарство во Скопје, **д-р Наташа Матева да биде избрана во звањето научен советник во научната област технологија на млеко и млечни производи.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Стефче Пресилски, редовен професор во пензија, УКЛО, Факултет за биотехнички науки, Битола, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Павле Секуловски, редовен професор на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина, Скопје, член, с.р.**

**Проф. д-р Никола Пациновски, редовен професор на УКИМ, Институт за сточарство, Скопје, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Наташа Славчо Матева**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Институт за сточарство – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: технологија на млеко и млечни производи**

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,6.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,0. | **ДА** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: технологија на млеко и млечни производи; поле: сточарство; подрачје: биотехнички науки. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА** |
| **3.1** | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Mljekarstvo<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus, SCImago Journal Rank (SJR)<br>5. Наслов на трудот: Influence of packaging materials on Kashkaval quality<br>6. Година на објава: 2017 | **ДА** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: VETERINARIA ir ZOOTECHNIKA (Vet Med Zoot)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Web of Science, SCImago Journal Rank (SJR)<br>3. Наслов на трудот: The content of macro and trace elements in curd and traditional white brined cheese.<br>4. Година на објава: 2017 | ДА |
| | 1. Назив на научното списание: Bulgarian Journal of Agricultural Science<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, SCImago Journal Rank (SJR)<br>3. Наслов на трудот: Accuracy of AC and AT methods in milk recording in the Balkan Goats Breed in Macedonia<br>4. Година на објава: 2018 | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кои учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува повеќе од две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Biotechnology in Animal Husbandry<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број на членови, број и припадност по земји): 17, Serbia-4, Bulgaria-2, United Kingdom-2, Germany-1, Norway-1, Poland-1, Lithuania-1, Slovak Republic-1, Greece-1, Italy-1, Turkey-1, Romania-1<br>3. Наслов на трудот: Prediction of test day milk yield by AC method in Indigenous Balkan Goats in Macedonia<br>4. Година на објава: 2017 | ДА |
| | 1 Назив на научното списание: Macedonian Journal of Animal Science<br>2 Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број на членови, број и припадност по земји): 29, Serbia-4,Bulgaria-4, Spain-2, Croatia-2, Poland-1, Republic of Srpska-1, Slovak Republic-1, Greece-1, N. Macedonia-10, Turkey-3.<br>3 Наслов на трудот: Correlation between certain exterior and production traits in indigenous Balkan goats in Macedonia<br>4 Година на објава: 2017 | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание: Slovak Journal of Animal Science<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Slovakia<br>3. Наслов на трудот: Content of major and trace elements in raw ewes' milk used for production of traditional white brined cheese<br>4. Година на објава: 2017 | ДА |
| 4. | Објавен рецензиран учебник, **монографија**, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира:***<br>1. Наслов на учебникот, **монографијата**, практикумот или збирката задачи: Традиционално млекарство во Македонија<br>2. Место и година на објава: издавач Скопје, Матева Наташа, 2021<br>ISBN 978-608-245-724-6 | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – виш научен соработник/вонреден професор,<br>датум и број на Билтен: 1142 од 15.3.2017 година | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

*** Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Стефче Пресилски, редовен професор во пензија, УКЛО, Факултет за биотехнички науки, Битола, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Павле Секуловски, редовен професор на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина, Скопје, член, с.р.**

**Проф. д-р Никола Пациновски, редовен професор на УКИМ, Институт за сточарство, Скопје, член, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

Кандидат: **НАТАША Славчо МАТЕВА**
Институција: **УКИМ, Институт за сточарство – Скопје**
Научна област: **технологија на млеко и млечни производи**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)**

| **Ред. Бр.** | **Назив на активноста (наставно-образовна)** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Настава во школи и работилници:** | |
| 1 | Работилница: Влијание на климатските промени во сточарството и примена на адаптивни мерки, 3.10.2017 год., Скопје, со поддршка на Ректорат на УКИМ, Скопје (учесник). | 1.0 |
| 2 | Работилница-трибина по агропретприемаштво, 13.8.2021, Скопје – со поддршка на Ректорат на УКИМ, Скопје (учесник). | 1.0 |
| | **Консултација со студенти** | |
| 1. | Консултација со студенти по предметот Квалитет и безбедност на храна од втор циклус студии на студиската програма Сточарство на Институт за сточарство – Скопје, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, учебни 2018, 2019, 2020 и 2021 (4*0,002). | 0,008 |
| 2 | Консултација со студенти по предметот Говедарство од втор циклус студии на студиската програма Сточарство на Институт за сточарство – Скопје, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, учебни 2019, 2020, 2021 (3*0,002) | 0,006 |
| 3 | Консултација со студенти по предметот Млекарство од втор циклус студии на студиската програма Сточарство на Институт за сточарство – Скопје, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, учебни 2018, 2019, 2020, 2021 (4*0,002) | 0,008 |
| | **Вкупно** | **2.022** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста (научноистражувачка)** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Раководител во национални научни проекти:** | |
| 1 | Матева Н.**, Налетоски З., Ефтимова Е., Пациновски Н. (2018). Заштита на биодиверзитетот во сточарството (зачувување на автохтона раса говеда БУША во Р. Македонија). Министерство за животна средина и просторно планирање, УКИМ Институт за сточасртво (договор бр. 08-3450 од 30.05.2018 и договор бр. 0801-386 од 30.5.2018 година), Скопје, арх. бр. 0901-826/1 од 7.12.2018 година – раководител на проект** | 6.0 |
| 2 | Матева Н., **, Ефтимова Е., Пациновски Н., Михајловска К., Поповска И. (2020). Навики за оддржување на чиста животна средина и здрав живот, Министерство за животна средина и просторно планирање и здружение за афирмација и популаризација на селото, пријатели на селото, Скопје (договор бр. 08-2401/1 од 5.5.2020 год. и бр. 01/20-4 од 11.5.2020 година) – раководител на проект** | 6.0 |
| 3 | Матева Н., **Пациновски Н., Ефтимова Е.,Палашевска А., Шутевски Д., (2021), Имплементација на стандард ISO 17025 и акредитација на методи во Лабораторијата за млеко и млечни производи при УКИМ Институт за сточарство, проект** | 6.0 |

| | | |
|---|---|---|
| | **финансиран од Министерство за наука и образование (Институт-договор бр. 1022 -631/1 од 19.11.2021 и МОН-договор бр.15-15590/39 од 22.11.2021) – раководител на одобрен проект** | |
| | Раководител во меѓународен научен проект: | |
| 1. | Матева Н., (2021). **Подигнување на јавната свест за управување со оптадот со тетрапак, Здружение на граѓани за заштита на животна срдина и просторно планирање-Планктониум, финансиран од Европскиот фонд за Балканот (European Fund for The Balcans), договор бр. 31/2021 и потврда бр. 32/2021 од 8.11.2021 – координатор-учесник** | 6,0 |
| | **Учесник во национални научни проекти:** | |
| 1. | **Ефтимова Е.,** Матева Н.**, Пациновски Н., (2017),Следење на производните и економските показатели при одгледувањето на овци од расата асаф во услови на Република Македонија. Проект финансиран од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука на УКИМ бр. 02-560 од 30.6.2017 год. и Одлука на ИС бр. 0201-50/3 од 6.2.2017 год.) –учесник** | 3,0 |
| 2 | **Костадинов Тошо, Николова Н., Пациновски Н., Ефтимова Е., Левков В.,** Матева Н.**, Миновски К. (2017), Влијанието на предприемништвото врз извозната способност на МСП од Агрокомплексот во општина Струмица. Проект финансиран од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје** (Одлука бр. 0201-145 од 14.3.2017 година од НС на Институт за сточарство – Скопје (учесник) | 3,0 |
| 3. | **Левков В., Ѓорговска Н., Филев К.,** Матева Н.**, Цонева Е., Пациновски Н., Костадинов Т., Ефтимова Е. (2018). Одредување на нутритивните карактеристики на ферментирана сурутка. Проект финансиран од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (Одлука бр. 0201-890 од 20.12.2018 од НС на Институт за сточарство – Скопје и Одлука бр. 02-314/25 од 28.2.2019 од Универзитетскиот сенат на УКИМ (учесник)** | 3,0 |
| 4. | **Пациновски Н., Ефтимова Е.,** Матева Н.**, Ѓорѓиев Ј., Венев Д. (2020). Заштита на биодиверзитетот во сточарството (каракачанска овца, најзагрозен сој на расата праменка во Р Македонија). Министерство за животна средина и просторно планирање (договор бр. 08-2372-1 од 5.5.2020 год.) (учесник)** | 3,0 |
| 5. | **Пациновски Н., Ефтимова Е.,** Матева Н. **(2021). Заштита на каракачанската овца, најзагрозен сој на расата праменка во Р. Македонија (втора фаза). Министерство за животна средина и просторно планирање (договор бр. 08-2745-1 од 21.5.2021 год.) (учесник)** | 3,0 |
| 6. | **Костадинов Т, Левков В., Ефтимова Е.,** Матева Н.**, Беличовска Д., (2021).**<br>**“Рурално претприемништво, како студиска програма од втор циклус студии, да или не” (одлука бр. 02-579/5 од 22.10.2021 година) (учесник).** | 3,0 |
| 7 | Матева Н., (2021).**Подигнување на јавната свест за управување со оптадот со тетрапак, Здружение на граѓани за заштита на животна срдина и просторно планирање-Планктониум, проект финансиран од Министерство за животна средина и просторно планирање (договор бр. 28/2021 од 1.10.2021 и потврда бр. 32/2021 од 8.11.2021)–учесник-експерт** | 3,0 |
| 8 | Матева Н., (2021)**., „Млечниот пат на Малешевските Планини” - Зголемување на профитабилноста на овчарска фарма со** | 3.0 |

| | | |
|---|---|---|
| | **иновативен начин на додавање на дополнителна додадена вредност на стандардизирани и брендирани автохтони млечни производи, Фонд за иновации и технолошки развој (потврда бр. 11/21 од 8.11.2021 година од ИЗ Ленишка река, претставувано од Вангелина Јован Пармачка), како експерт-обучувач** | |
| | Монографија | |
| 1. | **Наташа Матева**, Гоце Талевски, Николче Николовски<br>***Традиционално млекарство во Македонија*** – рецензирана монографија<br>**ISBN 978-608-245-724-6, издавач Скопје, Матева Наташа** | 6.4 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | |
| 1 | Goce Talevski, Sonja Srbinovska, Dushica Santa, **Natasha Mateva,** (2017) Influence of packaging materials on Kashkaval quality, Mljekarstvo.2017.0103, pp.25-32, IF 0.71 | 5.51 |
| 2 | Nikola Pacinovski, Vladimir Dzabirski, George Dimov, Koco Porcu, Goce Cilev, Elena Eftimova, Nedeljka Nikolova, **Natasa Mateva**, Bone Palasevski, Goran Trajkovski, Ana Palasevski. (2018). Accuracy of AC and AT methods in milk recording in the Balkan Goats Breed in Macedonia. Bulgarian Journal of Agricultural Science, Agricultural Academy, Vol. 24 (Suppl. 2) 2018, 3-9.IF 0,51. | 5.31 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank SciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik i Referativnый `urnal “Matematika”или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | |
| 1 | Vesna Levkov, Trajce Stafilov, Nikola Pacinovski, Katerina Bačeva Andonovska, **Natasa Mateva**, Natasa Gjorgovska, Elena Eftimova, Toso Kostadinov (2017). The content of macro and trace elements in curd and traditional white brined cheese. Veterinaria ir Zootechnika (Vet Med Zoot). T. 75 (97). | 3.0 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| 1 | Nikola Pacinovski, Vladimir Dzabirski, Georgi Dimov, Koco Porcu, Elena Eftimova, Nedeljka Nikolova, **Natasha Mateva**, Bone Palasevski, Goce Cilev, Milan P. Petrovic, Milan M. Petrovic, Ana Palasevska (2017). Prediction of test day milk yield by AC method in Indigenous Balkan Goats in Macedonia. Biotechnology in Animal Husbandry, Vol. 33 (3), p. 299–308. Belgrade-Zemun. | 3.0 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Nikola Pacinovski, Vladimir Dzabirski, Georgi Dimov, Koco Porcu, Elena Eftimova, Nedeljka Nikolova, **Natasha Mateva**, Bone Palashevski, Goran Trajkovski (2017). Correlation between certain exterior and production traits in indigenous Balkan goats in Macedonia. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 7, No. 1-2, pp. 7-11. | 3.0 |
| 3 | Eftimova Elena, Pacinovski Nikola, **Mateva-Dubrova Natasha**, Nikolova Nedeljka, Palasevska Ana (2021), Production results of Alpina goats farm in Zletovo region, Macedonia, Macedonian Journal of Animal Science,Vol.11, No. 1-2, accepted in press December 2021 | 3.0 |
| 4 | Levkov V., Coneva E., Gjorgovska N., **Mateva N.**, Belichovska D. Changes of Nutritional Characteristics of Whey Fermented with Kefir Grains-a preliminary Results, International Journal of Innovative Approaches in Agricultural Research, Turkey, accepted, in press December, 2021 | 3.0 |
| | **Труд со оргинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европска Унија и/или ОЕЦД** | |
| 1 | V. Levkov, T. Stafilov, N. Pacinovski, K. Bacheva, **N. Mateva**, N. Gjorgovska, E. Eftimova, T. Kostadinov (2017). Content of Major and Trace Elements in Raw Ewes Milk Used for Production of Traditional White Brined Cheese. Slovak Journal of Animal Science, 50, 2017 (1): 7-14. | 3.0 |
| | **Книга или дел од книга рцензирана и објавена во земја членка на Европска Унија или кандидат членка на ОЕЦД** | |
| 1 | **Natasha Mateva**, Vesna Levkov, Sonja Srbinovska, Dushica Santa, Sandra Mojsova, Erhan Sulejmani*,(2019) Characteristics of Traditional Cheeses Produced in the Republic of North Macedonia, Chapter 1 Pp. 1-52 (52), Bentham Science Publishers<br>Bentham Books, Traditional Cheeses from Selected Regions in Asia, Europe, and South America | 3,6 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)** | |
| 1 | Работилница со усна презентација: Компаративен приказ на 3 вида медитерански сирења, искуства и заклучоци (УКИМ Институт за сточарство) , 02.03.2017 | 1,0 |
| 2 | Учесник на конференција: „Регулативите на маса во поддршка на традиционалните производи - усна презентација под наслов: Примена на флексибилноста во законските прописи на хигиена: суштинската потреба за зачувување на традиционалните сирења, Скопје, 31.5.2018 год. | 1,0 |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 1. | Секциско предавање на конференција: Биодиверзитет на млеко и претставување на сите автохтони македонски сирења, во организација на Слоу Фод Македонија, Бра, Италија, 18 – 23.9.2019 година. | 2,0 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)** | |
| 1 | Nikola Pacinovski, Vladimir Dzabirski, Georgi Dimov, Koco Porcu, Elena Eftimova, Nedeljka Nikolova, **Natasha Mateva**, Bone Palasevski, Goce Cilev, Milan P. Petrovic, Milan M. Petrovic, Ana Palasevska (2017). Prediction of test day milk yield by AC method in Indigenous Balkan Goats in Macedonia. 11-th International Symposium “Modern Trends in Livestock Production”, 11-13 October, 2017, Belgrade, Serbia. | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Elena Eftimova, Nikola Pacinovski, Koco Porcu, **Natasha Mateva** (2021). Ovchepolian sheep – bred in Macedonia, Congress on Food Quality and Safety, Health and Nutrition, NUTRICON, June, 9-11, 2021, Ohrid, Macedonia. | 0.5 |
| 3 | **Natasha Mateva**, Sonja Srbinovska, Elena Eftimova, Vesna Levkov, Nikola Pacinovski (2021)Influence of the enzyme transglutaminase on protein matrix in the ultrafiltrated white brine cheese, Congress on Food Quality and Safety, Health and Nutrition, NUTRICON, June, 9-11, 2021, Ohrid, Macedonia. | 0.5 |
| | **Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓународна)** | |
| 1 | Nikola Pacinovski, Vladimir Dzabirski, Georgi Dimov, Koco Porcu, Elena Eftimova, Nedeljka Nikolova, **Natasha Mateva**, Bone Palashevski, Goran Trajkovski (2017). Correlation between certain exterior and production traits in indigenous Balkan goats in Macedonia. VII International Symposium of livestock production, 14-16 September, Skopje, Book of Abstracts, p. 27-28. Macedonia | 1.0 |
| 2 | Nikola Pacinovski, Vladimir Dzabirski, Georgi Dimov, Koco Porcu, Elena Eftimova, Nedeljka Nikolova, **Natasha Mateva**, Bone Palashevski, Goran Trajkovski, Ana Palashevska (2017). Accuracy of AC and AT methods in milk recording in the Balkan goats breed in Macedonia. VIII Annual conference with international participation “Innovations in agricultural science for efficient farming”, 28-29 September, Shumen, Book of Abstracts, p. 2, Bulgaria | 1.0 |
| 3 | Elena Eftimova, Nikola Pacinovski, **Natasha Mateva-Dubrova**, Nedeljka Nikolova, Ana Palashevska (2017). Production results of conventional goat farm in Zletovo region. VII International Symposium of Livestock Production, 14-16 September, Skopje, Book of Abstracts, p. 32-33. Macedonia. | 1.0 |
| 4 | **Natasha Mateva**, Sonja Srbinovska, Elena Eftimova, Vesna Levkov, Nikola Pacinovski, Tosho Kostadinov (2017). Protein matrix in the ultrafiltrated white brine cheese. VII International Symposium of Livestock Production, 14-16 September, Skopje, Book of Abstracts, p. 66-67. Macedonia | 1.0 |
| 5 | Tosho Kostadinov, Vesna Levkov, Nedeljka Nikolova, Elena Eftimova, Nikola Pacinovski, **Natasha Mateva**, Konstantin Minoski (2017). Consumption of organic food and consumers attitudes towards organic food in the Republic of Macedonia. VII International Symposium of Livestock Production, 14-16 September, Skopje, Book of Abstracts, p. 74-75. Macedonia | 1.0 |
| 6 | Tosho Kostadinov, Vesna Levkov, Nedeljka Nikolova, Elena Eftimova, Nikola Pacinovski, **Natasha Mateva**, Konstantin Minoski (2017). Consumption of poultry meat and consummers attitudes towards poultry meat in the Republic of Macedonia. VII International Symposium of Livestock Production, 14-16 September, Skopje, Book of Abstracts, p. 77-78. Macedonia | 1.0 |
| 7 | Elena Eftimova, Nikola Pacinovski, **Natasha Mateva**, Vesna Levkov, Tosho Kostadinov (2017). Some productive characteristics of the Assaf sheep in the Republic of Macedonia. Congress Nutricon “Food Quality & Safety, Health & Nutrition, 5-7 October, 2017, Skopje, Book of Abstracts, p. 36-37. Macedonia | 1.0 |
| 8 | **Natasha Mateva**, Sonja Srbinovska, Elena Eftimova, Vesna Levkov, Nikola Pacinovski (2021)Influence of the enzyme transglutaminase on protein matrix in the ultrafiltrated white brine cheese Book of Abstracts, Congress on Food Quality and Safety, Health and Nutrition, p. 117, NUTRICON, June, 9-11, 2021, Ohrid, Macedonia. | 1.0 |
| 9 | Levkov V., Coneva E., Gjorgovska N., **Mateva N.**, Belichovska D. Changes of Nutritional Characteristics of Whey Fermented with Kefir Grains-a preliminary Results, Book of Abstracts, Proceedings of II International | 1.0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Agricultural, Biological & Life Science Conference *Agbiol* 2021, 1–3 september 2021, Edirne, Turkey | |
| | **Вкупно** | **101.32** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)**

| Ред. бр. | Назив на активноста (стручно-апликативна) | Поени |
|---|---|---|
| | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија, рецензија, мислења, вештачења** | |
| 1. | Експертска активност: Воведување на стандардот FSSC 22000 ver.5, во млекарница ДПТУ Трница, ДОО, Маврово Ростуше, како надворешен соработник, сертифицирано од **quality**austria, 17.11.2020 год. | 1,0 |
| 2. | Изработка на Студија за рок на траење на производ-shelf life studies, во согласност со барањата на стандардот FSSC 22000 ver.5, во млекарница ДПТУ Трница, ДОО | 1,0 |
| 3 | Изработка на прирачник за квалитет и безбедност на храна во согласност со барањата на стандардот FSSC 22000 ver.5, во млекарница ДПТУ Трница, ДОО | 1.0 |
| 4 | Експертска активност: Изработка на водич за одбрана на храна во млечна индустрија -food defence, август 2020 год. | 1.0 |
| 5 | Есперска активност: водич за заштита од фалсификувани производи-насоки за спречување на измама со храна - Guidance of food fraud mitigation, август 2020 год. | 1.0 |
| 6 | Експертска активност-надворешен соработник: интерна проверка-interen audit, пред ресертификација на стандардот FSSC ver.5 од **quality**austria, 12.11.2021 год. | 1.0 |
| 7. | **Реализација на апликативни активности како извршител во водствата говедарство и коњарство за потребите на МЗШВ (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство): ЗОПОД (Заедничка основна програма за одгледување на добиток) за 2018 и 2019 (2*2)** | 4,0 |
| 8. | Реализација на апликативни активности како извршител во водствата говедарство и коњарство за потребите на МЗШВ (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство): Заштита на биолошката разновидност во сточарството во 2017, 2018, 2019, 2020 год. (4*2) | 8,0 |
| 9. | Рецензија на оригинален научен труд под наслов: Characterization and quantification of proteins in whey obtained as a by-product from white cheese and yellow cheese production, Aleksandar Chadikovski, Tome Nestorovski, Vesna Rafajlovska, Macdonald Wick, Zoran T. Popovski, електронски допис од Zoran T. Popovski, short communication, Oct 30, 2018 | 1,0 |
| | **Учество на промотивни активности на Институтот** | |
| 1 | Учество во промоција на Институтот пред сите министерства (МОН, МЗШВ, МЖСПП), федерации и здруженија од областа, соработници и сл. | 0,5 |
| 2 | Учество на конференција: Регулативите на маса: во поддршка на традиционалните производства, организатори: Slow Food-Битола, Slow Food-Водно, Екоросалес-Богданци, ЕУ, Aktiv, CZP, Florozem, Orca. 31.5.2018 год., Експлорариум, Скопје (покана). | 0,5 |
| 3 | Учество на инфо-сесија на тема: Покана за работна средба на тема „Насоки за унапредување на земјоделско-прехранбениот сектор во Република Северна Македонија“, во организација на Стопанска комора на Македонија и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, 27.11.2019 год. | 0,5 |
| 4 | Учество на работилница: | |

| | | |
|---|---|---|
| | -ЕУ-законодавство во делот на сточарството<br>-GAP-анализа на националното законодавство во делот на сточарството.<br>Цел: Оформување на новиот Закон за сточарство во согласност со регулативите и директивите на ЕУ.<br>Организатор и место на одржување: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со UNOPS (проект на Обединети нации во Р Македонија), 29.7.2020 год., Скопје. | 0,5 |
| 5 | Учество на онлајн работилница: „Дигитална настава – искуства и предизвици со учењето на далечина“, организатор: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, 2.11.2020 год., Скопје. | 0,5 |
| 6 | Учество на онлајн состанок на тема: Презентација и дискусија на шеми за исплата на млеко која ќе биде организирана од проектот „Стандарди за квалитет и безбедност на храна во млечниот сектор”, по програмата на ФАО за техничка соработка, 14.5.2021 год. (покана) | 0,5 |
| 7 | Учество на конференцијата „Наука за развој заедно е возможно”, организатор: Министерство за наука и образование, 23.11.2021, х. „Александар палас“, Скопје (покана). | 0,5 |
| | **Раководител на лабораторија** | |
| 1 | Раководител на Лабораторија за млеко и млечни производи (Решение бр. 0402-79/12 од 2.2.2005). | 1.0 |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | | |
|---|---|---|
| | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание:** | |
| 1 | Член на уредувачки одбор на списание под наслов: Macedonian Journal of Animal Science, 2017 (Vol.7, No 1-2), 2018 (Vol.8 No 1, No 2), 2019 (Vol.9 No 1, No 2), 2020 (Vol.10 No 1-2), во издание на УКИМ, Институт за сточарство – Скопје, www.mjas.ukim.edu.mk, 6*1 | 6,0 |
| | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир:** | |
| 1 | Член на организационен одбор за VII меѓународен симпозиум по сточарство (Одлука бр. 0201-150 од 14.3.2017 година). | 1.0 |
| | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: | |
| 1. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект како носител (2021):** Матева Н.**, Ефтимова Е., Пациновски Н. (2021). Мапирање на високи природни вредности на фармско производство во РС Македонија (HNV farming systems). Пријавен до Министерство за животна средина и просторно планирање (наш бр. 06/21 од 25.2.2021 год.), носител.** | 1.0 |
| 2. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект како главен истражувач (2021):** Матева Н.**, Пациновски Н., Ефтимова Е., Палашевска А., Шутевски Д. 2021. Калибрација и сервисирање на опрема во Лабораторијата за млеко и млечни производи при УКИМ Институт за сточарство (наш бр. 03-482 од 20.9.2021 год.), носител.** | 1,0 |
| 3. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект како соработник (2021): Ефтимова Е., Пациновски Н.,** Матева Н.**, Ѓорѓиев Ј., Усеинов Хусеин (2021). Заштита на домашната балканска коза (автохтона македонска раса на кози). Пријавен до Министерство за животна средина и просторно планирање (наш бр. 2/21-1 од 25.2.2021 год. и нивен бр. 08-880/172 од 25.2.2021 год.), соработник.** | 0,5 |
| | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: | |
| 1 | Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект како соработник (2020): Лалева С., Пекар Ц., Пациновски Н., Јускиене В., Петрович М., Караколев С., Валцак Ј., Челик К., Чернаев П., Демир Е., Караиванова М., Ефтимова Е., **Матева Н**., Палецни К., Левков В., Николова Н., Радович Ч., Улозиене И. 2020. | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | Пробиотици во сточарството. Пријавен до Европската комисија во Брисел – соработник | |
| 2 | **Матева Н.**, Овозможувачко опкружување (околина)на СФМК за граѓанското општество- со стратешките цели зачувување на биодиверзитетот преку поддршка на малите производители., финансиран од ЦИВИКА МОБИЛИТАС- ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ГРАНТОВИ, Реф. бр. ЦМ-ИНС-05, 1.6.2020 - учесник- експерт (потврда бр. 103-22/1 од 8.11.2021 година), Слоу Фуд Македонија-соработник | 1,0 |
| | **Раководител на внатрешна организацион единица** | |
| 1 | Раководител за применувачка – високостручна дејност (решение бр. 0402-205/1 од 10.5.2017 година). | 3,0 |
| | **Член на комисија за избор во звање** | |
| 1 | Член на Рецензентска комисија за избор во научно звање на еден научен работник во сите научни звања, во научна област овчарство и козарство (Одлука бр. 0201-394 од 31.5.2018 год. и Решение бр. 0201-394 од 31.5.2018 год.) | 0.2 |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи :** | |
| 1 | Член на Научниот совет на Институт за сточарство – Скопје | 1,0 |
| 2 | Член на Институтска управа на Институт за сточарство, Скопје (2017 – 2020) | 2.0 |
| 3 | **Член во Советот за сточарство на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ (одлука бр. 0201-494 од 20.8.2019 година).** | 1,0 |
| 4 | **Член на Потсекторската постојна група за уредување на земјоделски пазари за млеко (решение бр. 4903/1 од 30.8.2018 година)** | 1.0 |
| 5 | **Член на Националниот совет за безбедност на храна при Агенцијата за храна и ветеринарство, назначена од НС на Институт за сточарство, Скопје** | 1.0 |
| 6. | **Овластување за замена на директор, по решение бр. 0402-481 од 17.8.2017; бр. 0402-014 од 9.10.2017; бр. 0402-429 од 12.7.2017; бр. 0402-349 од 16.5.2018, 4*1** | 4,0 |
| | Член на факултетска комисија | |
| 1 | **Член на Институтска комисија за попис во 2017 год. (одлука бр. 0202-717 од 5.12.2017 год. и Решение бр. 0202-717/1 од 5.12.2017 год.).** | 0,5 |
| 2 | **Член на Комисија за попис на парични средства на жиро-сметка и состојба на благајна (одлука бр. 0202-716 од 5.12.2017 год.)** | 0,5 |
| 3 | **Член на Комисија за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на УКИМ – Институт за сточарство – Скопје (одлука бр. 0308-642 од 26.9.2018 год.)** | 0,5 |
| 4 | Член на Комисија за попис на основни стада и риби во 2018 год. (одлука бр. 0202-745 од 5.11.2018 год. и решение бр. 0202-745/1 од 5.11.2018 год.). | 0,5 |
| 5 | **Член на Комисија за постдипломски студии на студиска програма Сточарство (одлука бр. 0201-767 од 12.11.2018 год.)** | 0,5 |
| 6 | **Член на Комисија за спроведување на постапка за избор на кандидат за засновање работен однос на работно место: помлад соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење на УКИМ – Институт за сточарство, по јавно објавен оглас за вработување бр. 01/2018 (одлука бр. 02-693 од 16.10.2018 година).** | 0,5 |
| 7 | Член во Комисија за попис на основни стада и риби во 2019 год. (одлука бр. 0202-756 од 17.12.2019 год.) | 0,5 |
| 8 | Член на Комисија за спроведување на постапка за избор на ректор на УКИМ во мандатен период 2020-2023 (одлука бр. 02-319 од 4.6.2020 година). | 0,5 |
| 9 | **Член на Комисија за подготвување на Елаборат за акредитација на студиска програма на втор циклус стручни и специјалистички едногодишни студии (постдипломски студии), (одлука бр. 02-427/1 од 6.9.2021 год.)** | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | **Член на Комисија за подготвување на Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус (тригодишни) студии – докторски студии (одлука бр. 02-428/1 од 6.9.2021 год.)** | 0,5 |
| | **Национален координатор за одредена стручна област** | |
| 1 | Координатор на кампањата „Биодиверзитет на млеко”, во периодот ноември 2017, мај 2018 и септември 2019 година (потврда бр. 103-22/1 од 8.11.2021 год.) | 3.0 |
| 2 | Координатор за реализација на апликативните активности, од Институт за сточарство, за потребите на МЗШВ, по програмата ЗОПОД, 2018 и 2019 год.(3×2) | 6.0 |
| 3 | Координатор за реализација на апликативните активности, од Институт за сточарство, за потребите на МЗШВ, по програмата биолошка разновидност во сточарството, 2017,2018 и 2019 год.(3×3), одлука бр. 0202-880 од 19.12.2018 год. | 9.0 |
| | **Вкупно** | **71.2** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ ЗА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ: | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО):** | 2,022 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ):** | 101,32 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА):** | 71,2 |
| **Вкупно** | **174,542** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Стефче Пресилски, редовен професор во пензија, УКЛО, Факултет за биотехнички науки, Битола, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Павле Секуловски, редовен професор, Факултет за ветеринарна медицина, Скопје, член, с.р.**

**Проф. д-р Никола Пациновски, редовен професор, УКИМ, Институт за сточарство, Скопје, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ РИБАРСТВО (409) ВО ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 172, став 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 26, став 2 од Правилникот за посебните услови за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019) и член 49, став 1, точка 8 од Статутот на Институтот за сточарство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 451/2019), Научниот совет на Институтот за сточарство во Скопје го распиша јавниот конкурс за избор на 1 (едно) лице во соработничко звање – асистент во научната област **рибарство, според меѓународната Фраскатиева класификација на научноистражувачките подрачја, полиња и области.**

Конкурсот беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“ на 4.12.2021 и „Коха“ на 6.12.2021 година.

Согласно со член 30 од Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019), по завршувањето на рокот на јавниот конкурс од 8 (осум дена), Научниот совет на Институтот за сточарство, на својата 69. седница одржана на 24.12.2021 година, донесе Одлука со број 02-746/5 од 24.12.2021 година, за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. **проф. д-р Васил Костов, редовен професор при УКИМ – Институт за сточарство, претседател;**

2. **проф. д-р Родне Настова, редовен професор при УКИМ – Институт за сточарство, член;**
3. **проф. д-р Весна Левков, вонреден професор при УКИМ – Институт за сточарство, член.**

По приемот на доставената документација по распишаниот јавен конкурс, Рецензентската комисија констатира дека се пријави само еден кандидат – м-р Ирина Маневска од Скопје.

По разгледувањето на уредно доставените материјали по распишаниот јавен конкурс согласно со член 172, став 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.178/2021), член 26, став 2 и член 36 од Правилникот за посебните услови за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019) и член 49, став 1, точка 8 од Статутот на Институтот за сточарство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 451/2019), Рецензентската комисија со особено задоволство на Научниот совет на Институтот за сточарство во Скопје, му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во прилог на пријавата заверена со архивски број 04-690/1 од 7.12.2021 година, кандидатката ги достави следниве документи:

1. државјанство – оригинал;
2. лекарско уверение – оригинал:
3. потврда од Основен кривичен суд на РСМ бр. 3373/21 од 2.12.2021 – оригинал;
4. уверение за познавање на англиски јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа, издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ бр. 03-1973/2 од 3.12.2021 – оригинал;
5. уверение за положени испити од прв циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, студиска програма: Анимална биотехнологија, број 10-10/43 од 23.9.2021 –оригинал;
6. кратка биографија;
7. диплома за завршени прв циклус студии од Факултетот за земјоделски науки и храна (дипломиран земјоделски инженер) – нотарски заверена;
8. уверение за положени испити од втор циклус студии на УКИМ – Институт за сточарство – Скопје, на студиската програма: Рибарство, број 0302-133 од 21.2.2020 година – оригинал;
9. диплома за завршени втор циклус студии на УКИМ – Институт за сточарство – Скопје од студиската програма Рибарство (магистер по рибарство) – нотарски заверена;
10. изјава за исполнети општи и посебни услови согласно со Законот за високото образование (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 82/2018 и бр. 178/2021) и Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, научни и наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019);
11. доказ за исполнување на посебните услови од Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, научни и наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019).

По однос на доставената документација од кандидатката м-р Ирина Маневска, Рецензентската комисија детално ја разгледа и констатира дека е уредна и комплетна.

Согласно со член 12, член 15, член 24 и член 170 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019), Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Ирина Маневска ги исполнува општите и посебните услови за избор во звањето асистент. Во прилог го доставуваме образложението за исполнување на условите на кандидатката.

## 1. ***<u>Биографски податоци</u>***

М-р Ирина Маневска е родена на 1.8.1975 година во Скопје, каде што го завршила основното образование и средното ветеринарно образование. Високото образование го завршила на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и

Методиј“ во Скопје, и се стекнала со диплома – дипломиран земјоделски инженер на студиската програма Анимална биотехнологија со просечен успех 8,17 (245 ЕКТС). Од 1.4.2007 е во редовен работен однос во УКИМ – Институт за сточарство – Скопје како лаборант со високо образование во Центарот за рибарство. Во учебната 2011/2012 година, кандидатката се запишала на постдипломските студии при УКИМ – Институт за сточарство, на студиската програма Рибарство. Во февруари 2020 успешно ги заврши вториот циклус студии со среден успех 10,00. На 7.2.2020 година, како прв магистранд на УКИМ – Институт за сточарство, успешно ја одбрани магистерската теза под наслов: **Влијание на пробиотиците врз производните карактеристики и квалитетот на месото на крапот при интензивно одгледување во кафезен систем** и се стекна со научен степен – магистер по рибарство.

## 2. *Научноистражувачка дејност*

Кандидатката м-р Ирина Маневска, како вработена во Центарот за рибарство, учествува во апликативни и научноистражувачки активности и проекти, т.е. во истражувања од областа на рибарството, биодиверзитетот на рибите во водните сливови на РС Македонија, мапирање, одредување на еколошкиот статус, детекција, проценка и заштита на ендемичните и загрозени видови риби. Исто така, во рамките на научноистражувачките проекти, учествува и во изготвување на акциски конзервациски планови, квалитативно и квантитативно определување на структурата, густината и големината на популациите на риби итн.

Согласно со стручната и научна определба на кандидатката во рамките на научната област рибарство, својот професионален развој го насочува преку:

- ✓ учество во изработка на методите за унапредување на аквакултурата;
- ✓ учество во изработка на извештаи, елаборати и научни студии;
- ✓ асистирање во морфометриски анализи и дескрипција на примероци риби;
- ✓ подготовка на литературни податоци за дистрибуција на рибите во реките, езерата и акумулациите во РС Македонија;
- ✓ теренски активности;
- ✓ асистирање при изведување на теренските активности, при идентификација на ретки, ендемични и загрозени видови итн.

Согласно со член 15 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019), кандидатката м-р Ирина Маневска приложува листа за учество на следните научноистражувачки проекти и наслови на публикувани научни трудови како коавтор. Исто така, кандидатката приложува и листа за учество на домашни и меѓународни конгреси, работилници и симпозиуми.

1. **Проект:** “Ex-situ заштита и реинтродукција на *Zingel balcanicus* (Karaman, 1937) во водите на Република Македонија“, во организација на Македонска риболовна федерација и финансирано од Глобален еколошки фонд (GEF).

2. **Проект:** „Дефинирање на еколошкиот статус на *Zingel balcanicus* (Karaman 1937)”, во организација на Македонска риболовна федерација и финансирано од Глобален

еколошки фонд (GEF).

3. **Проект:** „Генетска и морфолошка карактеризација на пастрмката од видот *Salmo* во Република Македонија“, во организација на Катедра за компаративна анатомија, Институт за биологија, Природно-математички факултет – Скопје со УКИМ – Институт за сточарство, финансиран од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

4. **Проект:** „Во потрага на *Zingel balcanicus*”. Македонско еколошко друштво (МЕД).

5. Учество во изработка на Риболовни основи за период до 2011 – 2016, во организација на УКИМ – Институт за сточарство – Скопје, финансирано од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

6. Учество во изработка на Риболовни основи за период до 2017 – 2022, во организација на УКИМ – Институт за сточарство – Скопје, финансирано од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

7. **Проект:** „Ревитализација и реинтродукција на македонската пастрмка *Salmo macedonicus* (Karaman, 1924), во водите на Р Македонија“, во организација на Македонска риболовна федерација и кофинансиран од страна на Глобален еколошки фонд (GEF).

8. **Проект:** „Мониторинг на квалитетот на водата од акумулацијата „Шум“ и мрестилиштето „Шум“, во насока на заштита на животната средина и производство на квалитетен подмладок од салмонидни видови риби за порибување на риболовните води во Република Македонија“. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

9. **Проект:** „Justification for the construction of the fish paths at small hydro power plants “Babuna”, “Belica”, “Pesocani”, “Pena”, “Zrnovce” and “Doshnica”. **Organization:** Institute of Animal science – Fishery Department. **Financed by**: EVN Macedonia **Location** Macedonia

10. **Проект:** „Field investigation of the fish fauna of rivers Patishka, Shtirovica, Gradecka, Braychinska and Stanishar in the part of the intakes for small hydroelectric power plants“. **Organization:** PCC HIDRO DOOEL – Skopje. **Financed by**: PCC HIDRO DOOEL – Skopje. **Location:** Macedonia.

11. **Проект:** “Achieving Biodiversity Conservation through Creation and Effective Management of Protected Areas and Mainstreaming Biodiversity and Land Use Planning”. Component: Valorisation of Biodiversity of Sharr Mountain. **Organization:** Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Department of Biology, University of Tetova, R.N. Macedonia, financed by GEF/UNEP.

12. **Проект:** „Зајакнување на капацитетите за имплементација на Натура 2000“. EuropeAid/ Particip GmbH 136609**.**

13. „Студија за биолошка разновидност во реонот на рудникот „Саса”, Македонска Каменица”. Фармахем.

14. **Проект:** Зачувување на природата во Македонија – фаза 2 – Слив на Брегалница, компонента за Натура 2000 подрачја за 2018 година. Фармахем.

15. **Проект:** Програма за зачувување на природата во Македонија – фаза 2. Компонента: Подобрување на статусот на природните вредности во брегалничкиот регион. (МЕД).

16. **Проект:** „Влијанието на претприемаштвото врз интернационализацијата на МСП од агрокомплексот“, финансиран од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

17. **Проект:** 2019, РС Македонија. Зачувување на природата во Македонија – фаза 3 - Слив на Брегалница компонента за Натура 2000 подрачја за 2019 година. Фармахем и Македонско еколошко друштво (МЕД).

18. **Проект:** 2019 R.N. Macedonia. “Preparation of a Study for Revaluation of NP Pelister”. "DECONS-EMA" DOOEL Skopje.

19. **Проект:** 05. 2019-03.2020. R.N. Macedonia. “Distribution of fish species from the genus *Romanogobio* in R. Maceodnia - response to changes in the environment”. Ministry of Environment and Physical Planning.

20. **Проект:** 2020. R.N. Macedonia. “VIth Convention on Biological Diversity, indicators of ecosystem services”. "DECONS-EMA" DOOEL Skopje.

21. **Проект:** 2020. R.N. Macedonia. „Зачувување на природата во Македонија – Слив на Брегалница компонента за Натура 2000 подрачја за 2020 година”. Farmahem and Macedonian Ecological Society (MES).

22. **Проект:** 2020 и 2021 во тек: “MONITORING AND CONSERVATION OF ENDEMIC AND ENDANGERED TROUT (*SALMO PERISTERICUS*) IN NATIONAL PARK PELISTER AND PRESPA REGION”, финансиран од Prespa Ohrid Nature Trust (PONT) и BirdLife International / Critical Ecosystems Partnership Fund (CEPF).

23. **Проект:** “Improved data methodology for sustainable management of inland fisheries resources in the West Balkans” TCP/RER/3706, which was launched by the Regional Office for Europe and Central Asia (REU) in 2018. **FAO**

24. **Проект:** 2021 – 2023, „Еколошка состојба на рибната фауна во Белчишко Блато - прелиминарни истражувања“. Носител: ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид. Финансиран и одобрен од Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија.

***3. Листа на научни и стручни трудови:***

1. Драгослав Коцевски, Ирина Маневска, Љубомир Димовски, Љупчо Тошев, Габриела Мицевска. Анализа на пазарот на пилешко месо: 1. Снабденост и цени на оладеното живинско месо, на пазарот во Република Македонија, Зборник на трудови од 3. Меѓународен симпозиум за сточарство, 2007 година.

2. Драгослав Коцевски, Ирина Маневска. Селекција на живата маса на кокошките, релација со фертилитетот. Зборник на трудови од 3. Меѓународен симпозиум за сточарство, 2007 година.

3. Драгослав Коцевски, Владимир Какуринов, Ирина Маневска. Антимикробна активност на препаратот Ropadiar, базиран на есенцијални масла од оригано. Зборник на трудови од 3. Меѓународен симпозиум за сточарство, 2007 година.

4. Мирјана Менковска, Весна Левков, Наташа Ѓорговска, Гоце Цилев, Ирина Ушлиновска. Апликација на брзи методи за детекција на микотоксини кај цереалии. Зборник на трудови од 4. Меѓународен симпозиум за сточарство, 2009 година.

5. Elena Eftimova, Natasha Mateva-Dubrova, **Irina Ushlinovska**, Nikola Pacinovski, Ana Palashevska (2014). Production and economic results of organic goat farm in Gevgelija region. Journal of Hygienic Engineering and design, Vol. 7, pp.186-189.
6.

7. Vasil Kostov, Milica Ristovska, **Irina Ushlinovska** (2011): Ichthyofauna of Kadina River (Republic of Macedonia) - Composition, Abundance and Longitudinal Distribution, Conference on water observation and information system for decision support, 2011. Ohrid.

8. Vasil Kostov, Rodne Nastova, Natasha Gjorgovska, **Irina Ushlinovska**, Julijana Arsovska, Milica Ristovska. First record of common bream Abramis brama (Linnaeus, 1758), introduced to the Vardar river basin, R. Macedonia.. Macedonian Journal of Animal Sciences, Vol. 5 N0 2 pp. 113-118 (2015).

9. Elena Eftimova, Nikola Pacinovski, Tosho Kostadinov, **Irina Ushlinovska**. Economic results of conventional goat farm in Zletovo region. Book of abstracts. VII Internatiolnal Symposium of livestock Production , 14-16 September 2017, Skopje, Macedonia.

10. Vasil Kostov, Milica Ristovska, Julijana Arsovska, **Irina Ushlinovska**, Igor Bojadziev. Origin and distribution of self-sustaining rainbow trout (Onchorhynchus mykkis Walbaum , 1792). Book of abstracts VII Internatiolnal Symposium of livestock Production, 14-16 September 2017, Skopje, Macedonia.

11. Arsovska, J., Ristovska, M., Kostov, K., Slavevska-Stamenkovic, V., Hinikj, J., **Manevska, I.** (2018): Application of osteological characters of postcranial skeleton in taxonomic distinction of the gudgeon species from R. Macedonia. Biosfera, Second Biological Sciences Students' Conference, September, 2018. Ljubljana, Slovenia.

12. Kostov, V., **Manevska I.,** Arsovska, J., Manasievska-Simikj, S. (2021): Должинско-тежински однос и фактор на кондиција на ендемската и загрозена преспанска пастрмка (*Salmo peristericus* Karaman, 1938) од Лева Река, Кранска Река и Брајчинска Река. Macedonian Journal of Animal Sciences, Vol.11, N0 1-2.

## 4. Учество на меѓународни научни конгреси, семинари, работилници и форуми:

- WORLD FOOD CONGRESS, De Moin, Iowa USA 2007;
- Animal nutrition research visit-Faculty of Animal Sciences, Medison, University of Wisconsin USA 2007;
- 6th EUSAIR FORUM of the EU Strategy for the Adriatic and Ionian Region. Pillar I- Blue Growth. Slovenia, Izola, on 11-12 May 2021. “Sustainable Strategies for Blue Growth and Innovation”. Participation with presenation topic titled as: ”*Usage and impact of probiotics added to Carp feed (breaded in cage systems”;*
- FAO Regional Office for Europe and Central Asia, the University of South Bohemia in České Budějovice and Global Change Research Institute of the Czech Academy of Sciences (CzechGlobe). *Online Workshop on Aquatic Ecosystem Conservation and the Sustainable Development Approach to Inland Fisheries Management (21-23 September 2021) - GCP/RER/060/CEH;*
- FAO TCP/RER/3706, онлјан работилница одржана на 24.11.2021 од страна на Регионална кацеларија за Европа и Централна Азија (РЕУ), под наслов: “Good Practices Guideline for Data Collection Systems in Support of Sustainable Inland and Recreational Fisheries in the West Balkans”.

## 5. Активности од поширок интерес

Кандидатката м-р Ирина Маневска поседува и три сертификати за учество на Меѓународен симпозиум за сточарство 2007, 2009 и 2017 година, во организација на УКИМ – Институт за сточарство – Скопје, каде што е дел од организацијата и секретаријатот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија детално и со внимание ја разгледа приложената пријава, со соодветната документација на кандидатката м-р Ирина Маневска и констатира дека таа ги исполнува и ги надминува условите по однос на точките од образложението во овој Извештај. Посебните услови се во согласност со предвидените услови во членовите 12, 15, 24, 26, 27 и 28 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019) и член 170 од Законот за високото образование (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 82/2018 и бр. 178/2021). Имено, согласно со предвидените општи услови од Правилникот, кандидатката има остварено просечен успех од 8,17 на првиот циклус академски студии, како и на вториот циклус академски студии каде што остварениот просечен успех е 10,00. Кандидатката се стекнала со научен степен – магистер по **рибарство** од научната област од која се избира – рибарство. Коавтор е на

11 (единаесет) стручни и научни трудови и публикации, има познавање на англиски јазик на ниво Ц1 со издаден документ кој е пропишан согласно со Правилникот за избор во звања (асистент) и има способност за изведување на соработничка, научна и научноистражувачка дејност, како учесник во 24 научноистражувачки проекти.

Имајќи предвид дека кандидатката учествувала на домашни и меѓународни конгреси, работилници и симпозиуми преку кои ги потврдила своите знаења, вештини и компетенции, особено во областа на рибарството, како и нејзиниот севкупен ангажман во научноистражувачкиот процес во рамките на УКИМ – Институт за сточарство, конкретно во Центарот за рибарство, цениме дека станува збор за мошне солиден работник, трудољубив и продуктивен член на нашата институција.

Според горенаведените мислења и констатации и врз основа на образложението од овој Извештај, а имајќи ја предвид целокупната научноистражувачка и апликативна дејност на кандидатката м-р Ирина Маневска, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Васил Костов, редовен професор при УКИМ – Институт за сточарство, претседател, проф. д-р Родне Настова, редовен професор при УКИМ – Институт за сточарство, член и проф. д-р Весна Левков, вонреден професор при УКИМ – Институт за сточарство, член, со особено задоволство му предлага на Научниот совет на УКИМ – Институт за сточарство, да го усвои овој Извештај/Реферат и да ја избере кандидатката м-р Ирина Маневска во соработничко звање – асистент во научната област рибарство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

_________________________

1. **Проф. д-р Васил Костов,**
   **редовен професор, претседател, с.р.**

_________________________

2. **Проф. д-р Родне Настова,**
   **редовен професор, член, с.р.**

_________________________

3. **Проф. д-р Весна Левков,**
   **вонреден професор, член, с.р.**

**Анекс - Образец 1, согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и бр. 426/2019).**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1. | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **да** |
| 2. | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: РИБАРСТВО | **да** |
| 3. | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и на вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на првиот циклус изнесува 8,17.<br>Просечниот успех на вториот циклус изнесува 10,00. | **да** |
| 4. | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик АНГЛИСКИ<br>2. Назив на документот: УВЕРЕНИЕ бр. 03-1973/2 за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 3.12.2021 година. | **да** |

# РЕЦЕНЗИЈА

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *ВЕСНИКОТ „АЛБАНИЈА“ КАКО ИЗВОР ЗА ПРИЛИКТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА 1897 – 1909 ГОД.* ОД М-Р АЛБНОРА МУСА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ**

На седница на Научниот совет на Институтот за национална историја одржана на 29. 12. 2021 год., а со Одлука бр. 10-313/2 од 29.1.2021 год., бевме избрани за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторскиот труд *Весникот „Албанија“ како извор за приликите во Македонија и Албанија 1897 – 1909 год.* од кандидатката м-р Албнора Муса, во состав: проф. д-р Катерина Тодороска, проф. д-р Ленина Жила, проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова, проф. д-р Фехари Рамадани и проф. д-р Исамедин Азизи, а по прегледувањето на текстот имаме чест да го доставиме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторскиот труд *Весникот „Албанија“ како извор за приликите во Македонија и Албанија 1897 – 1909 год.*, од кандидатката м-р Албнора Муса, содржи вкупно 206 страници, при што ги содржи сите неопходни елементи за ваков труд. Проблемите што ги обработува овој докторски труд се мошне комплексни и значајни. Содржинската поставеност и обработката на прашањата од овој докторски труд се организирани во неколку целини, и тоа: предговор, вовед, четири глави, заклучок и библиографија.

Имено, материјалот започнува со вообичаените предговор и вовед, по што во првата глава насловена ИСТОРИЈАТОТ НА БАЛКАНОТ ВО СТАТИИТЕ ВО ВЕСНИКОТ „АЛБАНИЈА“, кандидатката се задржува на информациите за општествените и политичките прилики во балканските територии кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, особено на улогата на Големите сили и Отоманската Империја во случувањата во Македонија и во Албанија. Во текстот ги бележиме сите значајни случувања од обработуваниот период во однос на меѓународниот став кон Балканот, а посебно кон Македонија и Албанија. Секако, во експликацијата ги среќаваме и влијанијата на овие односи врз секојдневните проблеми во балканските територии во обработуваниот период.

Во втората глава, ВЕСНИКОТ „АЛБАНИЈА“ КАКО ЕХО НА АЛБАНСКАТА ДИЈАСПОРА, кандидатката ја претставува улогата на весникот „Албанија“ во подигнувањето на националната свест кај Албанците во Македонија и Албанија, како и влијанието на весникот „Албанија“ врз другите сопственици на весници и патриоти кои се занимавале со новинарство. При тоа, важно е да се истакне заклучокот на докторантката Албнора Муса дека, имено, весникот „Албанија“ бил еден од водечките весници во албанското новинарство, како со својата критичност во однос на темите кои ги обработува, така и во однос на критичноста кон меѓусебните антагонизми меѓу Албанците во овој период. Поради тоа, овој весник се смета за предвесник на модерното албанско новинарство.

КУЛТУРАТА И ЛИТЕРАТУРАТА ВО ВЕСНИКОТ „АЛБАНИЈА“ е насловот на третата глава во која кандидатката го обработила влијанието на весникот „Албанија“ во процесот на отворање на образовни институции во Албанија и Македонија. По изнесувањето на бројни податоци, по однос на ова прашање, м-р Муса констатира дека Отоманската Империја била крајно инертна кон отворање на секаков вид образовни институции на македонските и албанските територии, пред сѐ, поради сознанието дека на тој начин ќе му се овозможи на домародното население да создаде своја

интелигенција која во следна етапа ќе бара осамостојување од отоманската власт, првично како автономија, а потоа и како целосна државност.

Во поглед на образовните процеси кај албанското население, неминовно е задржувањето на случувањата пред и во текот на Битолскиот конгрес за унифицирање на албанското писмо. Ова прашање кандидатката го има обработено компаративно, соочувајќи ги податоците од објавената документација и литература со темите кои се однесуваат на овој настан во весникот „Албанија“. Согласно со направените обиди за унифицирање на албанското писмо, според кандидатката следел процес за создавање на стандардизиран албански јазик, а во тој процес мошне активно учествувал и сопственикот на весникот „Албанија“ преку бројни објави, анализи и критики кон оние што го кочеле овој процес. Стандардизацијата на јазикот, според м-р Муса, не бил строго затворен процес во рамките на дотогашниот албански јазик. Напротив, во тој процес се забележувало и појавување на позајмици од други јазици, како и внесување на меѓународно прифатени зборови, со кои се збогатувал речникот на интелектуалниот потенцијал кај Албанците. Во таа насока, м-р Муса ја гледа и ја обработува улогата на весникот „Албанија“ во збогатувањето на албанскиот јазик со нови зборови.

Четвртата глава од докторскиот труд кандидатката ја посветува на ОПШТЕСТВЕНИТЕ И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ ВО СТАТИИТЕ ВО ВЕСНИКОТ „АЛБАНИЈА“. Во неа читаме за бројните разлики меѓу Албанците и во Македонија и во Албанија, но и пошироко. Тоа се теми кои во ниту еден весник објавуван во крајот на 19 и почетокот на 20 век, ниту се спомнуваат, ниту се бара решение за нив. Затоа, пак, ваквите разлики кај Албанците можат да се прочитаат во мемоарите или патописните белешки на странски лица кои пропатувале низ Балканот.

На таа тема особено изразени биле разликите меѓу Албанците во однос на религијата. Имено, дел од албанското население ја практикувало христијанската вероисповед, како католици и православни, додека друг дел ја практикувало муслиманската вера. Оттука произлегувале бројни несогласувања меѓу албанското население, за кои, со значителна доза на критичност, било пишувано во статиите во весникот „Албанија“.

Фактот што единствените податоци за несогласувањата меѓу албанското население се забележуваат во објавите на весникот, кој го обработува м-р Муса, покрај освртот на нив, кандидатката ја објаснува и улогата на весникот „Албанија“ во искоренувањето на локалните разлики меѓу Албанците, при што констатира дека поради ставот кон ваквите прашања сопственикот и главен уредник Коница си создал бројни непријатели. Но, историските случувања во подоцнежниот период докажале дека неговиот пристап бил исправен.

Вообичаено, м-р Албнора Муса својот докторски труд го заокружува со заклучок и преглед на користени извори и литература.

**ЗАКЛУЧОК**

Заклучувајќи го нашето видување на докторската теза, истакнуваме дека трудот *Весникот „Албанија“ како извор за приликите во Македонија и Албанија 1897 – 1909 год.*, од кандидатката м-р Албнора Муса, обработува тема која како целина досега не е историографски обработена ниту во македонската, ниту во албанската историографија. При тоа, кандидатката сериозно ги експлицира поставените проблеми и прашања, коментира одредени состојби и дава свои ставови во однос на некои од нив. Исто така, ползувајќи се со оригиналната содржина на весникот „Албанија“, потоа необјавена и објавена архивска документација, како и парцијалните трудови објавени во литературата, м-р Муса во докторскиот труд презентира одредени податоци кои за прв пат се среќаваат во научната литература. При користењето на литературата, се консултирала и со трудови од странски автори кои имаат поинаков пристап и оценка на проблематиката и коментира во однос на нив. Од податоците во објавената литература може да се заклучи дека современиците на настаните, од крајот на 19 и почетокот на 20 век, како автори, претежно биле ориентирани и пишувале со одредени политички тенденции кои, пред сè, биле афирмативни за албанското секојдневие во обработуваниот период, со цел да ја оправдаат политиката на Отоманската Империја во однос на албанското прашање во Албанија и Македонија. Од нив, мал број автори ја прикажуваат реалната слика на состојбата, што не е случај со пишувањата во весникот „Албанија“.

Докторскиот труд *Весникот „Албанија“ како извор за приликите во Македонија и Албанија 1897 – 1909 год.*, од кандидатката м-р Албнора Муса, претставува прв труд кој се осврнува на гореспомнатите теми со исклучителна критичност во која се чувствува сериозното познавање на темата што се обработува. Во тој контекст, слободни сме да истакнеме дека пред себе имаме сериозно сработена докторска теза која нуди многу нови сознанија за научната јавност.

Врз основа на горереченото, имаме чест на Научниот совет на Институтот за национална историја да му го доставиме нашиот извештај и да замолиме да се продолжи натамошната процедура до одбрана на докторскиот труд *Весникот „Албанија“ како извор за приликите во Македонија и Албанија 1897 – 1909 год.* од кандидатката м-р Албнора Муса.

25.1.2022 год.,
Скопје

**К О М И С И Ј А**

**Проф. д-р Катерина Тодороска, с.р.**
**Проф. д-р Ленина Жила, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова, с.р.**
**Проф. д-р Фехари Рамадани, с.р.**
**Проф. д-р Исамедин Азизи, с.р.**